Република Македонија
Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје
Економски Факултет

ШКОЛА ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ
Студиска програма: Економски науки
Трет циклус студии

Кандидат:

**м-р Есфер Алији**
Индекс: 17

# СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ И СОЦИО-ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ОД РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

(докторска дисертација)

***

# FOREIGN DIRECT INVESTMENT AND SOCIO-ECONOMIC DEVELOPMENT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA: WITH SPECIAL ATTENTION ON INVESTMENTS FROM THE REPUBLIC OF TURKEY

(doctoral dissertation)

Ментор:

**проф. д-р Љубомир Кекеновски**

Скопје, 2017

# АПСТРАКТ

Целта на ова истражување е, врз основа на теоретските пристапи и практичните искуства како и врз основа на емпириските анализи, да се дојде до општи констатации за постојната состојба со СДИ во земјава, за влијанието на СДИ врз социо-економскиот развој и изнаоѓањето соодветни решенија за зголемувањето на СДИ во Република Македонија, со посебен осврт на инвестициите од Република Турција. Поради специфичноста на целите на истражувањето, за реализацијата на целите што се поставени пред оваа докторска дисертација, се користени: економетриско-статистички методи, студијата на случај, компаративниот пристап, методата на анализа и синтеза и други.

Генералните резултати од направеното истражување покажуваат дека економската соработка помеѓу Република Македонија и Република Турција е интензивна и активна во повеќе сегменти, а посебно во однос на СДИ. Анализата покажа дека турските инвестиции имаат позитивно директно влијание врз вкупниот износ на СДИ во земјата, врз економската активност и вработеноста, додека силно индиректно влијаат врз стандардите за работа, користењето нови технологии, менаџирањето со човечките ресурси, зголемувањето на ефикасноста и ефективноста во имплементирањето на проектите итн. Иако растот на СДИ и економската соработка бележат значаен тренд на раст во последната декада, детектиравме дека сè уште остануваат сектори и сегменти во македонската економија, каде што постојниот потенцијал за соработка не е искористен, што претставува солидна основа за понатамошни анализи и истражувања.



***Клучни термини:*** странски директни инвестиции, социо-економски развој, Република Македонија, Република Турција.

## ABSTRACT

The objective of this research is based on theoretical approaches and practical experiences, as well as based on an empirical analysis, to gain general insights about the current state pertaining to the FDI in the country and their impact on the socio-economic development, as well as finding relevant solutions for increasing the FDI in the Republic of Macedonia, and with particular emphasis on the investments from the Republic of Turkey. Having in mind the specifics of the research objectives, and with reference to the realization of the doctoral thesis objectives, econometric-statistical methods, a case study, a comparative approach, an analysis and synthesis method, etc. have been used.

The general findings from the conducted research indicate that the economic cooperation between the Republic of Macedonia and the Republic of Turkey is intensive and active in a number of segments, and in particular concerning the FDI. The analysis indicated that the Turkish investments have a positive impact on the overall volume of FDI in the country and on the economic activity and employment alike. Moreover, they have a pronounced indirect impact on the work standards, use of novel technologies, human resources management, increase in efficiency and efficacy in project implementation, etc. Even though the increase in FDI and in the economic cooperation have been significantly pronounced in the course of the past decade, we have come to the conclusion that there are still certain sectors and segments in the Macedonian economy where the existing potential for cooperation has not been utilized, which in turn represents a solid basis for further analyses and research.



***Keywords:*** Foreign Direct Investment, Socio-Economic Growth, Republic of Macedonia, Republic of Turkey.

# СОДРЖИНА

**АПСТРАКТ** ........................................................................................................ **3**

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** ........................................................................................ **7**

**ВОВЕД** ……………………………………………………………………………..**8**

**Глава 1 –Теориски аспекти за странски директни инвестиции (СДИ)** .......................... **10**

1.1. Дефиниција на странските директни инвестиции........................................................10

1.2. Видови и теоретски аспекти на странските директни инвестиции .............................12

1.3. Значење и ефекти од странските директни инвестиции...............................................27

1.4. Мотивите и детерминантите на странските директни инвестиции.............................30

1.5. Странските директни инвестиции и социо-економскиот развој .................................31

**Глава 2 - Трговски и економски односи помеѓу Република Македонија и Република Турција** .......................................................................................................... **33**

2.1. Правна основа на трговските и економските односи помеѓу Република Македонија и Република Турција ..................................................................34

2.1.1. Комуникација, договори, стопански комори .....................................................34

2.2. Развојот на економската соработка по потпишувањето на договорите помеѓу Република Македонија и Република Турција ..............................................................38

2.2.1. СДИ во Република Македонија низ броеви ........................................................38

2.2.1.1. СДИ од Република Турција во Република Македонија .........................48

2.2.2. Надворешната трговија на Република Македонија низ броеви .........................54

2.2.2.1. Трговската размена на Република Македонија со Република Турција 58

**Глава 3 – Трговски и економски односи помеѓу Република Македонија и Република Турција: компарација со Република Грција и Холандија ............................... 64**

3.1. Странски директни инвестиции ........................................................................ 65

3.2. Надворешна трговија ......................................................................................... 67

**Глава 4 - СДИ и социо-економските ефекти во Република Македонија со посебен осврт врз инвестициите од Република Турција ................................................ 70**

4.1. Прилив на странски директни инвестиции ........................................................ 70

4.1.1. Структура на СДИ ........................................................................................ 70

4.1.2. Секторски пристап на СДИ ........................................................................ 72

4.1.2.1. Градежништво ......................................................................................... 80

4.1.3. ДТИРЗ – Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони .................. 84

4.2. Влијанието на СДИ врз социо-економскиот развој ........................................... 87

4.2.1. Економски причини за СДИ ........................................................................ 88

4.2.1.1. Односот трошок-корист (Cost Benefit) ........................................................ 88

4.2.1.2. Директни ефекти ....................................................................................... 91

4.2.1.3. Регресивна и VAR-анализа на ефектите од СДИ врз економската активност ........................................................................................................ 97

4.2.1.4. Индиректни ефекти .................................................................................. 105

4.2.2. Неекономски причини за СДИ ..................................................................... 106

4.2.2.1. Препознавање на заедничките економски и културни вредности и традиции ............................................................................................................ 108

4.2.2.2. Етничките малцинства како мост за подобрувањето на економската размена ............................................................................................................ 111

**5. ЗАКЛУЧОК................................................................................................................ 112**

5.1. Генерални ефекти од турските инвестиции во Република Македонија....................112

5.2. Можности и препораки за поефективно партнерство ..............................................114

**Табели** ……………...........................................................................................................................119

**Графикони** ....…..............................................................................................................................120

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ....................................................................................... 121**

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АВРМ | Агенција за вработување на Република Македонија |
| СДИ | Странски директни инвестиции |
| M&A | Спојувања и аквизиции (merger & acquisition) |
| БДП | Бруто-домашен производ |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ММФ | Меѓународен монетарен фонд (IMF) |
| ЕУ | Европска Унија |
| УНКТАД | Конференција на Обединетите нации за трговија и развој UNCTAD (United Nations Industrial Development Organization) |
| СТО | Светска трговска организација |
| СБ | Светска банка (World Bank) |
| ТИРЗ | Технолошки индустриски развојни зони |
| НБРМ | Народна банка на Република Македонија |
| МНК | Мултинационални компании |

# ВОВЕД

Странските директни инвестиции (СДИ) имаат значајно влијание врз економскиот успех на многу земји кои остварија динамичен економски раст и зголемување на вработеноста. Во Република Македонија стапките на домашното штедење и на инвестициите се ниски и недоволни за остварување на подинамичен економски раст. Од друга страна, задолжувањата кај кредиторите (интернационални и домашни) не се прифатливи поради лимитираните буџетски можности за сервисирање на надворешниот долг на среден рок. Покрај недоволниот износ на штедење, тука се наоѓаат и потребите на македонската економија за нови технологии и знаење, како и освојувањето на новите пазари, што претставува посебен предизвик за домашните економски субјекти. Истовремено, динамизацијата на економската активност бара зголемен износ на инвестициите, при што, имајќи ги предвид претходно наведените причини, се очекува тие да се реализираат преку привлекувањето на странските директни инвестиции како долгорочен извор и катализатор на економската активност во земјава. Со тоа, решението за промовирање на СДИ за земјите каква што е Република Македонија станува многу логично.

Целта на ова истражување е, врз основа на теоретските пристапи и практичните искуства, да се дојде до општи констатации за влијанието на СДИ за социо-економскиот развој и да се најдат соодветни решенија за зголемување на СДИ во Република Македонија, со посебен осврт на инвестициите од Република Турција.

Методолошкиот приод на истражувањето е интегрален, што подразбира комбинирање повеќе методи. Поради специфичноста на целите на истражувањето, за реализацијата на целите кои се поставени пред оваа докторска дисертација, се користени економетриско-статистички методи, студијата на случај, компаративниот пристап, методата на анализа и синтеза и други.

За да се образложат и за да се истражат тезите на предложената тема, покрај вовед и заклучни согледувања, структурирани се следните четири дела. Во првиот дел се анализирани странските директни инвестиции (дефиниција, видови и теориски аспекти) и нивната улога и значење во една мала и отворена економија каква што е Република Македонија. Во вториот дел, предмет на обработка се трговските и економските односи

помеѓу Република Македонија и Република Турција, каде што се анализира правната рамка на трговските и економските односи и развојот на економската соработка меѓу двете земји, по потпишувањето на договорите. Во третиот дел се прави компарација на економските односи со Република Грција и Холандија со нашата земја. Сето тоа, ставено во контекст на компарација со актуелните економски резултати што ги имаме со Република Турција. Четвртиот и централен дел ќе биде посветен на СДИ и социо-економските ефекти, со посебен осврт на инвестициите од Република Турција. Во овој дел се анализираат приливот на странските директни инвестиции, структурата и секторскиот пристап на СДИ во Република Македонија. Имајќи го предвид силниот и релативно брз ефект на (странските како и на домашните) инвестициите во градежниот сектор врз целокупната економска активност на земјата, нашиот труд во овој дел, преку една анализа на случај, го насочуваме точно во таа насока. Тргнувајќи од оваа идеја и имајќи предвид дека *анализите во оваа сфера, во Република Македонија, речиси и да не постојат*, во овој централен дел на трудот, ги структурираме и како еден економетриско-статистички модел.

Генералните резултати од направеното истражување покажуваат дека економската соработка помеѓу Република Македонија и Република Турција е интензивна и активна во повеќе сегменти, а посебно во однос на СДИ. Анализата покажа дека турските инвестиции имаат позитивно директно влијание врз вкупниот износ на СДИ во земјата, врз економската активност и вработеноста, додека силно индиректно влијаат на стандардите за работа, користењето нови технологии, менаџирањето со човечките ресурси, зголемувањето на ефикасноста и ефективноста во имплементирање на проектите итн. Иако растот на СДИ и економската соработка бележи значаен тренд на раст во последната декада, детектиравме дека сѐ уште остануваат сектори и сегменти во македонската економија, каде што постојниот потенцијал за соработка не е искористен, што претставува солидна основа за понатамошни анализи и истражувања.

# Глава 1 –Теориски аспекти за странските директни инвестиции (СДИ)

Во меѓународната економија, долгорочно гледано, расте значењето на меѓународното движење на капиталот. На странските директни инвестиции (СДИ) се гледа како на еден од носителите на современата економска глобализација. Исто така, повеќето земји сметаат дека СДИ е витален извор за нивниот економски развој. Ако се следи поновата историја, државите во светот, по Втората светска војна, започнуваат да ги осознаваат теоријата и практиката на странските директни инвестиции. Особено, од шеесеттите години на минатиот век, настанува промена во меѓународната економија, при што странските директни инвестиции, мултинационалните компании и другите модели на меѓународна соработка, почнуваат да добиваат сѐ поголемо значење. Од 1957 година, со основањето на Европската Унија (ЕУ), се доживува многу брз пораст на странските директни инвестиции. Растот продолжува во осумдесеттите, со акцент на трговијата и новите нафтени пазари, а особен поттик доаѓа во деведесеттите, со распаѓањето на Советскиот Сојуз и отворањето на новите пазари во Источна Европа. Така, со забрзаниот технолошки трансфер и неопходните идеолошки/политички промени, се засили процесот на глобализација кој ги доближи националните економии и ги укина затворените економски модели.

## 1.1. Дефиниција на странските директни инвестиции

Етимолошко потекло на поимот „инвестиции“ води потекло од латинскиот израз „Investicio“ (инвестицио) кој има двострано значење. Првото, со коешто ги искажуваат паричните вложувања за создавање конкретни реални добра и, второто, коешто го искажува конкретното добро во физичка смисла, кога тоа се наоѓа во процес на создавање. Во теориската литература сѐ уште не постои универзално прифатена дефиниција за странски директни инвестиции. Според концептот на УНКТАД[1]; *СДИ претставуваат инвестирање на долг рок што воспоставува контрола од еден субјект од националната економија или формирање филијала на еден субјект од една во друга национална економија.* Според

[1] UNCTAD, *World Investment Report 2015*: http://unctad.org/en/PublicationChapters/wir2015chMethodNote_en.pdf

дефиницијата што ја користи ММФ[2], *директните инвестиции се категорија на меѓународни инвестиции која ја отсликува целта на резидентната фирма од една економија да стекне долгорочен интерес во фирма која е резидент во друга економија*.

Странските директни инвестиции се посебен вид странски капитал што е различен од домашните инвестиции. Фу (Fu) тврди дека тој не вклучува заемен капитал, обезбеден од меѓународните организации, странските влади или од приватните комерцијални банки, ниту, пак, автоматски вклучува портфолио инвестиции, како, на пример, акции и обврзници купени од странци. Она што ја прави инвестицијата „директна", за разлика од другите форми на странски капитал, е концептот на менаџерска контрола врз претпријатието во кое учествува странскиот капитал.[3]

Во законите на Република Македонија, дефиницијата на СДИ е опишана како вложувања, со кои инвеститорот има намера да воспостави *трајна економска поврзаност* и/или да оствари *право на управување* со трговското друштво или другото правно лице во кое инвестира. Како директни инвестиции се сметаат: 1) Основање трговско друштво или зголемување на основната главнина на трговското друштво во целосна сопственост на инвеститорот, основање подружница или стекнување целосна сопственост над постојното трговско друштво; 2) Учество во новоформирано или веќе постојно трговско друштво, ако инвеститорот со тоа поседува или се здобива со повеќе од 10% учество во основниот капитал на трговското друштво, односно повеќе од 10% од правото на одлучување; 3) Долгорочен заем со период на достасување од 5 и повеќе години, кога се работи за заем од инвеститорот и кој е наменет за трговско друштво во негова целосна сопственост и 4) Долгорочен заем со период на достасување од 5 и повеќе години, кога се работи за заем наменет за воспоставување трајна економска поврзаност и ако е даден меѓу економски поврзани субјекти.[4]

---

[2] ММФ (IMF), *Balance of Payments and International Investment Position Manual* (BPM6)- sixth edition Washington, D.C.: International Monetary Fund, 2009: https://www.imf.org/external/pubs/ft/bop/2007/pdf/bpm6.pdf
[3]Fu, J. (2000). Institutions and Investments: *Foreign Direct Investment in China during an Era of Reforms,* U.S, University of Michigan Press, стр. 95-96.
[4]НБРМ: Закон за девизно работење, 2013. http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/WebBuilder_Zakon_za_devizno_rabotenje_SVnaRM188_2013.pdf

## 1.2. Видови и теоретски аспекти на странските директни инвестиции

Странските приватни инвестиции влегуваат во националната економија на два начина: како директни инвестиции и како портфолио инвестиции.

Графикон 1.1 Видови СДИ




Извор: Hofmann, P.: *The Impact ofInternational Trade and FDI on Economic Growth and Technological Change*, Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2013, стр.24.

Најзначајните теории за инвестициите истражуваат за да се одговори на следното прашање: зошто фирмите (пред сѐ, мултинационалните компании) инвестираат во странство како директни инвеститори? Компаративните предности на странските фирми над домашните, анализата на специјалните карактеристики кои ги прават странските фирми конкурентни, дистинкцијата меѓу хоризонталните и вертикалните СДИ, теоријата на интернационализацијата и еклектичната теорија, се меѓу најзначајните теории за СДИ. За најпрегледна класификација е прифатена онаа која ги распоредува теориите за СДИ во следните групи: теории на пазарно-мотивирани СДИ, ресурсно-мотивирани СДИ, СДИ во потрага на производствена ефикасност, СДИ ориентирани кон нови знаења, СДИ ориентирани кон поповолна бизнис-клима.[5]

---

[5]Академската литература за странските директни инвестиции е огромна и е истражувана повеќепати. За повеќе детали околу истражувањата на детерминантите, ефектите, ефикасностите и емпириските наоди на СДИ, види: Caves (1996), Blomström and Kokko (1998), Hanson (2001), Lipsey (2002), Alfaro and Rodríguez-Clare (2004),

Во современите теории, наместо компаративните предности да се дефинираат од аспект на одделните нации, се дефинираат од аспект на нивните фирми. Нациите не се тие кои настапуваат на меѓународниот пазар туку *активните субјекти* во оваа сфера се нивните фирми. Тие се носители на севкупните меѓународни економски движења. Затоа наместо компаративните предности да се дефинираат од аспект на одделните нации, треба да се дефинираат од аспект на нивните фирми.

Во раните фази на капитализмот, економистите го согледаа движењето на капиталот внатре, во границите на националната економија. Во периодот непосредно по Втората светска војна, меѓународното производство заземаше мал дел од меѓународните односи, а вниманието беше насочено кон меѓународната трговија. Од 1960-тата година, феноменот на транснационалните корпорации и СДИ почна да добива сѐ поголемо значење. Адам Смит и Давид Рикардо се првите теоричари кои говорат дека основниот мотив што му дава поттик на меѓународното движење на приватниот капитал е разликата во висината на националните профитни стапки. Меѓутоа, тие не ја согледаа причината, што ја условува оваа разлика. За прв обид да се објаснат странските директни инвестиции, се смета теоријата на компаративните предности на Давид Рикардо. Сепак, странските директни инвестиции не може да се објаснат со оваа теорија, која се базира на два земји, два производа и на совршена мобилност на факторите на локално ниво. Моделот не успева, бидејќи теоријата објаснува постигнување во портфолио странски инвестиции, но не може да се објаснат директните инвестиции. Според теоријата, како што долго не постојат ризик или пречки во насока на движењето на капиталот, капиталот ќе оди од земјите со ниски каматни стапки, во земјите со високи каматни стапки. Но овие тврдења немаат никаква основа во реалноста, како и воведувањето ризик и бариери за движење на капитал еродира веродостојноста на теоријата и капиталот може слободно да се движи во која било насока. Иако повеќе реални, нови теории на меѓународната трговија сѐ уште не можат да ги сфатат целата комплексност на СДИ и другите форми на меѓународното производство. Новите теории за меѓународната трговија, сѐ уште не можат да ги објаснат директните и другите странски форми на меѓународните инвестиции[6]. Ако се враќаме назад, Роберт Мандел се обиде да ги објасни

---

Barba -Navaretti and Venables (2004), Görg and Greenaway (2004), Moran (2007), Alfaro, Kalemli-Ozcan and Sayek (2009), and Harrison and Rodríguez-Clare (2009).

[6] Hosseini H. (2005): *An economic theory of FDI: A behavioural economics and historical approach,*

СДИ преку моделот на меѓународната трговија, вклучувајќи две земји, два производа, два производни фактори и два идентични производствени функции и во земјите, каде што производството на добра бара поголем процент на фактор од друго. Ниту еден модел не може да го објасни меѓународното производство преку СДИ, бидејќи странските инвестиции беа инкорпорирани во портфолио инвестиции или во краткорочни инвестиции[7].

Џон Стјуарт Мил е еден од предвесниците на теоријата за мобилноста на факторите за производство. Разгледувајќи го меѓународното движење на капиталот, тој заклучува дека основната причина што ја предизвикува оваа појава е тенденцијата на *опаѓање на профитната стапка* во економиите зафатени од индустриската револуција. Извозот на капитал овозможува да се префрли во странство токму оној негов дел што е отповеќе во економијата.

Маркс го продлабочи и го заокружи учењето на класичната економска мисла. Според Маркс, капиталот не се праќа во странство, затоа што не можел да се ангажира во земјата. Тој се праќа во странство, зашто таму може да *се ангажира со повисока профитна стапка*.[8] Додека Ленин јасно става на знаење дека извозот на капитал не потекнува од неговата апсолутна хиперпродукција, туку, напротив, станува збор за релативно дополнителен капитал.

Општо гледано, неокласичната теорија за меѓународното движење на капиталот поаѓа од следниве три констатации:

- регулирање на продуктивноста на капиталот по пат на извоз на дополнителниот капитал во странство,
- меѓународното движење на факторите на производство се третира како замена за меѓународната трговија со стоки,
- меѓународното движење на капиталот претставува атрибут на слободната трговија.[9]

---

The Journal of Socio-Economics, 34, 530-531.

[7] Mundell, R.A. (1957): *International Trade and Factor Mobility.* The American Economic Review, Vol.47, No.3.

[8] Маркс, К (1974).: *Capital (1893)*, Vol.II, Lawrance and Wishart, London.

[9] Mill, J. St. (1904): *Pricipals of Political Economy with their Application to Social Philosophy*, London.

Понатамошниот развој на неокласичната теорија за извозот на капитал се разви во рамките на теоријата за меѓународната трговија од страна на Шведската школа, од којашто најпознати нејзини претставници се Ф. Е. Хекшер и Б. Олин.

Хекшер изврши големо влијание врз развојот на економската мисла со дефинирањето на дејството на тенденцијата во меѓународната различност на цената на факторите на производството и на стоките воопшто.[10]

Оваа идеја понатаму ја презема и ја развива Олин. Според него, нееднаквоста на односите на вредноста на факторите на производство претставува нужност во меѓународната трговија. Според Олин, меѓународната теорија со стоки и извозот на капиталот стојат во обратнопропорционален однос – проширувањето на едното, води кон кратење на другото. Додека Мил и Кејнс сметаат дека само дополнителниот капитал се извезува, Олин смета дека масата на капиталот расположлива за извоз е исто што и вкупниот фонд на акумулација на националната економија.[11]

Иверсен со своето учење ја надополнува теоријата на Хекшер и Олин. Според Иверсен, движењето на капиталот од земјите, каде што неговата регионална продуктивност е ниска, во земја каде што таа е висока, означува поефикасна комбинација на производствените агенси и зголемувањето на националниот доход на двете земји.[12]

Кејнз го сфаќа извозот на капитал како средство за финансирање на дополнителниот стоков извоз. Ставот на Кејнз е јасен и гласи: „Можноста за инвестирање дома ќе зависи од висината на интересната стапка во земјата. Големината на странските инвестиции неизбежно се определува од размерите на поволното салдо на трговскиот биланс“.[13] Надградувањето на оваа мисла од страна на претставниците на неокејнзијанските теории нема единствен концепт. Тука се разликуваат 3 концепти и тоа од Махлуп, Харод и Домар. Заедничките карактеристики на овие концепти се: динамична анализа на меѓународното движење на капиталот, меѓусебна поврзаност на тековите на приватниот капитал со

---

[10] Yilmaz, Ş. E. (1992): *Dış Ticaret Kuramlarının Evrimi,* Gazi Üniversitesi Yayın No:178, İ.İ.B.F. Yayın No: 57, Ankara.
[11] Ohlin, B. (1967), *Interregional and International Trade*. Revised Edn., Cambridge (Mess).
[12] Iversen, C. (1935), *Aspects of the Theory of International Capital Movements*, Copenhagen London.
[13] Keynes, J.M. (1961), *The General Theory of Employment, Interest and Money, (1929),* Macmillan.

состојбите во трговскиот и билансот на плаќања, заеднички ставови за точката на ’зреење‘ и експанзијата на производството.

Во поново време, јапонските истражувачи Кожима и Озава се обиделе да создадат модел за да ги објаснат и меѓународната трговија и странските директни инвестиции. Почнаа од моделот развиен од Мандел и се обидоа да го развијат и да го подобрат. Така, во моделот развиен од страна на двајца јапонски истражувачи, СДИ се случува, ако една земја има компаративен недостаток во производството на производи, додека меѓународната трговија е врз основа на компаративната предност.[14]

***Современи теоретски модели за движењето на СДИ***

Особено силно влијание има класичната либерална концепција заснована на теоријата на апсолутните предности на нациите, а потоа на теоријата на компаративните предности на нациите. Таа започнува со Смитовата теорија за апсолутната предност на нацијата во оние производства каде што таа има најниски трошоци. Ова понатаму го надополнува Рикардо со теоријата за *релативна компаративна предност* на нацијата во која централното место им е дадено на разликите во времетраењето на одделни видови производства меѓу одделните нации како клучен фактор што го определува нивното место во меѓународната размена. На крај, сето ова е заокружено со Хекшер-Олиновата теорија, заснована на идејата за техничко-технолошката еднаквост меѓу нациите. Разликите произлегуваат од изобилството на одредени фактори на производството – труд, земја, природни богатства и капитал. Компаративната предност нациите ја добиваат онаму каде што може максимално да ги употребат оние фактори на производство што ги имаат во изобилство.

Меѓутоа, овие теории не можат веќе да дадат задоволително објаснување за современите видови и правци на тековите на меѓународните економски односи, бидејќи тргнуваат од претпоставките што денес, очигледно, се далеку од реалноста. Имено, тие не само што ги предвидуваат постојните технолошки разлики меѓу нациите туку не ги земаат предвид ниту економиите од обем, ниту диференцираните производи што настануваат како резултат на современите технолошки постапки и кои меѓусебно квалитативно се

[14] Kojima, K., Osawa, T. (1984), *Micro and macro-economic models of foreign direct investment*. Hitosubashi Journal of Economics.

разликуваат. Освен тоа, факторите на производство во една национална економија ги третираат како дадени, фиксни и надвор од територијата на дадената земја, неподвижни.

Денес, како на национално ниво така и на меѓународно ниво, на странските директни инвестиции како предмет на дебата им се посветува сѐ повеќе внимание.

Постојат многу теоретски трудови во кои се истражуваат странските директни инвестиции, а главните истражувања за мотивите во основата на СДИ беа развиени од страна на Данинг, Химер или Вернон. Економистите веруваат дека странските директни инвестиции се важен елемент на економскиот развој во сите земји, особено во оние земји што се во развој.

**Основната поделба на теориите за СДИ е во две категории:**
**микрофинансиски теории (општа теорија за индустриска организација) и*
**макрофинансиски теории (теории на трошоците на капиталот).*

***Микроекономските теории*** се со постар датум во теоретската литература за странските директни инвестиции. Овие теории се обидуваат да ги објаснат мотивите за инвестициите преку националните граници (проширување во странство) од аспект на инвеститорот. Во микротеориите, секое странско директно вложување примарно се решава во рамките на претпријатието, а исто така, теориите се фокусираат на несовршеноста на пазарите и на желбата на мултинационалните компании да ја прошират нивната монополистичка моќ.[15] Микроекономската гледна точка, исто така, ги проучува последиците за инвеститорите, за матичната фирма и за земјата-домаќин од операциите на мултинационалните компании, наместо инвестициските движења и состојби.[16]

***Макроекономските теории*** се со понов датум во теоретската литература за странските директни инвестиции. Со порастот на СДИ и првите истражувања на нивните ефекти врз економскиот раст, вработеноста, платниот биланс и слично, се јавија макроекономските анализи за СДИ, при што не се истражуваат само макроекономските импликации во земјата

[15] Caves, Richard E. (1971), *International Corporations: The Industrial Economics of Foreign Investment*, p.1-27.
[16] Lipsey, Robert E. (2001), *Foreign Direct Investment and the Operations of Multinational Firms: Concepts, History and Data*. NBER Working Paper No.8655, Cambridge MA.

домаќин на СДИ, туку и ефектите во матичната земја, од каде што потекнува странскиот инвеститор.

Според друга, подетална поделба, теориите за СДИ може да се класифицираат во зависност од пазарната структура во која дејствуваат МНК:

1. Теории кои претпоставуваат совршено конкурентни пазари,
2. Теории кои претпоставуваат монополски или олигополски (имперфектни) пазари,
3. Теории за интернализација на екстерните економии и
4. Еклектичка теорија.

**1.Теории кои претпоставуваат совршено конкурентни пазари**

Раните дела со теоријата на СДИ можат да се следат во работата на МекДоугал (MacDougall, 1958), чијшто модел се воспоставува врз основа на претпоставките на совршено конкурентни пазари. Неговата теорија потоа била елаборирана од страна на Кемп (Kemp, 1964). Под претпоставката дека моделот на двете земји и цените на капиталот се еднакви на маргиналната продуктивност. МекДоугал и Кемп заедно изјавуваат дека кога би имало слободно движење на капитал од земјата инвеститор во земјата домаќин, маргиналната продуктивност на капиталот има тенденција да биде изедначен помеѓу двете земји. Тие откриле дека по инвестициите, аутпутот на земјата инвеститор паѓа без намалување на националниот доход на земјата. Тоа е така, затоа што, на долг рок, земјата инвеститор добива поголеми приходи од своите инвестиции во странство.

Теориите што ги објаснуваат меѓународните инвестиции на сличен начин, може да се најдат во делата на Симпсон (Simpson, 1962), Франкел (Frankel, 1965), Пирс и Рован (Pearce и Rowan, 1966) и Кавес (Caves, 1971). Сепак, факт е дека во светот, карактеризиран со совршена конкуренција, СДИ не би постоеле (Kindleberger, 1969). Всушност, некакви видови нарушувања мора да бидат таму, за да се обезбеди остварување на директните инвестиции. Химер (1976), кој беше првиот што укажа на ова, во 1960-тата година, ја развил

својата теорија врз основа на несовршениот пазар. Други, пак, го следеа примерот.[17] Ова е дискутирано во следниот дел.

Теориите кои претпоставуваат совршено конкурентни пазари, ги опфаќаат различните стапки на принос, диверзификацијата на портфолиото на инвестиционите проекти и очекувањата за девизниот курс.

Теоријата *на диференцијалните стапки на принос* ги зема различните стапки на принос меѓу земјите како причина за меѓународното движење на капиталот. СДИ се јавуваат единствено кога земјите се разликуваат во расположливоста на факторите на производството, а пред сѐ, фондот на капиталот.

Теоријата на *диверзификацијата на портфолиото на инвестиционите проекти* ја надополнува претходната теорија, преку вклучување на ризикот во инвестиционото одлучување.

Теоријата *на очекувањата за девизниот курс* е истражувана од страна на Алибер, Фрут и Стеин и Кејвс (Aliber, Froot и Stain, и Caves). Според оваа теорија, приливи на СДИ ќе има, доколку се очекува депрецијација на девизниот курс во земјата и обратно. Исто така, СДИ силно реагираат на очекуваните промени на девизниот курс.

И покрај фактот дека голем број истражувачи се обиделе да го објаснат феноменот на странските директни инвестиции, ние не може да кажеме дека е прифатлива некаква општа теорија. Но, според Киндлбергер (1969), сите се согласуваат во едно, во еден свет карактеризиран со совршена конкуренција, странските директни инвестиции нема долго да постојат.

Така, ако пазарите работат ефикасно и не постојат бариери во однос на трговијата или конкуренцијата, меѓународната трговија е единствениот начин за учество на меѓународниот пазар. Мора да има форма на нарушување што ја одредува реализацијата на директните инвестиции, а Химер беше првиот кој го забележал ова. Тој верува дека секогаш, локалните фирми ќе бидат подобро информирани за локалната економска средина и, за да се реализираат странските директни инвестиции, неопходни се два услова:

[17] Nayak, D. and Rahul N. C. (2014): *A selective review of foreign direct investment theories*. ARTNeT Working Paper Series No. 143, Bangkok, ESCAP.

- странските фирми мора да поседуваат одредени предности кои им дозволуваат таквите инвестиции да бидат остварливи;
- пазарот со овие бенефиции мора да е несовршен (Kindleberger, 1969).

Во реалноста, повеќето пазари се имперфектни, па оттаму, во вакви услови, се јавуваат следните поинакви гледишта како објаснување на СДИ.

## 2. Теории кои претпоставуваат монополски или олигополски (имперфектни) пазари

Прва систематизирана презентација на оваа теорија направил С. Х. Химер[18], а пред тоа, почетни теориски погледи направил П. Киндлбергер.[19] Оваа теорија поаѓа од ставот дека фирмите што инвестираат во странство имаат монополистички предности, што им овозможува да воспостават свои единици (филијали) во странство кои попрофитабилно би работеле отколку локалните фирми. Монополистичките предности на фирмите се однесуваат на две главни теории: располагање со **суперирорно знаење** и **економијата на обемот**. Супериорното знаење ги вклучува сите видови невидлива актива содржана во знаењата и вештините што овозможуваат конкурентски предности: технологија, ’ноу хау‘, менаџмент, организациски вештини, маркетиншки вештини и слично. Монополистичките позиции овозможуваат контрола на користењето на овој вид актива, која се трансформира во продукти со диференцијални предности. Економијата на обемот, исто така, може да помогне во објаснувањето на СДИ. Во услови на постоење конкуренција во матичната земја, или во олигополска ситуација во некоја индустрија, а кога економијата на обемот не може да се постигне со инвестирање во матичната земја.[20]

Во објаснувањето оваа теорија се разликуваат **хоризонтални** *(технолошки интензивни индустрии*) и **вертикални** (*базични индустрии и за рударство*) странски инвестиции.

Данинг, во 1977-та година, го разви OLI-пристапот за мултинационалните корпорации, тврдејќи дека, со цел да се здобијат со филијали во странство, фирмите треба да имаат три

[18] Во книгата: „The International Operations of National Firms“, Cambridge, MIT Press, 1976.
[19] Во: „American Bussiness Abroad“, New Haven, Conn.: Yale University Press, 1969.
[20] Несторовски, М. (2010).

вида предности: сопственост, локација и интернализација. Подоцна, овој неформален пристап беше заменет со подетално моделирање на МНК, вклучувајќи ги и нивните одлуки да се ангажираат во хоризонтални СДИ, вертикални СДИ и комплексни интеграциски стратегии. Во оваа класификација, хоризонталните СДИ се однесуваат на ситуации во кои се стекнува странска подружница, со цел таа да му служи на пазарот на земјата-домаќин; вертикалните СДИ се однесуваат на ситуации во кои се стекнува странска подружница со цел таа да произведе инпути за сопствените потреби; и комплексни интеграциски стратегии за загриженост, ситуации во кои одлуките на еден странски пазар, преку подружница, продажбите се потпираат на вертикални СДИ (по можност на различна земја) кои даваат евтини инпути.[21]

Оваа теорија го објаснува формирањето на МНК врз основа на организација на производството во еден од два типа: вертикална интеграција и хоризонтална интеграција. Вертикална интеграција се добива кога фирмите го поделуваат процесот на производство меѓу филијали, со цел да ги искористат предностите на релативните пониски цени на факторите (Helpman, 1984 година, Brainard, 1993). Хоризонтална интеграција се добива кога фирмите го реплицираат производството во филијалите, со цел тоа да им служи на локалните пазари (Markusen, 1984 година, Brainard, 1997). МНК ги произведуваат речиси истите стоки и услуги како и во нивната земја на потекло.

Од гледна точка на вертикални СДИ, МНК се јавуваат да ги искористат предностите од разликите на меѓународните цени на факторите. Фирмите се вклучуваат во две активности: услуги на централата, на пример, истражување и развој, маркетинг и производство. Услугите на централата се интензивни во физичка смисла или во човечкиот капитал, додека производството е физичка интензивна работа. Кога цените на факторите се разликуваат помеѓу земјите, фирмите стануваат мултинационални, со лоцирање на производството во земјите каде што трошоците за рачен труд се ниски и централа во земјите каде што трошоците за квалификуван труд се ниски.

Од гледна точка на хоризонталните СДИ, мултинационалните компании произлегуваат поради трговските бариери кои го прават извозот скап. Кога трговските трошоци се ниски, фирмата ги произведува сите аутпути во земјата на потекло и им служи на потрошувачите

[21] Helpman, E. (2013), *Foreign Trade and Investment: Firm-Level Perspectives,* NBER Working Paper No. 19057.

во странство преку извозот. Кога трговските трошоци се високи тогаш компаниите стануваат мултинационални, со изградба на погони за производство и на двете земји (дома и во странство), секоја ги служи потрошувачите само на земјата. Овој вид странски директни инвестиции се нарекуваат хоризонтални, бидејќи мултинационалните го прават истото производство во сите земји.

Последните емпириски анализи заклучуваат дека во реалниот свет повеќето од СДИ се хоризонтални, а не вертикални. Разгледани се следните три наоди. Прво, со децении, повеќето СДИ се движеа од големите, богатите земји, кон други големи, богати земји (на пример, Markusen, 1995; Lipsey, 1999, 2001). Мултинационалните компании се лоцирани повеќе во слични производствени и економии со високи плати, а во согласност со тоа, СДИ се повеќе водени од пристапот на пазарот отколку од страна на разликата во платите. Второ, со продажбата на странски филијали на САД, мултинационалните компании сè повеќе се во земјите со повисоки тарифи и трошоци за превоз на американската стока (Breinard, 1997; Eckholm, 1997; Кар, Markusen и Maskus, 2001). Ова е во согласност со странските директни инвестиции, мотивирани со отскокнување на трговските бариери. Трето, американските фирми им служат на странските пазари повеќе преку странски директни инвестиции, а помалку преку извоз на поголем обем на корпоративното работење во однос на обемот на производството (Breinard, 1997; Yeaple, 2000). Ова ја поддржува идејата дека мултинационалните компании се јавуваат кога обемот на економиите во седиштето на активностите е силен во однос на обемот на економиите во производството.

***Теоријата за животниот циклус на производот*** ја развил *Р. Вернон*, во 1966-тата година, со цел да ги објасни одредени видови СДИ (особено, во преработувачката индустрија) на американските компании во Западна Европа, по Втората светска војна. Оваа теорија, главно, се фокусира на изнаоѓање пазари и објаснува премин од класичен извоз на производите кон СДИ. Според Вернон, одлуките на МНК каде да го лоцираат своето производство зависат од фазата на животниот циклус на производот. Овие три фази се: фаза на нов производ (воведување), фаза на зрел производ (раст) и фаза на стандардизиран производ (опаѓање).[22] Во првата фаза, производот не е стандардизиран и се произведува само во матичната земја поради неизвесност за судбината на производот, воспоставување

[22] Vernon, R. (1966), `*International Investment and International Trade in the Product Cycle*`, Quarterly Journal of Economics, 80.

контакти со купувачите и следење на нивните реакции и слично. Со стандардизирањето на производот, во втората фаза, се минува на инвестирање во странство, главно, во развиените земји, за да се искористат пониските трошоци за преработка и од поголемото ниво на доход и куповна моќ. Во третата фаза, настануваат промени и МНК се соочуваат со конкурентски притисоци, се појавуваат блиски супститути на нејзиниот производ и преминуваат СДИ во други земји, со пониски производствени трошоци.

### 3. Теории за интернализација на екстерните економии

Оваа теорија се обидува да ги објасни порастот на транснационалните компании и нивните мотивации, за да се стекнат странските директни инвестиции. Теоријата е развиена од страна на Бакли и Касон, во 1976 година, а потоа, од Хенарт, во 1982 година и од Касон, во 1983 година.

Првично, теоријата беше лансиран од страна на Коуз, во 1937 година, во национален контекст и во меѓународен контекст, од страна на Химер, во 1976 година. Химер идентификува две големи детерминанти на СДИ: едната е *остранување на конкуренцијата* и другата е *предностите на некои компании* кои поседуваат при одредена активност.

Бакли и Касон (1976) предвидуваат друго објаснување за СДИ, со ставање акцент на полупроизводите и на технологијата. Тие го свртија фокусот на теоријата на меѓународните инвестиции од ниво на земји, на *ниво на индустрија* и на *ниво на компанија*, како детерминанти на СДИ. Теоријата на интернализација се смета за многу важна, исто така, и од страна на Данинг, кој тоа го користи во еклектичката теорија, но истовремено тврди дека објаснува само еден дел од движењата на СДИ. Според Данинг (1983), интернализацијата е одлучувачки фактор за СДИ во некоја земја, доколку нето-користите од проширувањето на сопственоста преку националните граници ги надминуваат нето-трошоците од извозните аранжмани. Хеннарт (1982) развива мислење за интернализација со развивање модел помеѓу два типа интеграција: вертикална и хоризонтална. Вертикалните ТНК спроведуваат интернализација на пазарот преку полупроизводи, додека хоризонталните ТНК, интернализацијата ја спроведуваат преку т.н. нематеријална актива (марка, авторство). Химер тврди и за проблемот на трошокот на знаења за странски фирми, различни третмани на владите, валутниот ризик и слично.

Оваа теорија дава одговор на прашањето, зошто СДИ се поефикасен начин на користење на специфичните предности на инвеститорот, во однос на извозот и лиценцата. Претпријатието го заменува надворешниот пазар заради остварување на некои трансакции на поефикасен или поевтин начин, или за да ги оствари трансакциите за кои не постои регуларен пазар.

Теоријата на интернализација на екстерналиите објаснува дека фирмите инвестираат во странство, со намера да ги опфатат екстерналиите (природни и вештачки), од сопственииштвото, техничките екстерналии, екстерналиите на јавни добра, како и владините стимулации на пазарот и да ги претворат во свои економски користи.[23]

### 4. Еклектичката теорија

Еклектичката теорија за СДИ е развиена од страна на професорот Данинг[24] и се јавува како поглед што *ги спојува трите различни теории* за СДИ. Основниот придонес на еклектичната теорија, општо познато и како O-L-I (Ownership-Location-Internalization) парадигма, е објаснувањето дека кога е попрофитабилно за еден странски инвеститор да ги интернализира монополистичките предности во странска земја, тогаш фирмата ќе фаворизира да инвестира во таа земја во вид на СДИ. Доколку е обратно, таа ќе го шири извозот и ќе дава лиценции за своето производство во странска земја.

Оваа парадигма нуди одговор на трите суштински прашања поврзани со СДИ:

- ✓ Која фирма ќе инвестира во странство,
- ✓ Каде ќе се инвестира и
- ✓ Зошто фирмата ќе го опслужува странскиот пазар преку директни инвестиции, а не преку извоз.

Основната хипотеза на која се заснова еклектичката парадигма е дека, за да преземе фирмата странски активности, како соодветна алтернатива на извозот и лиценцирањето, неопходно е да се исполнети три услови:

[23]Несторовски, М. (2010), *Економија на Инвестициите*, Економски Факултет-УКИМ, Трето издание, стр.157.
[24] Dunning, J. (1981), *International Production and Multinational Enterprise*, London.

- ✓ Сопственички предности (O – Ownership advantages) vis-à-vis од други фирми;
- ✓ Локациски предности (L – Locational advantages) на сопственост на фирмата на странска локација;
- ✓ Предности на интернализацијата (I – Internalization advantages) наместо да го користат пазарот, да ги пренесат на странски фирми.

Од **сопственичките предности** се подразбира определена предност на ТНК во вид на поседување современа технологија, патенти, иновации, *know-how*, менаџерски и маркетиншки искуства и сл.

Постојат три вида специфични предности:

i. Монополски предности во форма на привилигиран пристап до пазари преку сопственост на природни ограничени ресурси, патенти, трговски марки;
ii. Технологија, широко дефинирано знаење, како да ги содржи сите форми на инвентивните активности;
iii. Економиите на големи димензии, како што се економиите на знаење, економиите на обем, поголем пристап до финансиски капитал.

Мултинационалната компанија, која има монопол врз своите специфични предности и ги користи нив во странство, доведува до повисока маргинална профитабилност или до пониски маргинални трошоци од другите конкуренти.

**Локациските предности** на различни земји играат значајна улога во одредувањето на земјата која ќе биде домаќин на активностите на мултинационалните компании. Како што е наведено погоре, фирмите придобиваат во услови на избегнување на имперфектни пазари во услови на неизвесност, проблеми при контролата, недостиг од желба за давање целосни информации за потенцијалните купувачи, итн.

Мотивот на локациските предности како неопходен услов за привлекување СДИ е доменот на фирмата да ги искористи предностите (пониски трошоци за работната сила, приpиодни ресурси и сл.) кои ги нуди определена земја.

Специфичните предности на секоја земја може да се поделат во три категории:

i. Економски придобивки: се состојат од квантитативните и квалитативните фактори на производство, трошоци за транспорт, телекомуникации, големината на пазарот итн.;
ii. Политички предности: заеднички и специфични владини политики кои влијаат врз движењата на СДИ;
iii. Социјални придобивки: вклучуваат растојание помеѓу земјите, културната разновидност, односот кон странците итн.

**Предностите на интернализацијата** се однесуваат на експанзијата на фирмата преку користење на нејзините сопственички предности наместо продавање на правата на другите фирми. Корист од интернализацијата се помалите трошоци во споредба со трошоците кои се остваруваат по пат на лиценцирање или извоз.

За најпрегледна класификација е прифатена онаа што ги распоредува теориите за СДИ во следните групи:

**1. Теории на пазарно-мотивирани СДИ** – овие инвеститори имаат за цел да ги придобијат локалните или регионалните пазари. Обично, овие инвестиции се во областа на производството на стоки за широка потрошувачка и индустриски производи. Во некои случаи, давателите на услуги можат да се занимаваат со следење на клиентите, на пример, во автомобилската индустрија. Инвеститорите, кои бараат пазари, често ја користат оваа мерка за надминување на бариерите во трговијата и, според тоа, успехот во привлекувањето на таквите инвеститори е од клучно значење за постоењето на режимот на слободна трговија. Може да се каже дека СДИ во оваа категорија се мотивирани од големината на пазарот, прогнозата на раст на пазарот, уделот на компанијата на пазарот или конкуренцијата.

**2. Теории на ресурсно-мотивирани СДИ** – инвестиции што се направени со цел да се добие висок квалитет на средства по පониска цена отколку во својата земја. Во принцип, ресурсите вклучуваат: природни ресурси или просечно квалификувани, поевтина и специјализирана работна сила.

**3. СДИ во потрага по производствена ефикасност** – оваа мотивација за инвестирање често се наоѓа во фаза на зрелост на работењето на странскиот инвеститор, кој првично инвестира во природни ресурси или во нови пазари, а потоа го зацврстува својот бизнис

преку инвестиции, во насока на зголемување на ефикасноста. Таквите инвестиции се направени во случаите каде што инвеститорот има долгорочни планови или, пак, ако постои слободен пристап до регионалните пазари и тие пазари се добро развиени. Затоа овој вид инвестиции особено се сретнува во рамките на Северна Америка (договор за слободна трговија во Северна Америка, NAFTA) или во Европската Унија.

**4. СДИ ориентирани кон поповолна бизнис клима –** главниот извор на компаниската конкурентност е фактот дека мултинационалните компании спроведуваат глобална или регионална стратегија за интеграција и за обезбедување конкурентна сила во некоја непозната средина. Овие инвестиции може да се најдат кога компаниите се одлучуваат за купување одредени средства или влегуваат во сојузи со цел да се промовира долгорочен стратешки интерес. На пример, една мултинационална компанија може да купи една локална компанија (вклучувајќи и учество во приватизацијата на државните претпријатија) за да се утврди присуство на целниот пазар. Странските директни инвестиции за оваа намена се наоѓаат особено во развиените земји.

**5. СДИ ориентирани кон нови знаења.**

## 1.3. Значење и ефекти од странски директни инвестиции

Во меѓународната економија, долгорочно гледано, расте значењето на меѓународното движење на капиталот. На СДИ се гледа како на еден од носителите на современата економска глобализација. Исто така, повеќе земји сметаат дека СДИ е витален извор за нивниот економски развој.

Во 2015 година, глобалните приливи на СДИ се зголемија за 38 отсто или до 1,76 милијарди долари, што претставува највисоко ниво на глобалната економска и финансиска криза од 2008-2009 (Графикон 1.2). Сепак, тие сѐ уште остануваат околу 10 проценти помалку од врвот во 2007 година.

Графикон 1.2 Глобални СДИ движења по групи на економии, 2005-2015, милијарди САД долари




Извор: УНКТАД, World Investment Report 2016, стр.2.

Во 2015-та година, странските директни инвестиции во развиените економии речиси двојно се зголемија и достигнаа ниво од 962 милијарди САД-долари. Како резултат од тоа, развиените економии ја вратија рамнотежата во своја корист, со 55 отсто од глобалните СДИ, за разлика од 41 отсто во 2014 година. Силен раст во приливот бил пријавен во Европа. Во САД, СДИ речиси четирипати растеа, за разлика од историски ниското ниво во 2014-тата година. Во економиите во развој, приливот на СДИ постигна ново високо ниво и тоа, на 765 милијарди САД-долари, 9 проценти повисоки отколку во 2014-та година. Во економиите во развој во Азија, приливот на СДИ надминува половина милијарди долари. Движењата на СДИ, во Африка, Латинска Америка и Карибите, се намалени. Сепак, економиите во развој продолжуваат да бидат составени од половина од топ 10-домашни економии за приливи на СДИ.

Директните инвестиции надвор од развиените економии скокнаа за 33 отсто или до 1.1 милијарди долари. Зголемувањето, покрај тоа, нивниот извоз на СДИ и понатаму е 40

проценти помалку од својот врв во 2007 година. Со проток од 576 милијарди САД-долари, Европа стана најголемиот  регион за инвестирање во светот. СДИ, во примарниот сектор, се намалија, а од друга страна, производството се зголеми. Услугите продолжија да се одржуваат повеќе од 60 отсто од глобалните СДИ.

СДИ се важен двигател на растот, особено во земјите во развој; приливот на капитал во економијата, подобрувањето на технолошкото ниво на економијата, новите знаења и управувачките вештини во земјата-домаќин, развојот на човечкиот капитал. Исто така, тие влијаат врз подобрување на продуктивноста и конкурентноста во економијата; промената на економската структура на земјата-домаќин, зголемувањата на извозниот потенцијал, поголемата вработеност, создавањето врски меѓу странските фирми и локалните снабдувачи, подобрувањето на пристапот до меѓународните пазари на капитал. Освен позитивните ефекти, исто така, некои теоретичари ги истражуваат и можните негативни ефекти од СДИ[25] за кои подетално ќе анализираме во следните глави.

Ако ги разгледуваме факторите и политиките што влијаат врз СДИ, може да се набројат следните: макроекономски, микроекономски и институционални. Исто така, помеѓу политиките кои влијаат врз СДИ се фискалните и финансиските стимулации за странските инвеститори.

Можат да се набројат следните социо-економски влијанија на СДИ и тоа: *врз приходите на локалниот буџет*, *врз работната сила и човечките ресурси*, *врз државната регулација и јавните финансии*, *врз развојот на инфраструктурата*, *врз бизнис-активностите во регионот*, *врз иновациите*, *животната средина* и *општествената одговорност на претпријатијата* што ги темелат на искуствата од матичната земја и на меѓународното искуство.

---

[25] Zilinske, A. (2010), *Negative and Positive Effects of Foreign Direct Investment,* Ekonomika Ir Vadyba.
Lipsey, R.E. (2002), *Home and host country effects of FDI*, NBER Working Paper 9293.

## 1.4. Мотивите и детерминантите на странските директни инвестиции

Мотивите за влез на странските директни инвестиции во земјата-домаќин можат да се поврзат со основните карактеристики на СДИ. Тие се следниве:

- СДИ како извор на инвестиции што не предизвикува задолжување на земјата;
- СДИ како начин на пристап до нови пазари и зголемување на извозот – начин на спроведување на концентрацијата за извозна ориентација на стопанството;
- СДИ како начин на зголемување на вработеноста;
- СДИ како начин на внесување нови технологии, знаење, современи форми на организација и менаџмент на претпријатијата. Преку нив се олеснува процесот на технолошката и организациската модернизација на домашните претпријатија;
- СДИ како начин на активирање на домашните ресурси кои, инаку, би останале долго време неискористени поради недостигот од домашен капитал;
- СДИ како начин за влез на странските инвеститори во процесите на сопственичката трансформација, со цел да се обезбеди поголема сигурност за изведување на сопственичката преобразба, но, паралелно со тоа, и за промена на управувањето, на организацијата, а оттаму, поголема ефикасност на приватизираните претпријатија.

Во литературата се истражени широкиот спектар на потенцијални детерминанти на странските директни инвестиции, вклучувајќи достапност до образована работна сила (Noorbakhsh, 2001), инфраструктура (Wheeler and Mody, 1992), поволна клима за странските инвеститори, како што се политичката стабилност (Шнајдер и Фреј, 1985), трговската отвореност (Albuquerque et al. 2005; Gastanaga et al. 1998), компаративните трошоци како што се трошоците за работна сила (Lucas, 1993), даноци и такси (Gastanaga, 1998; Wei, 2000) и пристап до природните ресурси (Agosin и Machado, 2007).

Кога се дискутира за детерминантите на СДИ во теоретската литература, големината на пазарот и стапката на раст на домаќин-економиите се третирани како два од најпознатите фактори (Li Liu, 2005).[26] Сепак, нето-ефектот на економскиот раст на СДИ е теоретски

[26]Iamsiraroj, S. and Doucouliagos, H. (2015), *Does Growth Attract FDI?*, Economics Discussion Papers, No 2015-18, Kiel Institute for the World Economy.

двосмислен: економскиот раст може да има позитивен ефект на СДИ, негативен ефект врз СДИ, или да нема никаков ефект на сите СДИ.

## 1.5. Странските директни инвестиции и социо-економскиот развој

Странските директни инвестиции (СДИ) имаат значајно влијание врз економскиот успех на многу земји кои остварија динамичен економски раст и зголемување на вработеноста. Во Република Македонија, стапките на домашното штедење и инвестициите се ниски и недоволни за остварување на подинамичен економски пораст. Од друга страна, задолжувањата кај кредиторите (мулти и билатерални) не се прифатливи поради лимитираните буџетски можности за сервисирање на надворешниот долг. Истовремено, динамизацијата на економската активност бара зголемен износ на инвестициите, од претходно наведените причини, па се очекува тој да се реализира преку привлекување на странските директни инвестиции како долгорочен извор.

Во овој контекст, во овој дел, се анализира и следното социо-економско влијание на СДИ и тоа: *врз приходите на локалниот буџет* (креира фонд за суштински проекти како и за социјални програми и др.), *врз работната сила и човечките ресурси* (нови вработувања, поголема плата, обуки, доспецијализација, различни социјални бенефиции – бесплатни оброци и сместување, бесплатен транспорт, субвенции за закупнина на домување и др.), *врз државните регулации* (даноци, царини, релации со државни агенции, политички ризик), *врз развојот на инфраструктурата*, *бизнис-активностите во регионот* (spillover-ефект, развојот на малите и средните претпријатија кои даваат услуги на странските фирми), *врз иновациите* (нови технологии, врз производот, организацијата, процесот и маркетингот), *врз животната средина* и *врз општествената одговорност на претпријатијата* (кои се темелат на искуствата од матичната земја и на меѓународното искуство).

Социјалните услови се важен фактор за развој на економијата и за остварување долгорочно одржлив економски развој. Република Македонија како мала земја со мал пазар, за да биде атрактивна за разгледување од страна на странските инвеститори, освен со западните земји, мора да соработува и со другите земји од регионот, да склучува билатерални, регионални и мултилатерални договори за соработка. Во овој контекст,

укажуваме на важноста за Република Македонија од подобрата и поинтензивната економска соработка со Република Турција.

Балканот и Република Македонија имаат длабоки културни и економски врски со Република Турција, кои треба да се негуваат. Можеби е сличен односот на поранешните колонијални земји како Англија, Франција, Холандија и Белгија, кои ги имаат своите поранешни колонии во Африка и низ светот. Познавањето на јазикот, образовниот систем, традицијата и другите вредности, ги зближува на еден поинаков начин различните нации и денеска. Всушност, портата за соработка секогаш останала отворена, искористувајќи го претходното искуство како предност во соработката на сите полиња.

Во однос на Република Турција и нејзиното растечко геостратешко влијание што таа го има во регионот, особено е значајно да се има предвид актуелната мигрантска криза која освен социо-економски може да има и високи безбедносни ризици за регионот и за Република Македонија. Затоа, неопходно е негување на традиционално добрите односи во секоја сфера, за да се зачува и нашата политичко безбедносна стабилност како базичен предуслов за поширок социо-економски развој на нашата земја.

## Глава 2 – Трговски и економски односи помеѓу Република Македонија и Република Турција

Во **вториот дел,** предмет на обработка се трговските и економските односи помеѓу Република Македонија и Република Турција, каде што се анализира правната рамка на трговските и економските односи и развојот на економската соработка меѓу двете земји, по потпишувањето на договорите.

На прашањето, зошто посебен осврт се дава на инвестициите од Република Турција, одговорот може да се упати на фактот дека, особено во последната деценија, се остварува забележителна економска соработка. Во 2015-тата година, вкупната размена помеѓу двете земји изнесува 355 милиони евра, додека во 2016-тата година, таа изнесува околу 380 милиони евра.[27] Република Турција е на 8-то место по ред како трговски партнер на Република Македонија. Зајакнатата трговска соработка има влијание и на новите инвестиции. Истата година, вкупната состојба на инвестициите на Република Турција во Република Македонија го надмина бројот од 214 милиони евра[28] и е 6-та по ред на листата на странските инвеститори. За одбележување е трендот во релациите меѓу двете страни, кој се одвива по нагорна линија и дека има голем потенцијал за соработка што сѐ уште не е искористен. Комуникацијата и соработката меѓу Република Македонија и Република Турција е интензивна и активна на сите нивоа.

Во последниот период, најавени се и нови проекти од страна на турските фирми за Република Македонија, со претпоставка на стопанските комори да достигнат близу две милијарди евра вкупни инвестиции и повеќе илјади вработувања. Мошне значајни во наредниот период за нас ќе бидат и идните стратешки проекти од транспортниот коридор (8), гасоводот „Турски тек“, проектот „Патот на свилата“ и другите инфрастуктурни проекти. Сето ова претходно ја прави Република Турција за Република Македонија исклучително значаен не само економски стратешки партнер.

---

[27] ДЗС, *Макстат: Надворешна трговија,* http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__NadvoresnaTrgovija__StokovaRazmenaZemji/115_00Nt_mk_2016_ZemjiEkgr_2016_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

[28] НБРМ, Годишни податоци, (2014): http://nbrm.mk/?ItemID=3509205177007045B166ED83AC99B8E4

Република Македонија и Република Турција имаат традиционално добри и пријателски односи. Исто така, освен политичките и економските односи, помеѓу двете земји постојат длабоки историски врски од кои произлегуваат и заеднички интереси од аспект на културата, историјата, образованието, науката, одбраната, здравството, туризмот.

За каков економски потенцијал станува збор, покажува податокот дека Република Турција има близу 80 милиони жители и според густината на младото население, во спредба со земјите на ЕУ, таа е на прво место, при што е утврдено дека половина од вкупното население во Република Турција е под 30-годишна возраст.

За истакнување е фактот дека Република Турција има и единствена географска централна положба, во улога на природен мост што ги поврзува Истокот и Западот, Северот и Југот, со значајните регионални пазари. Преку овој простор се овозможува лесен пристап до 1,5 милијарди жители во Европа, Евроазија, на Блискиот и Средниот Исток и во Северна Африка. Во исто време, просторот што го зазема Република Турција претставува и важен енергетски коридор и терминал за Европа. Затоа, во сите идни планови и одлуки, ние треба да ги антиципираме силата и потенцијалите на овој геополитички и геоекономски простор.

## 2.1. Правна основа на трговските и економските односи помеѓу Република Македонија и Република Турција

### 2.1.1. Комуникација, договори, стопански комори

*1.а. Билатерални односи*

Трговските и економските односи се базираат на одличните политички односи и соработка. Според тоа, во изминатите години, се остварени голем број меѓусебни работни средби во вид на официјални посети.

Комуникацијата и соработката се интензивни и во следните економски сфери:

Одржани се 5 заседанија на меѓувладината македонско-турска комисија за трговско-економска соработка ((1) 26-29 август 1996 година; (2) 9-12 март 1998 година; (3) 3-4 јули 2002 година; (4) 26-29 април 2005 година; (5) 13-14 март 2008 година).

Во последните 5 години одржани се најзначајните бизнис-форуми и тоа во Охрид, на 25-28 мај 2009 година и, вториот, на 5 декември 2009 година, во Истанбул, кои го подигнаа нивото на интересот на турските бизнисмени.

Организирани се два настани, таканаречени роуд-шоу/бизнис-форуми, на Република Македонија во Република Турција. Првиот, меѓу 29 јануари - 3 февруари 2012 година, во градовите Истанбул, Кајсери, Коња, Газиантеп, Измир и Бурса. Вториот е одржан на 15-19 септември 2014 година, во градовите на индустриската зона: Коџаели, Измир, Ескишехир, Анкара, Адана и Мерсин.

Во Владата на Република Македонија има 5 министри задолжени за странски инвестиции меѓу коишто еден е од турска националност. Има 3 економски промотори задолжени за регионите на Истанбул, Анкара и Измир.

На Скопски саем, одржани се 3 саеми по ред на турски извозни производи (1-5 март 2011, 23-26 февруари 2012 и 6-9 ноември 2013 год.).

*1.б. Договори*

Договорната состојба ги покрива речиси сите полиња на заедничкиот интерес. Според информациите од Министерството за надворешни работи на Република Македонија, Република Македонија со Република Турција има потпишано 35 меѓународни договори, 49 меѓународни документи, еден договор преземен преку сукцесија, а во фаза на постапка се 15 договори.[29]

[29]Министерство за надворешни работи (МНР) на Р. М.: *Билатерални односи,* http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/nadvoresna-politika/bilateralni-odnosi/sosedstvo

**Правна основа на трговската и економската соработка меѓу Р. Македонија и Р. Турција**

| **Договори** | **Датум на потпишување** | **Датум на влегување во сила (ратиф. во Р. М.)** |
|---|---|---|
| Спогодба за туристичка соработка | 27.10.1993 | 20.09.1995 |
| Спогодба за трговска и економска соработка | 17.03.1994 | 03.04.1995 |
| Договор за научна и технолошка соработка | | 17.05.1994 |
| Протокол за научна, техничка и економска соработка во областа на земјоделството | 15.06.1994 | 18.05.1995 |
| Договор за редовен воздушен сообраќај | | 09.12.1994 |
| Спогодба за меѓународен патен сообраќај | | 23.04.1995 |
| Заемна соработка меѓу царинските служби | 09.05.1997 | 01.10.1997 |
| Договор за одбегнување на двојното оданочување во однос на данокот на доход и данокот на капитал | 16.06.1995 | 01.01.1997 |
| Спогодба за поттикнување и заемна заштита на инвестициите | 14.07.1995 | 27.10.1997 |
| Конвенција за соработка во областа на здравјето на животните | 02.10.1998 | 05.02.1999 |
| Договор за социјално осигурување | 06.06.1998 | 05.02.1999 |
| Договор за соработка во областа на карантинот и заштитата на растенијата | 02.10.1998 | 05.02.1999 |
| Договор за слободна трговија | 07.09.1999 | 01.09.2000 |
| Договор за соработка од областа на трудот, социјалната сигурност и вработувањето | 05.09.2013 | 17.01.2014 |

### *1.в. Стопански комори*

Добрите политички односи придонесуваат и за зајакнување на односите и соработката меѓу најголемите стопански комори на двете држави. Меѓу стопанските заедници, во последните години, забележани се раст на соработката и подобрување на комуникациите што ја следат политиката на добри политички односи и подобрување на правната рамка.

Стопанската комора на Република Македонија ги има потпишано следните договори со бизнис-заедниците од Република Турција:

| Година | Страни | Вид соработка |
|---|---|---|
| **1995** | Унија на комори и берзи на Турција | Спогодба за соработка Протокол за намерата за формирање македонско-турски деловен совет |
| **2001** | Трговски индустриски и стопански комори на ЗНД, балтичките земји на Централна и Источна Европа | Протокол |
| **2009** | Трговско-индустриска комора на Трабзон и Регионална комора со седиште во Скопје | Спогодба за соработка |
| **2009** | Трговско-индустриска комора Трабзон и Регионална комора со седиште во Охрид | Спогодба за соработка |
| **2009** | Индустриска комора на Истанбул и регионална комора на Скопје | Спогодба за соработка |
| **2010** | Трговско-индустриска комора на Едрене и Регионална комора во Гостивар | Спогодба за соработка |
| **2012** | Меморандум за соработка, Регионална комора со седиште во Охрид и Стопанска комора на Менемен-Измир, Турција | Меморандум за соработка |

Извор: Стопанска комора на Р. Македонија. Обработка од веб-страницата: www.mchamber.org

Меѓу Стопанската комора на Република Македонија и Унијата на комори и берзи на Турција формиран е македонско-турски деловен совет кој има активна соработка. Последните години и Сојузот на Стопански комори на Република Македонија има воспоставено добра комуникација со бизнис-заедниците во Република Турција.

Во Македонија постојат четири турски бизнис-комори: МАТИБ (Унија на турски бизнисмени во Македонија), МАТТО (Стопанска комора на Македонија-Турција) формирани од страна на турските бизнисмени со македонско и турско државјанство, МИБА (Здружение на индустријалци и бизнисмени од Македонија) и МУСИАД Македонија (Асоцијација на бизнисмени и индустријалци од Турција). МАТИБ е формирана во 2005-тата година, има околу 100 члена и повеќе дејствува како здружение, а во фокусот ги става малите и средни фирми по големина. МАТТО е формирана во 2008 година и денес има 94 члена меѓу кои се наоѓаат и најголемите турски инвеститори. МИБА е формирано во 2015-тата година. МУСИАД е формирана во 2016-тата година како подружница на централата во Република Турција.

И четирите бизнис-заедници со своите активности (организирање бизнис-средби, учество и организирање саеми итн.) имаат голем придонес во развојот на трговско-

економските односи и во привлекувањето турски инвестиции не само од Република Турција туку и од турската дијаспора низ целиот свет.

Истовремено, страните потврдуваат дека турската националност во Република Македонија и иселените од Република Македонија во Република Турција уште повеќе ги зацврстуваат пријателските односи меѓу двете земји.

## 2.2. Развојот на економската соработка по потпишувањето на договорите помеѓу Република Македонија и Република Турција

### 2.2.1. СДИ во Република Македонија низ броеви

Странските директни инвестиции (СДИ) имаат значајно влијание врз економскиот успех на многу земји кои остварија динамичен економски раст и зголемување на вработеноста. Како што спомнавме претходно, во Република Македонија стапките на домашното штедење и на инвестициите се ниски и недоволни за остварување подинамичен економски пораст. Од друга страна, задолжувањата кај кредиторите (мулти и билатерални) не е прифатливо поради лимитираните буџетски можности за сервисирање на надворешниот долг. Истовремено, динамизацијата на економската активност бара зголемен износ на инвестициите, па од претходнонаведените причини се очекува тие да се реализираат со привлекувањето на странските директни инвестиции како долгорочен извор.

Република Македонија, за развојот на својата економија, особено внимание му посветува на привлекувањето странски инвестиции, особено од 2007-та година, од кога се води поактивна политика на ова поле. Иако Република Македонија има добра геостратешка позиција, ниски даноци, добра инфраструктура, брза регистрација на фирми, соодветна работна сила, употреба на странски јазици и други причини за инвестирање, сѐ уште вкупните директни инвестиции не го постигнаа очекуваното ниво.

Во Уставот на Република Македонија е предвидено дека странските лица (правни лица, поединци или граѓански партнерства регистрирани во странска земја) мора да уживаат еднакви права со локалните лица при спроведувањето на економските активности во

Република Македонија, освен кога е поинаку предвидено со закон (национален третман). Овој принцип го покрива целиот спектар на економски и правни форми кои се користат за деловни активности. Во согласност со Законот за трговско друштво, странските компании и странските трговци-поединци треба да работат во согласност со условите утврдени со закон и треба да се овозможи еднаков третман во работењето со домашни физички и правни лица, на територијата на Република Македонија, освен ако не е поинаку предвидено со меѓународен договор и / или со закон за регулирање на посебните видови странски компании и странски трговци-поединци, со специфичен делокруг на работење.

Ако билатералните договори, потпишани и ратификувани од страна на Република Македонија, предвидуваат поповолни услови за инвестирање и услови за странските инвеститори, граѓаните или правните лица на соодветните договорни земји, тие ќе уживаат привилигиран третман на инвеститори.

Главните политики и мерките за привлекување СДИ во Република Македонија се промовираат преку Агенцијата за странски инвестиции и за промоција на извозот на Република Македонија (АСИПИРМ) и тие се следниве[30]:

- Рамна даночна стапка од 10% за персонален данок и данок на добивка,
- Даночни олеснувања – нема данок на добивка на реинвестирана нето-добивка пред оданочување,
- Ниски трошоци за конкурентна работна сила,
- Дополнително за инвестициите во ТИРЗ[31] се нудат шеми за државна помош, во форма на регионалната државна помош:
    - Ослободување од плаќање персонален и корпоративен данок на добивка во првите 10 години;
    - Ослободување од данок на додадена вредност и плаќање карински давачки за добра, суровини, опрема и машини;

[30] Инвест Македонија; http://www.investinmacedonia.com/
[31] Инвест Македонија http://www.investinmacedonia.com/investing-in-macedonia/technological-industrial-development-zones-tidzs

- До 500 илјади евра како субвенција за инвестициски трошоци, во зависност од вредноста на инвестицијата и бројот на вработените;
- Закуп на земјиште до 99 години;
- Бесплатно поврзување со природен гас, вода, електрична енергија;
- Ослободување од плаќање комунални давачки на локалната општина и давачки за градежни дозволи, како и зелени царински канали за добра.

Податоците за вкупните нето-странски директни инвестиции[32], покажуваат дека, во временскиот период од 1997 до 2016-тата година, во Република Македонија, странските директни инвестиции (СДИ) имаат генерален тренд на пораст. Според динамиката на инвестициите прикажана подолу, може да се забележи дека нивото на инвестициите, во 1997 година, е најниско, додека највисоко ниво е постигнато во 2007 година и тоа околу 700 милиони САД-долари, додека во 2016-тата година, износот е околу 395 милиони САД-долари. Вкупниот влез на СДИ, во периодот од 1997 до 2016-тата година, изнесува вкупно околу 5,5 милијарди САД-долари. Само во периодот од 2006 година до 2016-тата година, вкупниот влез на СДИ изнесува околу 3 милијарди евра.

Споредено со изведените инвестиции, учеството на СДИ од ТИРЗ е значајно и во просек тие учествуваат со дваесетина проценти. Имено, во 2008 година, учеството на странските инвестиции од технолошко-индустриските зони било 3%, додека, пак, во 2009-тата година било дури 51%, а во другите години тоа е меѓу дваесет и триесет проценти. Меѓутоа, иако поминаа 10 години од спроведувањето на новиот пристап кон СДИ, а направени се и институционални, организациски и финансиски потфати, сепак сѐ уште нема значителни резултати.

[32] Во странски директни инвестиции влегуваат и оние инвестиции од корисниците на технолошко-индустриските зони.

Графикон 2.1 Директни инвестиции во Република Македонија, 1997-2016, во мил. САД-долари и ЕУР [33]




Извор: НБРМ

Графикон 2.2 СДИ во Република Македонија (% од БДП)




Извор: НБРМ и Министерство за финансии на Р. М.

Ниското ниво на СДИ во Република Македонија се огледува и преку нивното релативно ниско учество во бруто-домашниот производ (БДП). Во периодот 2003-2016 година, просечното годишно учество на СДИ во БДП изнесува околу 3,7%.

[33] Од 2003 година, НБРМ почна да го користи и еврото како пресметковна валута во статистиките, така што во дадената табела, износите на СДИ, од 2003 до 2016 година, се дадени во двете валути: САД-долари и евра.

***Состојба на СДИ во Република Македонија по земји и по сектори***

Доколку направиме анализа на земјите од коишто доаѓаат најголемите износи на СДИ, ќе видиме (види табела 3.1) дека на прво место е Холандија, по што следат Австрија, Грција, Словенија, Унгарија и, на шесто место, во 2015-тата година, се појавува и Република Турција како значаен странски директен инвеститор во земјава.

Меѓу најголемите странски инвеститори во Република Македонија може да се избројат: „Џонсон Мети“ (*Johnson Matthey*) (ВБ), „Мобилком Австрија“ (*Mobilkom Austria*) (Австрија), ЕВН (EVN) (Австрија), „Дојче телеком“ (*Deutsche Telecom*) (Германија), „Кромберг и Шуберт“ (*Kromberg & Schubert*) (Германија), „Дрекселмаер груп“ (*Dräxlmaier Group*) (Германија), „Ван Хол“ (*Van Hool*) (Белгија), „Сосиете женерал“ (*Societe Generale*) (Франција), „Џонсон контролс“ (*Johnson Controls*) (САД), „КЕМЕТ корпорација“ (*KEMET Corporation*) (САД), „Националната банка на Грција“ (*the National Bank of Greece*) (Грција), „Хеленик ботлинг компани С.А.“ (*Hellenic Bottling Company S.A.*) (Грција), „Виена иншјуренс груп“ (*Vienna Insurance Group*) (Австрија), „Митал стил“ (*Mittal Steel*) (Холандија), „Дуферко“ (*Duferco*) (Швајцарија) и „Титан груп“ (*Titan Group*) (Грција)[34], „Лукоил“ (*Lukoil*) (Русија), „ТАВ“ (*TAV*) (Турција), „Џеваир холдинг“ (*Cevahir Holding*) (Турција), „Лимак холдинг“ (*Limak Holding*) (Турција), „Аџибадем груп“ (*Acibadem Group*) (Турција), ИБЦ (IBC) (Израел), „Гезит глоб“ (*Gazit Globe*) (Израел) и други.

[34] Инвест Македонија: FDI, http://www.investinmacedonia.com/why-macedonia/growing-fdi

Табела 2.1 Директни инвестиции во Република Македонија – трансакции – по дејности, во милиони евра

| Сектори | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 0,98 | 2,64 | 2,92 | 8,28 | 10,67 | 2,75 |
| РУДАРСТВО И ЕКСТРАКЦИЈА | 42,09 | 43,55 | -17,22 | 4,02 | 27,85 | -189,09 |
| ПРОИЗВОДСТВО | 84,58 | 208,77 | 49,35 | 85,17 | 57,87 | 58,94 |
| ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И И РАЗЛАДНИ УРЕДИ | 1,28 | 5,09 | 21,90 | 14,92 | 27,60 | -2,92 |
| ВОДОСНАБДУВАЊЕ, КАНАЛИЗАЦИЈА, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И РАБОТИ НА ПОСРЕДУВАЊЕ | -0,29 | -0,83 | -0,70 | 0,58 | -0,16 | -1,94 |
| ГРАДЕЖНИШТВО | 18,98 | 21,51 | 16,59 | 42,55 | 6,34 | 36,98 |
| ВКУПНО УСЛУГИ | 12,94 | 63,72 | 38,53 | 96,57 | 74,77 | 311,22 |
| ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И МАЛО; ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ | 23,06 | 23,55 | 8,95 | 38,07 | 19,57 | 232,07 |
| ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ | 3,45 | 24,84 | -5,60 | 1,46 | 0,68 | 1,25 |
| СМЕСТУВАЊЕ И ПОСЛУЖУВАЊЕ | 5,94 | 0,62 | 1,08 | 0,17 | -2,46 | 1,41 |
| ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ | 10,27 | -79,39 | -2,27 | 6,77 | -4,06 | 15,93 |
| ФИНАНСИСКИ И ОСИГУРИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ | -25,75 | 75,48 | 36,42 | 29,11 | 52,06 | 46,30 |
| АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ | -4,93 | 8,06 | -2,07 | 12,96 | 2,72 | 4,20 |
| ПРОФЕСИОНАЛНИ НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ АКТИВНОСТИ | 6,02 | -3,88 | -6,17 | -2,25 | -1,84 | -4,45 |
| АДМИНИСТРАТИВНИ ПОМОШНИ АКТИВНОСТИ | 6,40 | 1,43 | 5,20 | 4,46 | 0,35 | 8,45 |
| ОБРАЗОВАНИЕ | -0,10 | 0,49 | 2,35 | -0,36 | -0,14 | -0,39 |
| ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 1,70 | 21,31 | 0,06 | 1,06 | 1,53 | 2,30 |
| УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА | -13,57 | -8,51 | 0,53 | 4,90 | 5,66 | 4,31 |
| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 0,45 | -0,11 | 0,05 | 0,23 | 0,71 | -0,16 |
| Неалоцирани економски активности | -0,11 | -0,05 | -0,15 | 0,11 | 0,20 | 0,78 |
| Вкупно ДИ во земјата | 160,47 | 344,41 | 111,22 | 252,20 | 205,14 | 216,72 |

Извор: НБРМ

Доколку се погледнат трендовите на движење на СДИ по земји-странски инвеститори, ќе се забележи дека, со исклучок на Обединетото Кралство, кај другите земји како најголеми странски инвеститори во земјата, имаме континуиран скромен пораст на инвестициите (доминантно, преку реинвестираната добивка). Ова се потврдува и на следниот графикон, каде што се прикажани типовите странски директни инвестиции во земјава – структура по нови, постојни и останати инвестиции – 1997-2015, во евра. Од графиконот се гледа дека скромниот раст што го имаат странските директни инвестиции во земјава, посебно во последните 5 години, е доминантно воден од постојните инвестиции, додека новите странски инвестиции, бележат мало намалување.

Графикон 2.3 Состојба на вкупни инвестиции во Република Македонија – структура по нови, постојни и останати инвестиции – 1997-2015, во евра




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Ако се следат светските трендови, СДИ е меѓу најбрзорастечките економски активности во светот. Во 2003 година, движењата на СДИ, во светот, изнесуваат околу 560 милјарди долари, во 2015-тата година, достигнуваат до 1,76 милјарди долари. МНК сѐ повеќе земаат удел во светскиот БДП.

Во следните табели ќе изнесеме податоци за релативната големина и за растежот на СДИ во одделни региони во светот, во одделни земји и во Република Македонија. Податоците се содржани во табелите 2.2 и 2.3.

Табела 2.2 Движења на СДИ, по региони и земји, 2010-2015 (милиони САД-долари)

| | СДИ во земјата | | | | | | СДИ во странство | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| Свет | 1.388.821 | 1.566.839 | 1.510.918 | 1.427.181 | 1.276.999 | 1.762.155 | 1.391.918 | 1.557.640 | 1.308.820 | 1.310.618 | 1.318.470 | 1.474.242 |
| Развиени економии | 699.889 | 817.415 | 787.359 | 680.275 | 522.043 | 962.496 | 983.405 | 1.128.047 | 917.783 | 825.948 | 800.727 | 1.065.192 |
| ЕУ | 384.945 | 425.843 | 446.454 | 319.457 | 292.025 | 439.458 | 478.906 | 491.730 | 351.719 | 272.925 | 296.362 | 487.150 |
| САД | 198.049 | 229.862 | 188.427 | 211.501 | 106.614 | 379.894 | 277.779 | 396.569 | 318.197 | 307.927 | 316.549 | 299.969 |
| Економии во развој | 625.330 | 670.149 | 658.774 | 662.406 | 698.494 | 764.670 | 358.029 | 373.931 | 357.844 | 408.886 | 445.579 | 377.938 |
| *Турција* | *9.086* | *16.142* | *13.284* | *12.284* | *12.134* | *16.508* | *1.469* | *2.330* | *4.105* | *3.527* | *6.658* | *4.778* |
| Економии во транзиција | 63.601 | 79.275 | 64.786 | 84.500 | 56.463 | 34.988 | 50.484 | 55.662 | 33.193 | 75.784 | 72.164 | 31.112 |
| Југоисточна Европа | 4.600 | 7.890 | 3.606 | 4.758 | 4.576 | 4.832 | 317 | 403 | 438 | 482 | 477 | 443 |
| Албанија | 1.051 | 876 | 855 | 1.266 | 1.110 | 1.003 | 6 | 30 | 23 | 40 | 33 | 38 |
| Босна и Херцеговина | 406 | 496 | 395 | 302 | 502 | 249 | 46 | 18 | 62 | 42 | 15 | 21 |
| Србија | 1.686 | 4.932 | 1.299 | 2.053 | 1.996 | 2.347 | 185 | 318 | 331 | 329 | 356 | 346 |
| Црнагора | 760 | 558 | 620 | 447 | 497 | 699 | 29 | 17 | 27 | 17 | 27 | 12 |
| *Македонија* | *213* | *479* | *143* | *335* | *272* | *174* | *5* | *-* | *- 26* | *30* | *10* | *- 15* |

Извор: УНКТАД, World Investment Report 2016.

Приливот на СДИ во Република Македонија значително заостанува зад износот на инвестициите во земјите во транзиција, во земјите во развој (од Турција) и во однос на земјите од Југоисточна Европа.

Земјите од Западен Балкан, како и насекаде во Источна Европа, биле сериозно погодени од рецесијата – повеќе отколку поголемиот број други региони во светот. Во текот на последните дваесет години, сиромаштијата и социјалната несигурност доведоа до политичка нестабилност во регионот и го поткопаа напредокот кон европската интеграција. Ниското ниво на јавните расходи, со цел да се задржи буџетскиот дефицит во рамките на целите на критериумите на Мастрихт и ММФ, ги има, во голема мера, поткопано обидите за обезбедување ефективни јавни услуги. Големото влијание на економската криза беше изразено преку острите намалувања во приливот на СДИ. СДИ се концентрирани во тесен спектар на сектори, нерамномерно се распределени низ времето и силно се поврзани со приватизацијата во секторите какви што се телекомуникациите, банкарството и нафтените рафинерии. Најголем пад на приливите на СДИ беше констатиран во Република Македонија, каде што странските директни инвестиции се намалија за 51%, во периодот меѓу 2008 и 2009 година, и покрај многу дарежливите стимулации кои се применуваа за да

се привлечат СДИ во земјата.[35] Поголемиот број земји од ЈИЕ доживеаа висока политичка и економска нестабилност во 1990-тите, а исто така, економското закрепнување и транзицијата, поврзани со економските реформи, биле, генерално, побавни отколку во Централна и Источна Европа (ЦИЕ). И покрај многу позитивниот развој на настаните во текот на 2000-тите, Балканот сè уште може да се соочи со проблемот со имиџот.[36]

Табела 2.3 Состојба со СДИ, по региони,во 2000, 2010 и 2015 година (милиони САД-долари)

| | СДИ состојба – во земјата | | | СДИ состојба – во странство | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2000 | 2010 | 2015 | 2000 | 2010 | 2015 |
| Свет | 7 488 449 | 20 189 655 | 24 983 214 | 7 436 836 | 20 803 737 | 25 044 916 |
| Развиени економии | 5 791 254 | 13 443 850 | 16 007 398 | 6 682 413 | 17 424 490 | 19 440 805 |
| ЕУ | 2 345 798 | 7 357 768 | 7 772 956 | 2 890 286 | 9 007 230 | 9 341 790 |
| САД | 2 783 235 | 3 422 293 | 5 587 969 | 2 694 014 | 4 809 587 | 5 982 787 |
| Економии во развој | 1 644 215 | 6 042 538 | 8 374 428 | 734 811 | 3 008 790 | 5 296 346 |
| *Турција* | *18 812* | *187 151* | *145 471* | *3 668* | *22 509* | *44 656* |
| Економии во транзиција | 52 980 | 703 268 | 601 389 | 19 611 | 370 457 | 307 764 |
| Југоисточна Европа | 2 254 | 43 465 | 52 838 | 16,00 | 2 899 | 4 148 |
| Албанија | 247 | 3 255 | 4 826 | - | 154 | 259 |
| Босна и Херцеговина | 450 | 6 709 | 6 726 | - | 195 | 294 |
| Србија | 1 017 | 22 299 | 28 825 | - | 1 960 | 2 870 |
| Црна Гора | - | 4 231 | 4 344 | - | 375 | 390 |
| *Македонија* | *540* | *4 351* | *4 572* | *16* | *100* | *119* |

Извор: УНКТАД, World Investment Report 2016.

Споредено со соседните земји, Република Македонија и Босна и Херцеговина имаат слична динамика и вредност на СДИ по глава на жител и тие бележат најниско ниво на инвестиции по глава на жител во однос на другите соседни земји (види графикон 2.4). Според податоците од базата на податоци на Светска банка[37], Црна Гора и Бугарија бележат непостојан тек на СДИ, со пад на инвестициите во последните 4 години. Единствено Хрватска бележи значителен пораст на СДИ во 2014-тата, споредено со претходната година, што не е случај во останатите разгледувани земји.

---

[35] *Bartlett, W. (2010), The Social Impact of the Global Economic Crisis in the Western Balkans with a focus on the Republic of Macedonia.* European Institute London School of Economics and Political Science, PECOB's Papers Series, #01.

[36] Estrin S. & Uvalic M. (2013), *Foreign direct investment into transition economies: Are the Balkans different?.* LEQS Paper No. 64.

[37] http://data.worldbank.org/

Графикон 2.4 СДИ по жител, земји во регионот, еур




Извор: Податоци од базата на податоци од Светска банка

При привлекувањето на странските инвестиции, Република Македонија заостанува во однос на другите земји во регионот. Иако во последните години има подобрување во инвестициската клима, таа сè уште е на незадоволително ниво. При привлекувањето на странските инвестиции, важно е да се задржи фокусот во процесот на економското управување, на структурните реформи и владеењето на правото, функционалноста на судството, борбата со корупцијата, функционирањето на администрацијата и јавниот сектор. Овие критики ги упатуваат странските организации и институции. Во најновото истражување на „Транспаренси интернешнал“ (*Transparency International*), Република Македонија се најде на 66 место на скалата на Индексот на перцепција за корупцијата, во 2015-тата година и местото го дели со Турција.[38] Од друга страна, Република Македонија и во најновиот извештај на „Дуинг бизнис“ (*Doing Business 2015*), се најде меѓу водечките десет топ-реформатори, а на глобалната ранг-листа се наоѓа на високото 30-то место.[39]

---

[38] Transparency International, http://www.transparency.org/cpi2015?gclid=CJXhx4LFpcwCFQ0SGwodk-gPdg#results-table

[39] World Bank (WB): *Doing Business*, http://www.doingbusiness.org/data/exploreeconomies/macedonia-fyr

### 2.2.1.1. СДИ од Република Турција во Република Македонија

Нивото на економската интеракција меѓу Република Турција и Република Македонија е далеку под нејзиниот потенцијал. Но што точно е тоа потенцијал и како може тој да се исполни? Во овој дел е даден кус историски преглед на инвестициите и на билатералната трговија меѓу Република Турција и Република Македонија.

За износот на странските директни инвестиции во Република Македонија од Република Турција, Народната банка на Република Македонија (НБРМ) располага со податоци за состојбите на директните инвестиции за периодот од 1997 година и со податоците за движењата на директните инвестиции за периодот од 2003-тата година. Народната банка на Република Македонија сѐ уште не изготвува податоци по дејности поодделно за секоја земја, така што нема статистика на податоци за директните инвестиции од Република Турција во Република Македонија, по дејности.

Следните податоци за странските директни инвестиции од Република Турција во Република Македонија, се однесуваат за наведените периоди, изразени во милиони евра, по години.

Табела 2.4 Странски директни инвестиции од Република Турција во Република Македонија – состојба и движења (претходни податоци, во милиони евра)

| | Состојба | | | Движења |
|---|---|---|---|---|
| | Вредност | Вкупно | Учество во % | Вредност по год. |
| 1997 | 0,70 | **141,22** | 0,50 | |
| 1998 | 1,15 | **270,37** | 0,42 | |
| 1999 | 14,24 | **359,90** | 3,96 | |
| 2000 | 16,12 | **580,05** | 2,78 | |
| 2001 | 16,23 | **1.039,15** | 1,56 | |
| 2002 | 17,98 | **1.160,71** | 1,55 | |
| 2003 | 18,86 | **1.292,14** | 1,46 | 1,51 |
| 2004 | 26,49 | **1.610,22** | 1,65 | 3,95 |
| 2005 | 25,06 | **1.768,97** | 1,42 | 0,33 |
| 2006 | 27,72 | **2.098,57** | 1,32 | 3,90 |
| 2007 | 34,91 | **2.545,17** | 1,37 | 2,01 |
| 2008 | 42,98 | **2.968,75** | 1,45 | -1,50 |
| 2009 | 49,74 | **3.141,38** | 1,58 | 4,43 |
| 2010 | 48,29 | **3.255,97** | 1,48 | 15,53 |
| 2011 | 117,23 | **3.615,08** | 3,24 | 77,12 |
| 2012 | 145,32 | **3.685,54** | 3,94 | 23,53 |
| 2013 | 168,13 | **3.979,97** | 4,22 | 22,81 |
| 2014 | 182,1 | **4.023,6** | 4,52 | 17,05 |
| 2015 | 214,6 | **4.400,1** | 4,87 | 17,10 |
| 2016 | 247,8 | **4.657,3** | 5,32 | 24,61 |

Извор: Народна банка на Република Македонија [40]

Според горедадените официјални податоци на СДИ, Република Турција, со 247,8 милиони евра (или со 5,32% учество), како вкупна состојба на директните инвестиции во Република Македонија во периодот меѓу 1997-2016 година, е на шесто место меѓу странските инвеститори во Република Македонија.[41] Според нашите анализи и

[40] Во јуни, 2014 година, извршена е ревизија на податоците за 2010, 2011 и 2012 година, во согласност со „Прирачникот за платен биланс и меѓународна инвестициска позиција“ (БПМ6), VI издание, ММФ.

[41] Во Република Македонија, официјалните податоци за СДИ се евидентираат од страна на Народната банка на Република Македонија. Турските истражувачи имаат критики на регистрацијата на СДИ, така што, според нив, НБРМ ги регистрира само почетните износи, но не и приливите кои доаѓаат подоцна, во текот на инвестицијата, а кои го сочинуваат најголемиот дел од износот. Причината за покажаниот мал износ на СДИ од Република Турција се бара во овој факт.

претпоставки, овој износ е многу поголем и во наредниот период има простор за значително зголемување на инвестициите од Република Турција.

Графикон 2.5 Состојба на директните инвестиции од Република Турција




Извор: Обработка од авторот според базите на НБРМ, ДЗС, Министерството за финансии на Р. М.

Во графиконите се гледа дека делот на СДИ од Република Турција, во БДП и во вкупните СДИ во Република Македонија, се одвива по нагорна линија, а, исто така, во периодот од 2010-тата до 2015-тата година, растот на СДИ од Република Турција е поголем од реалниот раст на вкупните СДИ и БДП на Република Македонија. Исто така, има голем потенцијал за соработка што сѐ уште не е искористен меѓу двете земја, што ќе влијае на понатамошниот раст на овие двигатели.

Графикон 2.6 Посредување за вработување на странски државјани




Извор: Обработка од авторот според базата на АВРМ: *Вработување странци*, (http://avrm.gov.mk/vrabotuvanje-na-stranci.nspx) и според годишните извештаи.

Интересни се и податоците за вработување на странците, особено на турските државјани. Во 2015-тата година, вкупниот број издадени позитивни работни дозволи изнесува 3.417, од кои 646 се однесуваат на турски државјани. Во претходниот графикон, во периодот 2009-2015 година, се забележува раст (дури 92%) на издадени работни дозволи за државјани на Република Турција. Според нашите анализи, издадените работни дозволи повеќе се однесуваат на вработените со менаџерски вештини, специјализирани за работи кои придонесуваат за отворање нови работни места.

Растот на трговската размена е причината зошто турските индустријалци и бизнисмени сè повеќе инвестираат во Република Македонија. Според прогнозите на трговскиот конзулат на Република Турција во Скопје, има повеќе од 200 фирми од Република Турција кои се регистрирани во Република Македонија. Во следната табела е дадена листа на позначајните турски компании во Република Македонија.

Табела 2.5 Листа на позначајни турски компании и трговски брендови во Република Македонија

| Фирма | Датум на почеток | Износ мил.Еур | Врабо-тување | Фирма | Датум на почеток | Износ мил.Еур | Краен датум на завршување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Завршени работи (според датумот) | | | | Проекти во тек | | | |
| „Стоун бриџ“ (хотел) | 2004 | 10 | 120 | „Џевахир Холдинг“ –Скј | 2012 | 300 | 2018 |
| „Хисар туризам“ | 2005 | 10 | 70 | „Џевахир Холдинг“-Сан | 2014 | 200 | 2020 |
| „Вардар доломит“ | 2005 | 5 | 100 | „Сити плаза – Хилтон“ | 2013 | 25 | 2016 |
| „Рамстор Македонија“ | 2005 | 50 | 575 | „Елиф Иншаат“ (Инт.балкан универзити) | 2014 | 37 | 2016 |
| „Гама повер“ | 2007 | 80 | | „Новатек Македонија“ | 2014 | 4 | 2015 |
| „Евроазија техника (сити плаза)“ | 2009 | 22 | 65 | „Лимак“ | 2016 | 200 | |
| „Кале лтд“ | 2005 | 1 | | | | | |
| „Арманекс“ („Паламут груп“) | 2005 | 1,5 | 100 | Планирани проекти во почетна фаза | | | |
| „ТАВ Македонија“ | 2010 | 110 | 650 | „Веибо груп“ – Куманово | 2014 | 400 | 2017 |
| „Халкбанк А.Ш.“ | 2011 | 65 | 491 | „Лимак холдинг“ | 2015 | 200 | 2019 |
| „Европска очна клиника“ | 2011 | 10 | 84 | „Ант енержи“ – Тетово | | 1 | |
| „Суташ“ (Балканска млекарница) | 2012 | 20 | 82 | „Истем медикал“ – Бунарџик | | | |
| „Аџибадем“ | 2012 | 20 | 740 | „Окси груп“ – Битола | | 1 | |
| „Сити плаза“ („Капитол“) | 2013 | 30 | 500 | „Панамед“ – лекови | | | |
| „Њуборн – центар за плодност“ | 2014 | 0,7 | 18 | „Матек медикал“ – Бунарџик | | 15 | |
| „Бехар А.Ш. – Фибула“ („Изгрев“ хотел) | 2014 | | | „Менсан отомотив“ | | 1,5 | |
| „Новатек“ | 2013 | 1 | 10 | „Акатекс/Ака груп“ – Куманово | | | |
| „Принцес хотел-казино“ Гевгелија | | | | „Илфа текстил“ | | | |
| „Левидиа“ (земјоделие) | 2012 | | | „Р груп – Реалтекс“ – Штип | | 2 | |
| Изведувач-фирми | | | | Трговски фирми и брендови | | | |
| „Џенгис иншаат А.Ш.“ Елем-Бошков мост ХЕЦ | 2014 | 88 | | *Туркиш аирлајнс, Пегасусу, Алтинбаш, Тач, Лива тајм, Бадем тур, Евар козметик, Кале, Таб гида бургер кинг, ЛС Ваикики, Оздилек, Котон, Курум холдинг (Еуро актива), Океан ком трејд (Улкер), Ети, Чифт јилдиз мермер, Полин, Узел Јагјемезлер* | | | |
| „Аселсан“ Мод.патарини коридор 10 | 2014 | 18,7 | | | | | |
| „Кутаноглу иншаат“ 2ХЕЦ | | 8 | | | | | |
| „Адали холдинг“ | | | | | | | |
| „Калтун маденџилик АШ Акчелик“ | | | | | | | |

Извор: МАТТО и обработка од авторот.

Најзначајните инвестиции од Република Турција во Република Македонија се забележуваат во 2005 година. Меѓу првите најголеми инвестиции можат да се вбројат:

- трговскиот центар „Рамстор Македонија“[42] од „Коч холдинг“,
- „Вардар доломит“ од страна на „Хазнедар холдинг“,
- „Зираат банка“, сегашна „Халк банка“ А.Д., формирана во 1998 година,
- „ТАВ Македонија“ (аеродроми),
- „Џевахир холдинг“ (проект: изградба на висококатници и сончев град),

[42] Инвестицијата во НБРМ официјално е регистрирана како инвестиција од Р. Бугарија.

- „Суташ“ во „Балканска млекарница“ („Сведмилк“),
- „Аџи Бадем“ (во „Систина“ – здравство),
- „Европска очна клиника“ (здравство),
- „Бехар А.Ш. – Фибула“ (во „Изгрев“ хотел – угостителство) и други.

Странските компании во Република Македонија често се соочуваат со проблемите на оперативната и административната обемност, со што се попречува нормалниот тек на бизнисот. Такви чести проблеми и практики со кои компаниите во Република Македонија се соочуваат се:

- *Администрација:* долги и бавни административни процедури;
- *Пазар и регулатива:* пазарот се смета за недоволно развиен и законската регулатива не е целосно приспособена на современите трендови;
- *Конкуренција:* нелојална конкуренција во однос на работната сила во градежништвото, во однос на доминантната улога на домашните компании како спротивставена страна на странските компании;
- *Кадар:* нема доволно стручен кадар за посложени видови градежни активности;
- *Ризици:* продолжена политичка криза и стагнација на новите инвестиции на пазарот.

- *Се идентификувани следните клучни катализатори за идните инвестиции од Република Турција:*

- Влегувањето на турските банки е еден од најважните настани за унапредување на билатералните економски односи.

- Турските инвеститори се обидуваат да влезат во македонската економија, главно, преку браунфилд-инвестиции.

- Значителен дел од компаниите во регионот се од Мраморно и Егејското море и се основани од индустријалци со корени од Балканот и веќе имаат воспоставено добри бизнис-односи.

- Република Македонија се перцепира како отскочна даска на патот кон создавање глобални операции.

- Повеќедневните летови од страна на турските авиокомпании до Скопје и до сите главни градови во регионот ја олеснуваат интеграцијата.

- Турските универзитети нудат значајни можности да се најде висок квалитет на човечки капитал кои го совладуваат добро и турскиот јазик.

- Имиџот на турските инвеститори во регионот не е униформиран и може да се бара интервенција за да се исправи тоа на среден рок.

### 2.2.2. Надворешната трговија на Република Македонија низ броеви

Главните цели од склучувањето на договорите се: да се поттикне растот на трговијата помеѓу страните, да се зголемат странските директни инвестиции, да се отстранат царините и нецаринските бариери во меѓусебната трговија и да се постигне поголема транспарентност на трговските политики.

Република Македонија тековно применува пет договори за слободна трговија кои опфаќаат 40 трговски партнери: 28 држави на ЕУ, 4 земји на ЕФТА, 7 членки на ЦЕФТА, Турција и Украина. Република Македонија со овие мултилатерални и билатерални договори за слободна трговија овозможува пристап на пазарот за над 650 милиони клиенти, додека Република Турција, преку неа, овозможува пристап на новите пазари како што се Магреб и Блискиот Исток.

Табела 2.6 Кратка информација за надворешната трговија – местото во светската трговска размена, 2015.

| | Извоз | | | | | | Увоз | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | МАКЕДОНИЈА | | | ТУРЦИЈА | | | МАКЕДОНИЈА | | | ТУРЦИЈА | | |
| | Ранг | Вред ност* | Учест во во % | Ранг | Вред ност* | Учест во во % | Ранг | Вред ност* | Учест во во % | Ранг | Вред ност* | Учест во во % |
| Трговија со стоки | 111 | 4.490 | 0,03 | 31 | 143.883 | 0,87 | 113 | 6.400 | 0,04 | 21 | 207.199 | 1,24 |
| Без интра-ЕУ трговија | 86 | | | 22 | | | 88 | | | 15 | | |
| Трговија со услуги | 113 | 1.515 | 0,03 | 26 | 45.910 | 0,97 | 129 | 1.119 | 0,02 | 39 | 20.819 | 0,45 |
| Без интра-ЕУ трговија | 86 | | | 15 | | | 102 | | | 26 | | |

* милиони САД-долари

Извор: Светска трговска организација – СТО (WTO), World Development Indicators 2015. http://stat.wto.org/CountryProfiles/MK_e.htm; http://stat.wto.org/CountryProfiles/TR_e.htm

Република Македонија станува член на Светската трговска организација (СТО) на 4 април 2003 година, дури осум години по Република Турција, која станува членка на 26 март 1995 година. Според статистиките на СТО од 2015-тата година, БДП на Република Македонија е 10.086 милиони САД-долари, на Република Турција 718.221 милиони САД-долари и во 2015-тата година, во вкупниот извоз на стоки во светот, Република Македонија е на 86. место (ЕУ како една земја), додека Република Турција е на 22. место по ред, како најголема извозничка земја. Во истата година, во целиот увоз на светот, Република Македонија е на 88. место, а од друга страна, Република Турција е на 15. место.

Табела 2.7 Стоковна размена, 2015 година.

| Извоз | | **Стоковна размена, 2015** | Увоз | |
|---|---|---|---|---|
| Македонија | Турција | Групи | Македонија | Турција |
| 12,2 | 11,9 | Земјоделски производи | 12,6 | 7,8 |
| 5,8 | 6,7 | Горива и рударски производи | 25,9 | 20,7 |
| 82,0 | 74,5 | Инд. производи | 61,4 | 65,4 |

Извор: СТО (WTO), World Development Indicators 2015.

Во горедадената табела, јасно се гледа дека кај двете земји, индустриските производи имаат најголемо учество во севкупниот извоз и увоз.

Графикон 2.7 Надворешна трговија на Република Македонија, 1990 -2016, во мил. САД-долари.




Извор: Државен завод за статистика на Р. М.

Во 2016 година, вкупната размена на Република Македонија изнесува 11.545 милиони САД-долари, од кои 4.787 милиони САД-долари извоз и 6.757 милиони САД-долари увоз. Во истата година, ако се анализира стоковната размена според основните категории, може да се заклучи дека интермедијарните производи заземаат најмногу место во извозот (2.512 мил. евра) и во увозот (4.087 мил. евра), а по тоа, по ред, следат производите за широка потрошувачка (1.104 и 1.178 милиони евра) и капиталните производи (706 и 645 милиони евра).[43] Подолу, во табелата, се дадени топ-пет производи кои имаат големо (2/3 од извозот и 1/3 од увозот) учество во вкупните извоз и увоз.

Табела 2.8 Извоз и увоз на топ-5 производи во Република Македонија, 2015 година, во мил. еур.

| | Извоз топ 5 производи | Износ | Учест во % |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **4.051,23** | **100,0** |
| 1 | хемиски материи и производи | 779,17 | 19,2 |
| 2 | железо и челик | 518,03 | 12,8 |
| 3 | облека | 477,05 | 11,8 |
| 4 | индустриски машини за општа употреба | 446,57 | 11,0 |
| 5 | електрични машини, делови-неспоменато | 392,80 | 9,7 |

| | Увоз топ 5 производи | Износ | Учест во % |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **5.776,93** | **100,0** |
| 1 | обоени метали | 743,58 | 12,9 |
| 2 | нафта и производи од нафта | 411,66 | 7,1 |
| 3 | текстил предива и слично | 411,48 | 7,1 |
| 4 | електрични машини, делови-неспоменато | 354,63 | 6,1 |
| 5 | железо и челик | 292,52 | 5,1 |

Извор: Обработка од авторот според базата на податоци на НБРМ.

Во следните табели се дадени по ред извозот и увозот, по отсеци, на Република Македонија, каде што, во последните пет години, се забележува промена на местото на неколку производи.

Графикон 2.8 Извоз и увоз на Република Македонија по отсеци, 2006-2016 (во мил. еур)




[43] Макстат-база на податоци на ДЗС.




Извор: НБРМ.

Во последните десет години, во извозот на топ-5 производи доаѓа до промена на редоследот. Железото и челикот, што го заземаа првото место, им отстапуваат на хемиските материи и производи, кои од 2010-тата година бележат значителен пораст. Од друга страна, во увозот на топ-5 производите, исто така, има промена во редоследот; обемот кај нафтата и производите од нафта опаѓа, но кај обоените метали има забележителен пораст.

Од друга страна, според статистичките податоци, во Република Македонија само 3.396 компании извезуваат, што е 4.8% од вкупниот број (70.139) активни трговски друштва. Само 103 големи фирми (со 250+ вработени) извезуваат дури 66.5% од вкупниот извоз. Тоа е многу мал број извозни компании, ако тој се спореди со односот на извозните компании во регионот.

Табела 2.9 Обем на стоковната размена со странство на Република Македонија, 2015 година, во мил. еур

| Ред | Земја | Обем | Учество % | Извоз | Учество % | Увоз | Учество % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Германија | 2799,0 | 25,70 | 1990,05 | 44,32 | 808,95 | 12,64 |
| 2 | Србија | 698,3 | 6,41 | 205,09 | 4,57 | 493,19 | 7,71 |
| 3 | В.Британија | 667,5 | 6,13 | 47 | 1,05 | 620,53 | 9,70 |
| 4 | Грција | 665,0 | 6,11 | 165,7 | 3,69 | 499,25 | 7,80 |
| 5 | Бугарија | 611,3 | 5,61 | 270,79 | 6,03 | 340,54 | 5,32 |
| 6 | Италија | 567,4 | 5,21 | 181,36 | 4,04 | 386,01 | 6,03 |
| 7 | Кина | 533,3 | 4,90 | 142,82 | 3,18 | 390,5 | 6,10 |
| 8 | Турција | 392,8 | 3,61 | 73,38 | 1,63 | 319,44 | 4,99 |
| 9 | Романија | 314,0 | 2,88 | 107,39 | 2,39 | 206,61 | 3,23 |
| 10 | Белгија | 217,8 | 2,00 | 143,03 | 3,19 | 74,77 | 1,17 |
| 16 | Холандија | 172,3 | 1,58 | 57,99 | 1,29 | 114,27 | 1,79 |
|  | **Вкупно** | **10889,8** | **100,00** | **4489,93** | **100,00** | **6399,87** | **100,00** |

Извор: Обработка од авторот според базата на податоци на НБРМ.

Во 2015 година, најголемо учество во извозот на стоки имаат земјите-членки на ЕУ 28 (77%) и земјите од Западен Балкан (12.6%), а во увозот на стоки, најголемо учество имаат земјите-членки на ЕУ 28 (62%) и другите земји, на друго место неспомнати (14.6%), и на трето место, земјите од Западен Балкан (9.8%). Според вкупниот обем на надворешно-трговската размена, Република Македонија најмногу тргува со Германија, Велика Британија, Грција, Србија, Бугарија и Италија (55% од вкупната надворешно-трговска размена се врши со овие шест земји). Турција, во истиот период, го задржува 8. место по ред како земја во вкупниот обем на надворешната трговска размена (3.61 %).

### 2.2.2.1. Трговска размена на Република Македонија со Република Турција

Очигледно е дека меѓу двете земји трговските и економските односи заостануваат пред добрите политички односи.

Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција ја регулира трговијата меѓу двете држави и се применува од 1 септември 2000 година. Со овој договор, двете земји отворија пат за слободна трговија и за пристап на индустриските производи. Според истиот закон, до 2008 година, пропорционално се намалуваа царинските стапки. Од 1 јануари 2008 година, се воведува нула-царина за индустриската стока, додека за земјоделските производи остануваат во употреба царините и квантитативните ограничувања и за трговијата со текстилни производи се употребува системот на двојна проверка која е регулирана со Меморандумот за разбирање за трговија со текстилни производи, склучен во Скопје, на 27 октомври 1997 година (ратификуван на 11.2.1998 година).

Со влегувањето во сила на протоколот за хармонизиран систем на кумулација за потекло на стоката, кој е потпишан во Анкара и стапува во сила од 1 јули 2009 година, со исклучок на земјоделските производи и производите од јаглен и челик, се овозможува обработка, или преработка, на материјалите (состојка, суровина итн.) и производите се сметаат како производи со потекло од Република Македонија/Турција и се извезуваат без царина на ЕУ-земјите или која било земја или територија вклучена во процесот за стабилизација и асоцијација на Европската Унија.

Развојот на трговската соработка со Република Турција, во изминатиот период, изразен низ показателите што се изготвени според статистичките показатели на Државниот завод за статистика на Република Македонија, се дадени подолу. Мора да се напомне дека има разлика во статистичките податоци меѓу двете државни институции и за да се потврди тоа, во табелата се дадени показатели и од Заводот за статистика на Република Турција (TÜİK). Истата напомена се однесува и на различните статистики меѓу државните институции во Република Македонија.

Табела 2.10 Трговска размена на Република Македонија со Република Турција (во мил. САД-долари)

| Година | Вкупен извоз | Извоз | | Вкупен увоз | Увоз | | Обем | | Рамнотежа | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **ДЗС** | *TUIK* | | **ДЗС** | *TUIK* | **ДЗС** | *TUIK* | **ДЗС** | *TUIK* |
| 1990 | **1.112,79** | **15,21** | | **1.530,85** | **38,55** | | **53,76** | | **-23,33** | |
| 1991 | **1.095,45** | **18,09** | | **1.274,17** | **28,27** | | **46,35** | | **-10,18** | |
| 1992 | **1.198,62** | **17,53** | 12,9 | **1.206,11** | **32,49** | 5,0 | **50,03** | 17,9 | **-14,96** | 7,9 |
| 1993 | **1.055,30** | **43,79** | 19,6 | **1.199,35** | **34,30** | 33,7 | **78,09** | 53,3 | **9,49** | -14,1 |
| 1994 | **1.086,34** | **35,38** | 18,6 | **1.484,09** | **47,68** | 60,3 | **83,06** | 78,9 | **-12,30** | -41,7 |
| 1995 | **1.204,05** | **38,27** | 50,4 | **1.718,90** | **55,17** | 76,7 | **93,44** | 126,8 | **-16,90** | -26,1 |
| 1996 | **1.147,44** | **18,17** | *31,71* | **1.626,92** | **44,27** | *74,25* | **62,44** | *105,97* | **-26,09** | *-42,54* |
| 1997 | **1.236,81** | **24,30** | *30,22* | **1.778,51** | **49,52** | *77,39* | **73,82** | *107,61* | **-25,23** | *-47,18* |
| 1998 | **1.310,68** | **9,12** | *13,24* | **1.914,66** | **51,19** | *68,19* | **60,31** | *81,43* | **-42,07** | *-54,95* |
| 1999 | **1.191,27** | **8,38** | *7,88* | **1.776,15** | **53,67** | *93,67* | **62,04** | *101,55* | **-45,29** | *-85,79* |
| 2000 | **1.322,62** | **10,31** | *10,47* | **2.093,87** | **52,43** | *107,77* | **62,74** | *118,24* | **-42,11** | *-97,30* |
| 2001 | **1.157,51** | **8,59** | *9,12* | **1.693,60** | **46,61** | *89,82* | **55,20** | *98,93* | **-38,02** | *-80,70* |
| 2002 | **1.115,53** | **8,46** | *14,91* | **1.995,16** | **59,26** | *101,32* | **67,72** | *116,23* | **-50,80** | *-86,40* |
| 2003 | **1.366,99** | **32,81** | *27,34* | **2.306,35** | **78,82** | *122,72* | **111,63** | *150,06* | **-46,02** | *-95,37* |
| 2004 | **1.675,88** | **53,95** | *51,94* | **2.931,63** | **94,88** | *149,33* | **148,84** | *201,27* | **-40,93** | *-97,40* |
| 2005 | **2.042,30** | **46,31** | *52,08* | **3.232,84** | **113,90** | *162,48* | **160,21** | *214,56* | **-67,59** | *-110,40* |
| 2006 | **2.415,16** | **55,25** | *55,95* | **3.752,26** | **122,52** | *172,76* | **177,77** | *228,70* | **-67,28** | *-116,81* |
| 2007 | **3.398,27** | **53,78** | *55,82* | **5.280,58** | **198,46** | *271,74* | **252,24** | *327,56* | **-144,68** | *-215,93* |
| 2008 | **3.990,64** | **31,55** | *29,71* | **6.882,65** | **272,14** | *296,17* | **303,70** | *325,89* | **-240,59** | *-266,46* |
| 2009 | **2.708,49** | **40,79** | *39,88* | **5.072,82** | **253,38** | *283,46* | **294,17** | *323,34* | **-212,58** | *-243,59* |
| 2010 | **3.351,43** | **50,91** | *52,40* | **5.474,48** | **261,65** | *262,62* | **312,56** | *315,02* | **-210,74** | *-210,22* |
| 2011 | **4.478,31** | **73,43** | *91,96* | **7.027,16** | **345,41** | *298,86* | **418,85** | *390,82* | **-271,98** | *-206,90* |
| 2012 | **4.015,40** | **66,81** | *103,22* | **6.522,39** | **325,43** | *274,50* | **392,24** | *377,72* | **-258,62** | *-171,27* |
| 2013 | **4.266,86** | **71,81** | *81,52* | **6.619,59** | **316,08** | *293,98* | **387,89** | *375,49* | **-242,81** | *-212,46* |
| 2014 | **4.964,13** | **67,60** | *79,19* | **7.301,37** | **377,83** | *347,97* | **445,43** | *427,16* | **-310,23** | *-268,78* |
| 2015 | **4.489,93** | **73,38** | *80,93* | **6.399,87** | **319,44** | *324,61* | **392,82** | *405,54* | **-246,06** | *-243,68* |
| 2016 | **4.787,19** | **70,72** | *82,58* | **6.757,45** | **349,26** | *378,00* | **419,98** | *460,,58* | **-278,54** | *-295,42* |

Извор: НБРМ, ДЗС http://nbrm.mk/?ItemID=529E21A79694BB4DBB68D3DDA1E7D78D,
ТУИК, www.tuik.gov.tr/PreTabloArama.do

Забелешка: [44]
ДЗС – Државен завод за статистика на Р. Македонија
TUIK- Türkiye İstatistik Kurumu [Завод за статистика на Р. Турција]

Република Турција, во 2015-тата година, е 8. по ред земја со најголем обем на размена со Република Македонија, додека во 1990-тата година, таа е на 12 место (види графикон 3.3). Во вкупниот извоз на Република Македонија, Република Турција, во 2015-тата година, се наоѓа на 12. место, во 1990-тата година, на 12-тото место, но има подобар резултат во однос на 2000-тата и 2008-та година. Додека, во 2015-тата година, во вкупниот увоз на Република Македонија, Република Турција е на 8. место по ред и има подобар резултат од 1990-тата, 2000-тата и 2008-та година. Од друга страна, во вкупниот извоз на Република Турција, во 2016-тата година, Република Македонија е на 61. место, додека во вкупниот увоз, таа е на 96. место по ред.

Во 2014-тата година, во структурата на БДП на Република Турција, имаат учество: земјоделството со 22,3%, индустријата со 20,1% и услугире со 57,7%.

Графикон 2.9 Стоковна размена според основните економски категории, 2015 година, мил.еур.




Извор: ДЗС.

Од горедадениот графикон, јасно се гледа дека во структурата на увозот на Република Турција од Република Македонија доминираат суровините.

[44]Статистиката на стоковната размена се базира врз принципот на специјалната трговија (проширена дефиниција), според кој во извозот се опфаќа сета стока извезена во странство и во странските царински складишта и комерцијалните слободни зони што е од домашно потекло, просториите за внатрешно облагородување и индустриските слободни зони. Во увозот се опфаќаат сите стоки, без разлика дали се увезени директно од странство, од царински транзит или од царински складишта и комерцијални слободни зони, а се наменети за производство, инвестиции или широка потрошувачка.

Табела 2.11 Извоз и увоз по земји, според секторите на СМТК, 2014, во илјади САД-долари

| | Вкупно | Храна и живи животни | Пијалаци и тутун | Суровини (кои не се храна) освен гориво | Минерални горива, мазива и сродни производи | Животински и растителни масла, масти и восоци | Хемиски и сродни производи, н.н | Производи класирани според материјалот | Машини и транспортни уреди | Разни готови производи | Стоки и трансакции и некласирани на друго место во СМТК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно Извоз** | **4 964 132** | **388 846** | **223 225** | **267 997** | **87 100** | **12 238** | **1 053 829** | **962 402** | **1 044 293** | **920 053** | **4 149** |
| Турција | 67 605 | 1 959 | 31 | 6 356 | 447 | - | 1 232 | 51 586 | 5 611 | 60 | 323 |
| | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно Увоз** | **7 301 370** | **686 430** | **71 531** | **268 657** | **1 051 621** | **56 196** | **828 097** | **2 496 788** | **1 365 116** | **470 709** | **6 226** |
| Турција | 377 831 | 27 328 | 231 | 17 474 | 13 154 | 164 | 42 060 | 160 261 | 64 707 | 51 775 | 676 |

Извор: ДЗС.

Извозот на Република Македонија кон Република Турција, освен стоки, во гранките од традиционалните сектори има интенција и на производи со висока додадена вредност.

Сличностите во потрошувачките навики меѓу луѓето во Република Турција и во Република Македонија, особено во регионот, прават многу профитабилен пазар за турските компании.

Македонскиот пазар е неразвиен во целост од различни аспекти, но во речиси сите сектори има можности за конкуренција. Имајќи го ова предвид, следните сектори доаѓаат до израз како потенцијални сектори: сите видови преработена храна и земјоделски производи, свеж зеленчук/овошје, градежни производи, текстил/облека, машини и опрема/делови, автомобилски делови, гуми за возила, лекови, медицински помагала, бела техника, козметички производи, хигиенски производи, мебел, производи за осветлување, пластична амбалажа, производи од хартија/картони, електроника, керамички производи, клими и други. Во иднина, врз основа на договорот за слободна трговија, со ослободување од даноците и квотите за земјоделските производи и живите животни, освен зголемувањето на обемот на трговијата, ќе се носат и нови директни инвестиции во овие сектори, во Република Македонија.

Табела 2.12 Извоз и увоз на поважни производи со Република Турција на Република Македонија во 2014 година.

| Извоз | | | | Увоз | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Производ | Количество во тони | Вредност | | Производ | Количество во тони | Вредност |
| **Вкупно** | **68 902** | **67 605** | | **Вкупно** | **312 634** | **377 831** |
| Плоснато-валани производи од железо или нелегиран челик, неплатинирани или необложени, не повеќе обработувани од топло-валаните со ширина од 600мм или повеќе, не намотани | 27 764 | 17 724 | | Нафтени масла и масла добиени од битуменозни минерали (освен сурови) и преработки н.н., со содржина поголема од 70% на нафтени масла и масла добиени од битуменозни минерали, ако овие масла се основните | 12 537 | 13 034 |
| Други ткаенини од памук до 85% памук, маса поголема од 200г/м$^2$ деним (тексас) | 1 577 | 8 979 | | Руди на никел и концентрати | 124 191 | 10 194 |
| Огноотпорни тули, блокови, плочки, керамички | 12 084 | 5 903 | | Плоснато-валани производи од железо или нелегиран челик, | 14 792 | 8 781 |
| Ткаенини од сечени синтетички влакна со други | 1 116 | 5 369 | | Други плетени или хеклани материјали, н.н. | 1 038 | 7 681 |
| Рафиниран бакар | 751 | 5 097 | | Санитарни крпи и тампони, салфетки и пелени за бебиња и | 1 963 | 7 150 |
| Табли, плочи (вклучвајќи плочи за нумеричко управување), пултови, ормани и останати основи,опремени со две или повеќе апарати од подгрупа 7724 или 7725, за еликтрична контрола или за дистрибуција на електрична енергија за напон до 1000 V | 28 | 4 113 | | Предиво од памук (освен конец за шиење), со 85% или повеќе памук по маса, не за продажба на мало | 2 160 | 7 135 |
| Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, обложени со цинк, на друг начин обложени, со ширина 600мм и поголема | 4 641 | 3 016 | | Ткаенини од сечени синтетички влакна со други влакна | 427 | 5 481 |
| Сурови кожи, овчи и јагнешки со волна, свежи или солени, сушени,или поинаку конзервирани | 771 | 2 787 | | Други ткаенини со 85% памук или повеќе, белени, обоени, печатени или на друг начин изработени, со маса до 200г/м$^2$ од предива во различни бои | 193 | 5 401 |
| Неткаен текстил, импрегниран, пресвлечен | 735 | 1 799 | | Плетени или хеклани ткаенини со ширина поголема од 30см | 436 | 5 392 |
| Други ткаенини со 85% памук или повеќе, маса поголема од 200г/м$^2$ деним (тексас) | 260 | 1 265 | | Печки, шпорети, решоа, скари и слично | 972 | 5 112 |

Извор: ДЗС.

Со реализирањето на проектот „Коридор X“ (патниот и железничкиот сообраќај), со градењето на карго-аеродромот во Штип и/или со преместувањето во Охрид[45], ќе се придонесе кон дополнителниот развој на билатералната трговија.

Со опсервацијата на тоа како се склучувани договорите за билатералната соработка помеѓу двете земји, може слободно да се заклучи дека правната рамка за економските односи меѓу двете држави се воспостави релативно брзо. Сепак, не може тоа да се каже и за економските релации, кои не ја следат истата динамика.

Гледано од аспектот на потпишаните договори и резултати со другите земји, се забележува дека Република Македонија со Република Турција има небалансиран економски однос кој во последните години се подобрува со многу побрза динамика. Иако, турските инвеститори оценуваат дека Република Македонија е најдобро организирана во привлекувањето на странските инвеститори во однос на другите балкански земји, сепак ние сѐ уште ги немаме исцрпено сите можности за привлекување турски инвестиции.

Треба да се потенцира дека Република Турција има голема и брзорастечка економија, во моментот 16-та најголема економија во светот и 6-та по големина во споредба со економиите на земјите на ЕУ, стабилен економски раст, функционални институции на пазарната економија, динамичен и зрел приватен сектор. Гледано во овој контекст може да се истакне дека Република Македонија има потреба да бара начини како да го поттикне извозот кон Република Турција. Со оглед на тоа дека во структурата на досегашниот извоз на Република Македонија кон Република Турција се застапени стоки кои се произведени во традиционалните сектори, треба да се инсистира на поттикнување на размената и извозот на производи со повисока додадена вредност.

[45]Актуелна тема но офицајлно не конфирмарана.

## Глава 3 – Трговски и економски односи помеѓу Република Македонија и Република Турција: компарација со Република Грција и Холандија

Во **третиот дел** се прави компарација на економските односи со Република Грција и со Кралството Холандија со нашата земја. Сето тоа ставено во контекст на компарацијата со актуелните економски резултати што ги имаме со Република Турција. Тука се спротивставени двете позиции. Од една страна, имаме многу добри политички односи, а послаба економска соработка со Република Турција, додека, од друга страна, има послаб политички однос со многу добри економски односи со фирми од Република Грција. Овие економски факти се потврдуваат со приложените статистички податоци од надворешната трговија и странските директни инвестиции меѓу овие земји. Од друга страна, инвестициите од Република Грција во Република Македонија се од големо стратешко значење. Притоа, не може да не се констатира дека наспроти добрите економски и трговски односи кои продолжуваат на високо ниво, од друга страна, политичките односи со Република Грција се длабоко заглавени во проблематиката околу „името“ на нашата земја, со што се блокира интегрирањето на Република Македонија во евроатлантските структури.

Овој факт има длабоки негативни општествени последици и нанесува значителни економски, но и други штети на македонската економија и држава. Овој дел е истакнат во истражувањето за да се докаже дека, и покрај видливите политички пречки, сепак, политиката не е крајно одредувачки критериум за квалитетни економски и трговски односи. Од друга страна, според официјалната статистика на СДИ, Холандија, со 960 милиони евра вкупна состојба на директни инвестиции во Република Македонија, во периодот меѓу 1997-2015 година, е на првото место на странски инвеститори во Република Македонија. Притоа, мора да се забележи дека, фактички, најголем дел од инвестициите од Холандија се, всушност, грчки (примерот на „Космофон“, во 2003 година, која во 2009 година се купува од страна на групацијата „Телеком Словенија“ и од 2014 година, со спојувањето на фирмите, сопственоста преминува на групацијата „Телеком Австрија“).

## 3.1. Странски директни инвестиции

Доколку направиме анализа на земјите од кои доаѓаат најголемите износи на СДИ, ќе видиме (види табела 3.1) дека на прво место е Холандија, по што следат Австрија, Грција, Словенија, Унгарија и, на шесто место, во 2015-та година, се појавува и Турција како значаен странски директен инвеститор во земјава.

Табела 3.1 Состојба на директните инвестиции во Република Македонија – по земји – 1997-2015

во евра, претходни податоци

| | Земја | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Холандија | 1,4 | 4,6 | 10,2 | 14,7 | 15,6 | 61,1 | 69,7 | 103,2 | 213,3 | 212,0 | 431,3 | 435,6 | 523,6 | 550,4 | 740,4 | 783,0 | 815,1 | 869,7 | 960,0 |
| 2 | Австрија | 17,6 | 30,1 | 39,5 | 33,0 | 36,8 | 37,7 | 42,8 | 62,3 | 57,7 | 219,4 | 238,3 | 334,6 | 362,6 | 341,5 | 365,0 | 396,8 | 484,3 | 516,3 | 524,9 |
| 3 | Грција | 9,7 | 12,8 | 20,5 | 105,3 | 174,2 | 213,0 | 223,0 | 264,1 | 279,2 | 320,4 | 387,1 | 450,7 | 380,3 | 431,2 | 442,9 | 436,2 | 433,5 | 429,2 | 477,3 |
| 4 | Словенија | 16,4 | 21,2 | 43,7 | 56,2 | 58,8 | 66,4 | 84,7 | 101,8 | 106,8 | 126,7 | 165,8 | 262,8 | 391,2 | 366,6 | 380,3 | 348,8 | 396,7 | 387,6 | 375,0 |
| 5 | Унгарија | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 300,6 | 300,1 | 313,4 | 354,4 | 350,0 | 350,4 | 421,3 | 410,6 | 388,7 | 346,9 | 346,6 | 346,4 | 324,6 | 227,3 | 226,5 |
| **6** | **Турција** | **0,7** | **1,1** | **14,2** | **16,1** | **16,2** | **18,0** | **18,9** | **26,5** | **25,1** | **27,7** | **34,9** | **43,0** | **49,7** | **48,3** | **117,2** | **145,3** | **168,1** | **182,1** | **214,6** |
| 7 | Германија | 9,3 | 14,1 | 15,9 | 50,2 | 54,6 | 52,5 | 57,3 | 70,6 | 64,1 | 64,1 | 85,9 | 66,2 | 62,0 | 71,3 | 86,3 | 83,5 | 111,3 | 154,5 | 190,7 |
| 8 | Бермуди | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,1 | 0,1 | 0,1 | 0,2 | 0,3 | 0,3 | 0,4 | 0,5 | 184,2 |
| 9 | Швајцарија | 32,1 | 40,8 | 45,8 | 61,5 | 79,2 | 85,2 | 101,9 | 143,9 | 164,2 | 150,8 | 166,8 | 200,7 | 202,1 | 149,8 | 124,2 | 88,5 | 72,0 | 173,8 | 152,1 |
| 10 | Обединето Кралство | 5,3 | 5,9 | 4,2 | 30,2 | 19,0 | 12,7 | 23,1 | 27,7 | 26,4 | 53,4 | 80,6 | 114,8 | 76,7 | 102,5 | 48,1 | 39,0 | 111,6 | 141,5 | 134,9 |
| | **ВКУПНО** | **141,2** | **270,4** | **359,9** | **580,1** | **1.039,2** | **1.160,7** | **1.292,1** | **1.610,2** | **1.769,0** | **2.098,6** | **2.545,2** | **2.968,8** | **3.141,4** | **3.256,0** | **3.615,1** | **3.685,5** | **3.980,0** | **4.023,6** | **4.400,1** |

Извор: Народна банка на Република Македонија, база на податоци.

Графикон 3.1 СДИ по жител во Република Македонија, 2010-2015, во евра.




Извор: Обработка на авторот од базата на ДЗС и НБРМ.

Споредено со земјите кои најмногу инвестирале во Република Македонија, директните инвестиции по глава на жител од Република Турција покажуваат постојан раст низ годините и зголемено дури 4,5-пати и тоа, од 23 евра, во 2010 година, на 104 евра, во 2015-тата година. Додека, од Холандија како земја која е на прво место од каде што доаѓаат СДИ, има раст на директни инвестиции по глава на жител само 73%, односно, во 2010-тата година, 268 евра и, во 2015-тата година, 464 евра. Од друга страна, Грција како земја која е на второ место од каде што доаѓаат СДИ, има раст на директни инвестиции по глава на жител само 10%, односно, во 2010-тата година, 210 евра и, во 2015-тата година, 231 евро.

Инвестициите од Република Грција во Република Македонија имаат големо стратешко значење. Најголемите инвестиции се забележени во 1999-тата година. Особено, во првиот дел од 2000-те години, тие поминуваат како „Сиртаки" во економијата на Република Македонија. До 2007 година, во Република Македонија, се регистрирани 264 фирми. Додека овој број, во 2015-тата, изнесува 164. До 2007 година, грчките инвестиции достигнуваат до 850 милиони евра и вработеност на 9000 луѓе. Најголемите инвестиции од Република Грција во Република Македонија се: „Хеленик петролеум" (*Hellenic Petroleum*) (ОКТА), „Грчката национална банка" (*National Bank of Greece*) (*Стопанска банка*), *O.T.E.* (*Космофон*), „Титан" (*Titan*) („Усје – цементарница"), „Балкан бру" (*Balkan Brew*) (*Пиварница*), „Веропулос брадрс" (*Veropoulos Brothers*) (*Веро-Веропоулос*), „Алфа банка" (*Alpha Bank*) (*Алфа банка*, сегашна „Силк роад банк"), „Елбиско-Филипу брадрс" (*Elbisko-Philipou Brothers*) (*Жито Лукс*) и други. Од една страна, добрите економски и трговски односи продолжуваат на високо ниво, од друга страна, политичките односи се заглавуваат во проблематиката на идентитетот на Република Македонија што го блокира интегрирањето во НАТО и во евроатлантските структури.

До крајот на 2014-тата година, во Република Македонија, се регистрирани 225 фирми од Холандија. Во истата година, од холандските фирми се реализирани 1,43 милјарди евра промет / обрт на трансакции и вработување на 5.474 луѓе[46].

[46] Амбасада на Холандија во Скопје: *Long-lasting Partnership Facts and Figures*, News article, August 22, 2016.

## 3.2. Надворешна трговија

Графикон 3.2 Извоз, увоз и обем на размена меѓу Република Македонија и Република Турција, Грција и Холандија (1990-2015) – во мил. САД-долари




Извор: Обработка од авторот според базата на НБРМ и ДЗС.

Во горедадените графикони може да се забележи дека трговската размена помеѓу Република Македонија и Грција е многу подобра за разлика од онаа со Турција и Холандија.

Графикон 3.3. Обем на размена меѓу Република Македонија и Република Турција, Грција и Холандија – земја по ред.




Извор: Обработка од авторот според базата на НБРМ и ДЗС.

Местото на Република Турција во обемот на трговската размена со Република Македонија, по години, се подобрува, додека она, на Грција нема многу промени, а и на Холандија ѝ опаѓа местото.

Може да се заклучи дека Холандија е на прво место во директните инвестиции во Република Македонија, додека во надворешната трговија нема поголема влијание и е на 16-тото по ред место меѓу земјите. Од друга страна, Грција се јавува како важен економски партнер на Република Македонија, како 3. најголем инвеститор-земја и како 4. земја со најголем обем на трговија. Турција го чува местото како 6. најголем инвеститор-земја и како 8. по ред земја, со најголем обем на трговија со Република Македонија.

Табела 3.2 Извоз и увоз на поважни производи кај трговските партнери на Република Македонија во 2014-тата, во илјади САД-долари.

| Извоз | | | | Увоз | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Земја/производ | Количество во тони | Вредност | | Земја/производ | Количество во тони | Вредност |
| **Вкупно** | **2 611 793** | **4 964 132** | | **Вкупно** | **5 967 303** | **7 301 370** |
| **Грција, вкупно** | **230 519** | **227 729** | | **Грција, вкупно** | **786 222** | **667 961** |
| Тутун неизжилен | 8 595 | 46 079 | | Нафтени масла и масла добиени од битуменозни минерали (освен сурови) и преработки н.н., со содржина поголема од 70% на нафтени масла и масла добиени од битуменозни минерали, ако овие масла се основните состојки на овие производи, освен отпадоци од масла | 456 095 | 391 696 |
| Женски блузи, кошули, кошули-блузи, плетени или хеклани | 1 575 | 23 258 | | Други примарни форми од железо (освен железо од глава 671.33) или нелегиран | 50 763 | 26 318 |
| Мермер, травертин, екосин и друг варовнички камен за споменици или градежништво со специфична тежина од 2.5 или повеќе, и алабастер, грубо цепен или едноставно исечен со пила во блокови или плочи со квадратен или правоаголен облик | 39 158 | 13 383 | | Други плетени или хеклани материјали, н.н. | 3 695 | 23 097 |
| Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, премачкани, лакирани или обложени со пластична маса, со ширина 600мм и поголема | 9 416 | 12 043 | | Шипки и прачки од железо и нелегиран челик, не повеќе обработувани од топло-валани, со вдлабнатини, засеци, жлебови или други деформации добиени во | 22 309 | 15 278 |
| Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, обложени со цинк, на друг начин обложени, со ширина 600мм и поголема | 10 776 | 9 492 | | Бутан, течен | 17 550 | 13 957 |
| **Холандија, вкупно** | **8 970** | **71 338** | | **Холандија, вкупно** | **17 586** | **95 872** |
| Машки кошули од памук, неплетени или нехеклани | 208 | 10 316 | | Други хемиски производи и деривати | 516 | 26 249 |
| Женски јакни и блејзери | 167 | 6 108 | | Друмски влекачи за | 599 | 4 491 |
| Машки панталони, работни комбинезони, шорцеви и доколенки | 264 | 4 837 | | Неоргански или органски соединенија на метали на ретки земји, итриум, | 54 | 2 948 |
| Женски блузи, кошули и кошули-блузи, неплетени или нехеклани | 113 | 4 697 | | Исецкана живина и отпадоци, замрзната | 2 014 | 2 655 |
| Женски панталони, работни комбинезони, доколенки и шорцеви, неплетени или нехеклани | 123 | 4 072 | | Други ткаенини од памук до 85% памук, маса поголема од 200г/м$^2$ печатени | 70 | 1 958 |

Извор: Обработка од авторот според базата на податоци на ДЗС.

# Глава 4 - СДИ и социо-економските ефекти во Република Македонија со посебен осврт кон инвестициите од Република Турција

Четвртиот и централен дел ќе биде посветен на СДИ и социо-економските ефекти, со посебен осврт кон инвестициите од Република Турција. Во овој дел се анализираат приливот на странските директни инвестиции, структурата и секторскиот пристап на СДИ во Република Македонија. Социоекономскиот развој ги отсликува економската и социјалната димензија на одржливиот развој. Оваа тема, главно, е посветена на активностите кои се неопходни за постигнување просперитетна, инвентивна, конкурентна и развојна економија, со одржлив економски раст, што ќе овозможи целосна вработеност и поголема социјална кохезија. Во овој контекст, во овој дел се анализира и следното социо-економско влијание на СДИ и тоа: *на приходите на локалниот буџет* (креира фонд за суштински проекти, како и за социјални програми и др.), *на работната сила и човечки ресурси* (нови вработувања, поголема плата, обуки, доспецијализација, различни социјални бенефиции – бесплатни оброци и сместување, бесплатен транспорт, субвенции за закупнина на домување и др.), *на државни регулации* (даноци, царини, релации со државни агенции, политички ризик), *на развојот на инфраструктурата*, *на бизнис-активности во регионот* (spillover-ефект, развојот на мали и средни претпријатија кои даваат услуги на странски фирми), *на иновациите* (нови технологии, на производ, организација, процес и маркетинг), *на животната средина* и *на општествената одговорност на претпријатијата* (кои се темелат на искуствата од матичната земја и меѓународното искуство). Во понатамошниот текст, се анализираат ефектите од турските инвестиции. Со зголемувањето на инвестициите од Република Турција во Република Македонија, во овој дел се анализираат и позитивното влијание врз економскиот раст, вработувањето, но и многу други директни и индиректни социо-економски ефекти.

## 4.1. Прилив на странските директни инвестиции

### 4.1.1. Структура на СДИ

Доколку се анализира структурата на странскиот капитал, во периодот 2005-2015, се забележува дека најголем дел од инвестициите се токму странските директни инвестиции,

акционерскиот капитал и останатиот капитал, што ги опфаќа побарувањата и обврските од должничко-доверителските односи, додека учеството на портфолио-инвестициите е помало и се движи од 4,95%, во 2007 година, до 2,4%, во 2005, 2013 и 2014 година.

Подетално, податоците за состојбата на директните инвестиции беа презентирани во претходната глава, на графиконите бр. 2.1 и 2.2.

Табела 4.1 Состојба на директните и портфолио-инвестициите во Република Македонија: 1997-2015, во мил. еур.

| **Година** | **Вкупно** | **Сопственички капитал** | | | | **Должнички инструменти** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира **(обврски)** | Повратно вложување **(средства)** | Вложувања помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија **(нето-обврски)** | **Вкупно** | Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира **(обврски)** | Повратно вложување **(средства)** | Вложувања помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија **(нето-обврски)** | **Вкупно** |
| | 1=5+9 | 2 | 3 | 4 | 5=2-3+4 | 6 | 7 | 8 | 9=6-7+8 |
| 1997 | 141,2 | 102,9 | 0,0 | 0,0 | 102,9 | 50,5 | 12,1 | 0,0 | 38,3 |
| 1998 | 270,4 | 219,5 | 0,0 | 0,0 | 219,5 | 63,7 | 12,8 | 0,0 | 50,9 |
| 1999 | 359,9 | 284,3 | 0,0 | 0,0 | 284,3 | 91,3 | 15,7 | 0,0 | 75,6 |
| 2000 | 580,1 | 497,7 | 0,0 | 0,0 | 497,7 | 99,3 | 16,9 | 0,0 | 82,3 |
| 2001 | 1.039,2 | 946,3 | 0,0 | 0,0 | 946,3 | 133,7 | 40,8 | 0,0 | 92,9 |
| 2002 | 1.160,7 | 1.056,6 | 0,0 | 0,0 | 1.056,6 | 150,5 | 46,3 | 0,0 | 104,1 |
| 2003 | 1.292,1 | 1.182,0 | 0,0 | 0,0 | 1.182,0 | 158,1 | 48,0 | 0,0 | 110,2 |
| 2004 | 1.610,2 | 1.366,1 | 0,0 | 0,0 | 1.366,1 | 280,8 | 36,7 | 0,0 | 244,1 |
| 2005 | 1.769,0 | 1.579,6 | 0,0 | 0,0 | 1.579,6 | 263,9 | 74,5 | 0,0 | 189,4 |
| 2006 | 2.098,6 | 1.863,3 | 0,0 | 0,0 | 1.863,3 | 316,1 | 80,9 | 0,0 | 235,2 |
| 2007 | 2.545,2 | 2.226,6 | 0,0 | 0,0 | 2.226,6 | 424,7 | 106,1 | 0,0 | 318,5 |
| 2008 | 2.968,8 | 2.407,4 | 0,0 | 0,0 | 2.407,4 | 675,3 | 114,0 | 0,0 | 561,3 |
| 2009 | 3.141,4 | 2.481,3 | 0,0 | 0,0 | 2.481,3 | 830,1 | 170,0 | 0,0 | 660,1 |
| 2010 | 3.256,0 | 2.642,5 | 0,0 | 0,0 | 2.642,5 | 860,3 | 246,9 | 0,0 | 613,5 |
| 2011 | 3.615,1 | 3.110,2 | 0,0 | 0,0 | 3.110,2 | 789,5 | 284,5 | 0,0 | 504,9 |
| 2012 | 3.685,5 | 3.148,9 | 0,0 | 0,0 | 3.148,9 | 980,1 | 443,4 | 0,0 | 536,7 |
| 2013 | 3.980,0 | 3.311,6 | 0,0 | 4,7 | 3.316,3 | 1.143,3 | 479,7 | 0,0 | 663,7 |
| 2014 | 4.023,6 | 3.079,4 | 0,0 | 4,8 | 3.084,2 | 1.085,2 | 296,5 | 150,8 | 939,5 |
| 2015 | 4.400,1 | 3.261,6 | 0,0 | 5,0 | 3.266,6 | 1.218,0 | 292,8 | 208,4 | 1.133,5 |

Извор: НБРМ.

Директните инвестиции, во периодот од 1997 до 2015-тата година, во својство на сопственички капитал, се поголеми во однос на должничките инструменти. Во целиот износ, вложувањето на директниот инвеститор, во претпријатието во коешто се инвестира, односно обврските од 103 милиони евра, во 2015-тата година, достигнуваат до 3.261 милиони евра, а посебен пресврт се забележува по 2001-та година.

### 4.1.2. Секторски пристап на СДИ

Во делот што следи, ќе биде дадена секторската дистрибуција на СДИ во Република Македонија.

Табела 4.2 Состојба на директните инвестиции во Република Македонија – по дејности, 2010-2016.
*во евра

| Дејности | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 29,2 | 30,9 | 36,5 | 42,9 | 43,6 | 43,8 | 46,4 |
| РУДАРСТВО И ЕКСТРАКЦИЈА | 133,0 | 179,4 | 156,4 | 164,8 | 182,3 | 119,3 | 116,7 |
| ПРОИЗВОДСТВО | 1.053,0 | 1.308,8 | 1.281,5 | 1.388,9 | 1.435,8 | 1.563,7 | 1.685,6 |
| ГРАДЕЖНИШТВО | 133,8 | 137,0 | 157,1 | 199,1 | 201,3 | 231,2 | 337,6 |
| ВКУПНО УСЛУГИ | 1.678,0 | 1.726,3 | 1.772,2 | 1.885,5 | 1.830,6 | 2.109,3 | 2.100,3 |
| **ВКУПНО** | **3.256,0** | **3.615,1** | **3.685,5** | **3.980,0** | **4.023,6** | **4.400,1** | **4.657,3** |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

Странските директни инвестиции, во периодот 2010–2016, се најзастапени во секторите на производството и услугите. Најголемо учество во дејноста ’производство‘ на СДИ се забележува во 2011-тата година, со 36,2%, а најниско, во 2010-тата година, со 32,3%. Секторот ’услуги‘ во овие години бележи учество од 47,8% и 51,5% соодветно. Сите други сектори се присутни под 10% во уделот на СДИ. Во периодот 2010-2015, секторот ’услуги‘ бележи просечна вредност од 48,0%, секторот ’производство‘, од 34,9%, додека земјоделството, шумарството и рибарството, бележат просечна вредност од 1,0%, рударството и екстракцијата 4,1%. Градежништвото е застапено со 4,6%.

Притоа, забележително е осцилирачкото движење на процентуалното учество на инвестициите во дејноста ’услуги‘ и во дејноста ’производство‘. Во следниот графикон може да се види движењето на СДИ по сектори, од 2003 година, до 2014-тата година.

Графикон 4.1 Движењата на СДИ по сектори, во Р. Македонија, 2003-2014, милиони САД-долари.




Извор: TEPAV, *Strengthening Economic Cooperation Between South East Europe and Turkey-*webversion_final.

Еден значаен дел од странските инвестиции во Република Македонија се гледаат во секторите: телекомуникации, банкарство, осигурување, нафтена индустрија, текстил, храна, тутун, трговија и услуги. Во последно време, со користење на различни методи за СДИ, иако не е на задоволително ниво, бројот на фирмите кои инвестираат во Република Македонија, расте.

Турските инвестиции сѐ повеќе се застапени во градежните, здравствените, услужните дејности (воздухопловниот сектор, хотелиерството и др.), во финансиите, трговијата, прехранбената дејност, во земјоделството и во други.

Во наредниот период има простор за нови инвестиции во секторите: информации и комуникации, финансиски и осигурителни активности, сместување и послужување, градежништво (освен, во високоградбата, особено во нискоградбата и хидроградбата), рударство и екстракција, електрична енергија – гас и во земјоделството, рибарството и други. Иако нема големо учество на СДИ во земјата, турските инвеститори може да ги имаат предвид филмската дејност, видеото, телевизиската програма и други забавни и рекреативни активности, како и инвестиции во спортските клубови. Турските инвестиции не се забележуваат во стратешки важните сектори какви што се нафтената индустрија,

енергетиката, телекомуникациите, за коишто, во иднина, треба повнимателно да се следат можностите што може да произлезат од новите пазарни услови.

Ако се вратиме на ***анализата на инвестициите по сектори*** од Република Турција во Република Македонија, може да се стават под лупа следните позначителни сектори*:*

- ***Земјоделство, шумарство и рибарство***

Во секторот земјоделство, шумарство и рибарство, турските компании имаат за цел создавање нови садници со земјоделски производи и изградба на откупно-дистрибутивни центри. Бројот на планирани инвестиции е голем, но, за жал, реализирани се мал број инвестиции. Во иднина, во овој сектор треба да се очекуваат голем број турски инвестиции. Од веќереализираните инвестиции може да се наброи инвестицијата на компанијата „Левидиа“. Расадникот „Левидиа“ располага со површина од 21 ha, во Зелениково, наменета за производство на секаков вид саден материјал. Во 2015-тата година, во Кочани, започна со работа фирмата „Левидиагро“, нова фабрика за преработка на ориз, турска браунфилд-инвестиција од 4 милиони евра и 100 вработувања. Оваа компанија, ги активираше халите на „Жито ориз“, кои, по транзицијата, во најголем дел не беа искористени. Компанијата, освен за вработување, исто така, и со склучување на договори за соработка и откуп на родот, позитивно влијае врз кочанските производители на ориз.

- ***Трговија***

Во секторот трговија, во 2005-тата година, како прв трговски центар во Република Македонија, почна со работа „Рамстор мол“. Како нов тренд и со своите управувачки вештини и организацијата на работа, оваа компанија, како синџир на угледната турска компанија „Коч холдинг“, сосе супермаркетите, вработува вкупно 575 вработени и како што се гледа има позитивно влијание врз вработеноста во земјата.

- ***Производство***

Во секторот производство, компанијата „Вардар доломит“, инвестиција на „Хазнедар рефракторис“, има многу важно место. Со оваа инвестиција, освен позитивното влијание

врз вработеноста, исто така, се постигна и позитивно влијание врз зголемувањето на извозот во целост и особено со Република Турција. Компанијата, со своите производи, како што се: синтер доломитот, доломитните маси и опеки, е европски производител и е лоцирана во Гостивар.

- ***Прехранбена индустрија***

*Во прехранбената индустрија,* „Суташ“, во 2012-тата година, склучи договор за купопродажба и, во 2013-тата година, со својата подружница („Балканска млекарница“) почна со производство на млеко и млечни производи. Препознатливиот интегриран бизнис-модел на „Суташ“ (*Sutaş*), „Од трева до трпеза“, како нов модел во Република Македонија, има позитивни резултати во вработеноста (планирано е да достигне 250 работни места) и во распределбата на приходот поради неговото влијание во сродните индустрии за растително производство, сточарство, логистика и услуги. Со проширувањето на пазарот во соседните земји ќе придонесува и кон зголемувањето на извозот.

- ***Финансискиот сектор***

Во секторот ***финансиски*** и ***осигурителни активности*** може да се вброи „Зираат банка“, сегашна „Халк банка А.Д.“, формирана во 1998 година. Во Република Македонија, денеска, фигурира само една турска банка, и тоа е „Халк банка А.Д.“, која е меѓу најголемите 4 банки во земјата. „Халк банка А.Д.“, од својата активност од 2011-тата година, досега, има придонесувано за многубројни нови производи во финансискиот систем, исто така, има позитивно влијание и на вработеноста (моментално брои 491 вработени). Во банката се користи турската лира и ова го олеснува трговијата помеѓу двете држави, а од друга страна, во банкоматите, се користи туркиот јазик што придонесува кон олеснувања и поддршка на туристите – државјани на Република Турција и во земјите каде што се говори турскиот јазик.

- ***Осигурителниот сектор***

Во осигурителниот сектор нема регистрирана турска компанија поради законските прописи во оваа дејност. Фирмите треба да се формирани во Република Македонија и во тој контекст турските осигурителни компании моментално, наместо инвестиција,

воспоставуваат соработка со локалните компании. Земајќи ги предвид големите странски инвестиции од другите земји (Австрија, Словенија, Хрватска и други), исто така, зголемениот интерес за турски инвестиции, инвестициите од турските компании во овој сектор ќе придонесуваат за зајакнување на конкуренцијата и ќе даваат поддршка за инвестициската клима за турските компании како ентитети кои го совладуваат законодавството на двете земји.

➢ ***Здравство***

Република Турција е општоприфатена во светот како центар за здравствени услуги и како лидер во регионот во оваа област. Во Република Македонија, во здравствениот сектор, се забележани следните директни инвестиции од Репуплика Турција:

- „Аџибадем“ (во „Систина“), општа,
- „Европска очна болница“,
- „Санте плас“, акушерско,
- „Њу борн“, акушерско и „Ин витро“ за забременување,
- „Медикал Истанбул поликлиника“.

Освен „Медикал Истанбул“, чијашто централа е во Тетово, сите други инвестиции се регистрирани во Скопје. Градот Скопје има стратешко место, стратешка положба, не само во земјата, туку и во регионот.

Регистрирани се и претставништва на болниците „Лив хоспитал“ и „Мемориал хоспитал“.

Овие инвестиции се важни од аспект на тоа дека отвораат нови работни места, повисоки плати, употреба на нови знаења и технологии. Исто така, со нивната конкуренција во овој сектор се подобрува нивото на здравствените услуги.

➢ ***Образование***

Инвестиција на Фондацијата „Ускуп“, во новиот кампус на Меѓународниот балкански универзитет, од 2014-тата година, во вредност од 37 милиони евра. Универзитетот работи подолго време и има 7 факултети.

➢ ***Туризам***

На 27.10.1993 година, беше потпишана, и на 20.09.1995 година, ратификувана Спогодбата за туристичка соработка меѓу Република Македонија и Република Турција.

За најпозната турска инвестиција во овој сектор може да се наведе инвестицијата на компанијата „Фибула“, во хотелот „Изгрев спа и аквапарк“, во Струга, со капацитет од 207 соби.

Инвестицијата во Гевгелија на хотелот „Рамада плаза“, со 5*, и „Принцез казино“, е реализирана во 2009-тата година. Овој комплекс привлекува голем број туристи од соседната Грција и особено елитни турски туристи.

Графикон 4.2 Туристи и ноќевања на туристи по земја на припадност на посетителите, по години.




Извор: МАКСТАТ-база на податоци на ДЗС.

Последните пет години најмногу туристи доаѓаат од Република Турција. Во 2012-тата година, од вкупно 351.359 странци, 50.406 се од Република Турција, што ја става на прво место. Во 2016-тата година, Република Турција останува на прво место според *најголемиот број туристи* (105.738) кои ја посетиле Република Македонија. Од 2012-тата година до 2016-тата година, бројот на туристите кои доаѓаат од Република Турција постојано расте и

се задржува првото место од севкупниот број туристи кои ја посетиле земјата. Бројот на туристи од Република Турција, во однос на 2012-тата година, е зголемен дури двапати во 2016-тата година и овој тренд има тенденција да продолжи.

Според статистиките на ноќевања на туристите во Република Македонија, според земјата на припадност, во 2016-тата година, Турците го задржуваат, исто така, првото место, а потоа второто место го преземаат Холанѓаните. Во претходните години, Холанѓаните беа на прво место. Во 2012-тата година, од вкупно реализирани 811.746 странски ноќевања во Република Македонија, 80.991 се реализирани од туристите од Република Турција. Исто така, и во 2016-тата година, 152.748 ноќевања се реализирани од страна на туристите од Република Турција, што ја става на прво место.[47]

Од друга страна, поради турските ТВ-серии, освен за време на летните одмори, во јужниот дел на Република Турција, особено за шопинг во Истанбул, е зголемен бројот на македонските туристи. Во 2013-тата година, на светскиот ранг на посетители, Република Турција е на 6. место. Во истата година, во Република Турција, од вкупно 34.910.098 странски туристи, 140.793 се од Република Македонија. Во 2009-тата година има 115.541 туристи од Република Македонија.[48] Забележливо расте бројот на посетителите од Република Македонија во Република Турција, во последните години, така што, во 2015-тата година, бројот на посетителите достигнува до 167.000 туристи, и во 2016-тата година, со 0,58% учество, или по број 146.008 туристи од вкупно 25,3 милиони туристи.

Најчестите туристи од Република Турција во Република Македонија се, главно, луѓе од староснaта група над 60 години, како и бизнисмени и студенти. Треба да се разгледува можноста за нови понуди за младата генерација луѓе кои разгледуваат нови дестинации за време на викендите.

- ***Транспорт***

Признавајќи дека ефикасниот и конкурентен меѓународен редовен воздушен сообраќај ги зголемува економскиот развој, трговијата, туризмот, инвестициите и интересите на

[47] ДЗС, Туризам во Р.Македонија 2009-2013. http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=18 и МАКСТАТ.
[48] TÜİK. Туризам во Р.Македонија 2009-2013. tuik.gov.tr/turizmapp/sinir.zul

потрошувачите, на 20 март 2012 година, се ратификува Спогодбата за редовен воздушен сообраќај, меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција, склучена во Скопје, на 19 август 2011 година.

Аеродромите „Александар Велики“, во Скопје, и „Св. Апостол Павле“, во Охрид, од 2010-тата година, се управуваат од турскиот инвеститор „ТАВ холдинг“. На 24 септември 2008 година, договорот беше потпишан и, на 1 март 2010 година, почна изградбата на скопскиот аеродром, по договорот со Владата, со право за управување во наредните 20 години.

„ТАВ Македонија“, компанијата која е дел од водечкиот аеродромски оператор, холдингот „ТАВ аеродроми“, на 28 октомври 2014 година, го пречека милионитиот патник на аеродромот „Александар Велики“, во Скопје. Откако компанијата го презеде управувањето со аеродромот, бројот на превезени патници, бројот на новите авиолинии и дестинации е во континуиран пораст. „ТАВ Македонија“, во 2010-тата година, имаше вкупно 680.080 патници[49], а во 2016-тата година, се заврши со 1,8 милиони патници на двата аеродрома, односно 15% зголемување на бројот на патниците на годишно ниво, додека бројот на летови изнесуваше 16.883, односно бележеше пораст од 8,9%.[50]

Меѓу двете земји функционираат два авиопревозници од Република Турција. „Туркиш Аирлајнс“ – „THY“ (неделно има двапати на ден редовен лет) и „Пегасус Аирлајнс“ – („Pegasus“) (располага со неделно 4 летови со нискобуџетски линии) има директни линии кои истовремено овозможуваат поврзаност и кон други држави. Од Скопје до Истанбул, со овие директни линии, овие авиопревозници имаат за цел да го зголемат протокот на туристичкиот сообраќај како и да одговорат на потребите на зголемената побарувачка за врски меѓу Република Македонија и Република Турција, што се должи на зголемената економска соработка и на трговската размена меѓу двете земји. Инвестицијата на „ТАВ“ отвори нови работни места.

Географската близина на Република Турција ги намалува трошоците за превоз. Секоја година, низ Балканот, поминуваат околу 151.000 турски камиони.

[49] „ТАВ Македонија“, вести, 29 октомври 2014 година. „’ТАВ Македонија‘ му посака добредојде на милионитиот патник на скопскиот аеродром.“ http://skp.airports.com.mk/default.aspx?ItemID=444&id=235

[50] „ТАВ Македонија“, Вести, 5 април 2017 година. http://skp.airports.com.mk/default.aspx?ItemID=444&id=342

Општоприфатено е дека, во развојот на македонската економија, градежништвото има значајна улога. Од градежништвото како носечка гранка зависат многу други (околу 25) економски гранки. Затоа тоа заслужува и посебно внимание и подетално истражување.

#### 4.1.2.1. Градежништво

Во развојот на македонската економија, градежништвото има значајна улога. Од градежништвото како носечка гранка зависат многу други економски гранки, што е еден од показателите за развојот на економијата во земјата. Носители на поголемите градежни активности се средните и големите компании, кои во формирање на БДП за градежништвото учествуваат со околу 90% и вработуваат преку 75% од вработените во градежништвото. Во градежништвото, во 2015-тата година, активни се 4.429 деловни субјекти кои учествуваат со 6,3% во вкупно активните компании на ниво на државата и со 48.143 вработени кои учествуваат со околу 7,0% во вкупно вработените во државата. Градежништвото, засега, според податоците, се навестува дека ќе го задржи трендот на зголемена активност, не само во нискоградбата туку и во високоградбата, и тоа во станбената изградба.

Водечки странски градежни компании, во Република Македонија, се од Република Турција. Две од најуспешните градежни компании се „Цевахир холдинг“ и „Лимак холдинг“. Мора да се наведе и турската компанија „ТАВ“.

Во следната табела е дадена листа на позначајни турски градежни инвестиции во Република Македонија.

Табела 4.3 Позначајни турски градежни проекти/инвестиции во Република Македонија

| | Фирма | Проект | Датум на почеток | Износ милиони. Евра | Врабо-тување | Краен Датум на завршување | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ramstore Makedonya | Изградба на Трговски Центар (ТЦ) | 2005 | 50 | 402 | | Реализиран |
| 2 | Gama Endüstri Tesisleri İmalat ve Montaj A.Ş | Изградба на електрична централа од 220 MW | 2007 | 119 | | | Реализиран |
| 3 | CESAŞ İnşaat Ticaret ve Sanayi A.Ş. | Реконструкција на мостови-НАТО проект 2 етапи | 2007-2008 | 30 | | | Реализиран |
| 4 | Rena İnşaat Sanayi ve Ticaret Ltd. Şti. | Реставрација на Мустафа Пашина Џамија | 2007 | 1.2 | | | Реализиран |
| 5 | Rena İnşaat Sanayi ve Ticaret Ltd. Şti. | Изградба на турската резиденцијаı | 2007 | 2.8 | | | Реализиран |
| 6 | Novatek Elektrik Mühendislik | Изведба на електрична инсталација на Амбасадата на САД | 2007 | 1.5 | | | Реализиран |
| 7 | Tokar Yapı ve Endüstri | Изведба на механички работи во Амбасадата на САД | 2007 | 1.8 | | | Реализиран |
| 8 | Prodar Mühendislik İnşaat San. Tic. Ltd. Şti. | Изведба на разни градежни работи во Амбасадата на САД | 2007 | 0.5 | | | Реализиран |
| 9 | Prodar Mühendislik İnşaat San. Tic. Ltd. Şti. | зиведба на прозори и др работи во Амбасадата на САД | 2007 | 0.9 | | | Реализиран |
| 10 | Prodar Mühendislik İnşaat San. Tic. Ltd. Şti. | Монтажа на ролетни во во Амбасадата на САД | 2008 | 0.16 | | | Реализиран |
| 11 | Prodar Mühendislik İnşaat San. Tic. Ltd. Şti. | Изведба на алуминиумски прозорци во Амбасадата на САД | 2008 | 0.03 | | | Реализиран |
| 12 | Prodar Mühendislik İnşaat San. Tic. Ltd. Şti. | Изведба на фасада во Амбасадата на САД | 2008 | 0.3 | | | Реализиран |
| 13 | Pera Construction | Изградба на City Plaza деловни простории и катна гаража | 2008 | 40 | | | Реализиран |
| 14 | Pera Construction | Изградба на фабрика во ТИРЗ Бунарџик за Johnson Matthey *2 етапи | 2008 | 28 | | | Реализиран |
| 15 | Yapı Market Sanayi ve Ticaret | Надворешна алуминска фасада на City Plaza деловни простории и катна гаража | 2008 | *0.5* | | | Реализиран |
| 16 | TAV | Изградба на аеродроми Ал.велики и Св.Климент Охридски | 2008 | 140 | 650 | | Реализиран |
| 17 | Mastır Enerji Tesisleri | Подизведувачки монтажни работи на гасна и парна турбина | 2008 | *2.1* | | | Реализиран |
| 18 | Tuber Endüstriyel Tesisler İnşaat | Подизведувачки монтажни работи на гасна и парна турбина | 2009 | *4.7* | | | Реализиран |
| 19 | Olcajlı Mühendislik Sube | Подизведувачки договор за монтажа на разладни кули | 2009 | *0.25* | | | Реализиран |
| 20 | Handar Çelik Konstrüksiyon İml. | Подизведувачки договор за механички и Боп работи | 2009 | *5* | | | Реализиран |
| 21 | Cevahir Holding | Изградба на Скј сити проект - 4 висококатници по 40 спрата и ТЦ во Скопје | 2012 | 142 | 450 | 2018 | Во тек |
| 22 | City Plaza | Изградба на ТЦ Капитол -во Скопје | 2013 | 30 | 500 | | Реализиран |
| 23 | City Plaza | Изградба на Хотел Хилтон- во Скопје | 2013 | 25 | | 2016 | Во тек |
| 24 | Novatek Elektrik Mühendislik | | 2013 | 1 | 10 | | Во тек |
| 25 | Cengiz İnşaat | Изградба на ХЕЦ Елем-Бошков мост | 2014 | 88 | | | Откажан |
| 26 | Cevahir Holding | Изградба на Сончев Град проект -комплекс на станбени куки 850.000 м2 - Сопиште | 2014 | 295 | 25 | 2020 | Во тек |
| 27 | Aselsan Elektronik San. Ve Tic. A.Ş. | Модернизација на Патарини во Коридор 10 | 2014 | 18.7 | | | Во тек |
| 28 | Kutanoğlu İnşaat | Изградба на 2 ХЕЦ: ХЕЦ Жидобрадол -Охрид и ХЕС Смиљанска -Радовиш | 2014 | 8 | | | Откажан |
| 29 | Elif İnşaat | Изградба на Меѓународниот Балкан Универзити - во Скопје | 2014 | 37 | | 2016 | Во тек |
| 30 | Adalı Holding (Setra) | Изградба на ХЕЦ | 2015 | 30 | | | Во тек |
| 31 | Limak Holding | Изградба на станбен комплекс и ТЦ - во Скопје | 2015 | 200 | | 2019 | Во тек |
| | | | Вкупно | 1.268 | 2.037 | | |

Извор: Трговскиот конзулат на Република Турција во Скопје, МАТТО и обработка од авторот.

Важно е да се напомене дека странските директни инвестиции се посебен вид странски капитал што е различен од домашните инвестиции. Фу тврди дека тој не вклучува заемен капитал обезбеден од меѓународните организации, од странските влади или приватни комерцијални банки, ниту, пак, автоматски вклучува портфолио-инвестиции, како, на пример, акции и обврзници купени од странци. Она што ја прави инвестицијата ’директна‘, за разлика од другите форми на странски капитал, е концептот на менаџерска контрола врз претпријатието во кое учествува странскиот капитал. Затоа, при читањето на горедадената табела, треба да се внимава на оваа разлика. Исто така, за да се видат ефектите од турските

инвестиции во градежништвото, особено во станбениот сектор, е подготвена следната студија на случај.

***Студија на случај:*** *пресметка на ефектите на една турска градежна компанија врз локалната самоуправа, вработувањето и ефектот на прелевање (spillover effect).*

- купено градежно земјиште за градба: 2,5 милиони евра;
- данок од продажба на земјиштето (3%): 75 илјади евра;
- комуналии: 5 милиони евра;
- бруто-плати (7 години): 16,8 милиони евра (од кои, околу 8 милиони евра се придонеси и даноци за плати). Просечно, околу 200-250 вработувања.
- данок на добивка (%10): ако вкупната инвестиција изнесува 100 милиони евра и по завршувањето на проектот, вкупната продажба изнесува 110 милиони евра, за добивката од 10 милиони евра, данок на добивка ќе се плака 1 милион евра.
- Spillover-ефект од локалните снабдувачи и подизведувачки услуги.

*Овие се дел од поголемите позитивни ефекти врз економијата. Од друга страна, има и негативни ефекти како можност инвеститорот целиот износ и добивката (110 милиони евра) да се одлеваат кон сопствената матична земја.*

Позитивното влијаније треба да се бара во случајот на реинвестирање на добивката во земјата, без да има одлив на добивката.

### Социо-економските ефекти од СДИ во градежниот сектор од Турција, врз македонската економија

За да се утврди влијанието на СДИ врз социо-економскиот развој, посебно е направена и квалитативна студија (спроведени интервјуа со менаџерите од странските фирми во една компанија од Република Турција и локална фирма[51]). Содржината на интервјуто и оваа анализа ќе помогнат за утврдување на разликите во работата и начинот на функционирање на двете компании, со цел утврдување на социо-економските ефекти од нивната активност за македонската економија. Во анализата се вклучени прашања за: начинот на раководење,

[51] *Есер Џевахир* управител на Џевахир Гуруп АД Истанбул, Р.Турција –Подружница Скопје (во 2016 година 19 мил. евра реализирани приходи и 201 вработен) и *Андреа Серафимовски* член на управен одбор на ГД Гранит АД Скопје (Во 2016 година 79 мил.евра реализирани приходи и 2.010 вработен) и претседател на Здружението на градежништво, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанска комора на Р.М..

иновациите, вложувања во кадарот, обука на вработените, општествената одговорност на претпријатијата, социјалните бенефиции и сл., сè со цел, низ компаративен приод, да се разгледаат повеќе аспекти на ефектите од странските директни инвестиции. Во таа насока, во следната табела е претставена компарацијата на социо-економските ефекти, на една страна, од локалната и, на друга страна, на една странска градежна компанија.

Табела 4.4 Социо-економските ефекти на СДИ од Република Турција

| Непосреден ефект на СДИ | Опис | Локална компанија (градежна) | Турска компанија |
|---|---|---|---|
| *приходите на локалниот буџет* | креира фонд за суштински проекти | делумно | Да, преку комуналии |
| | креира фонд за социјални програми | делумно | да |
| *работната сила и човечки ресурси* | нови вработувања | да | да |
| | поголема плата | да | делумно |
| | обуки | да | да |
| | доспецијализација | делумно | да |
| | различни социјални бенефиции | да | да |
| | бесплатни оброци | да | да |
| | бесплатно сместување | да | да |
| | бесплатен транспорт | да | да |
| | субвенции за закупнина за домување | не | да |
| | други | не | да |
| *државни регулации* | даноци | да | да |
| | царини | да | да |
| | релации со државни агенции | добро | добро |
| | политички ризик | не | делумно |
| *развојот на инфраструктурата* | | делумно | позитивно |
| *бизнис-активности во регионот* | spillover-ефект | да | да |
| | развојот на мали и средни претпријатија кои даваат услуги на странски фирми | не | Се зголемува преку локални подизведувачи. |
| *Иновации* | нови технологии | да | да<br>*тунелски оплати при градба на катови на згради, што е нова технологија и е брза во споредба со стандардните дрвени,<br>*бетонски/железни колови, изградени под зградите (еден метар широко/24 метри долги), која овозможува |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | стабилност и издржливост при земјотрес дури до 9 Р. степени. |
| | на производ | да | да (висококатници 40 ката, првпат во регионот) |
| | организација | да | да |
| | процес | да | да |
| | маркетинг | делумно | да (користење нови методи на маркетинг, нови политики на цени, колку повисоки станови толку поскапи) |
| *животната средина* | | да | да |
| *општествената одговорност на претпријатијата* | кои се темелат на искуствата од матичната земја и меѓународното искуства | да | да |

Може да се заклучи дека во голема мера инвестициите од Република Турција во Република Македонија *имаат позитивно влијание* врз социо-економскиот развој.

### 4.1.3. ДТИРЗ – Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони

Значаен фактор за привлекување на СДИ во успешните земји (за привлекување СДИ) е отворањето посебни зони, економски или слободни царински земји. Од тој контекст, во Република Македонија се формирани технолошки индустриски развојни зони.[52]

Вообичаено, во овие зони, им се нудат на странските инвеститори евтина земја, со изградена инфраструктура, државни субвенции за обука на работната сила, за креирање нови работни места, други даночни ослободувања и/или олеснувања за одреден период.

Предвидени се погодности, во рамките на слободните економски зони, за странските компании кои ќе инвестираат во слободните економски зони: ослободувања од ДДВ на трговијата со стоки кои се користат во производството, стоки наменети за извозно ориентирано производство и услуги во зоната кои се извозно ориентирани. Инвеститорите се ослободени од данок на профит и од данок на имот, за период од 10 години, од денот на почетокот на активноста во зоната. Странците не можат да купуваат земјиште, но постои

[52] Во моментов, постојат шест технолошки индустриски развојни зони во Македонија, две во Бунарџик, во близина на Скопје, и по еден во Штип, Струга, Тетово и Прилеп. Во ТИРЗ, Скопје 1, во Бунарџик, фабриките се изградени од страна на неколку инвеститори, вклучувајќи ги „Џонсон Мети“, „Кемет електроникс“ и „Вистеон“ (*Visteon*). Во тек се активностите за изградба на фабрики од повеќе странски инвеститори, во рамките на постојните технолошки индустриски развојни зони. Пет други ТИРЗ, во Гевгелија, Кичево, Струмица, Ранковце и Радовиш, наменети за економски развој, се во напредно планирање и во фазата на изградба.

можност тие да изнајмуваат земјиште за период од 50 години, со можност за продолжување од 25 години. Ова се компаниите кои инвестирале во ТИРЗ, големината на инвестициите, моменталниот број на вработени и нивните проекции.

Табела 4.5 Компании кои инвестирале во ТИРЗ

| **Фирма** | **Земја** | **Број на вработени / крај на 2015 г.** | **Максимум број на вработени – проекција** | **Локација** | **Големината на инвестицијата - милиони евра** |
|---|---|---|---|---|---|
| *Cap-Con automotive technologies* (ARC) | САД | Почетна фаза - 75 | 400 | ТИРЗ Скопје 1 | 15 |
| *Condevo* | Италија | Почетна фаза | | ТИРЗ Штип | 40 |
| *Diatec* | Италија | Почетна фаза - 30+ | 200 | ТИРЗ Скопје 1 | 10 |
| *Gentherm* | САД | Почетна фаза -300+ | 2000 | ТИРЗ Прилеп | 20 |
| *Johnson Controls* | САД | 1700 | 1700 | ТИРЗ Штип | 20 |
| *Johnson Matthey* | ВБ | 650 | 650+ | ТИРЗ Скопје 1 | 145 |
| *Kemet* | САД | 300 | 500 | ТИРЗ Скопје 1 | 30 |
| *KSS* | САД | Почетна фаза - 100+ | 1000 | ТИРЗ Кичево | 15+ |
| *Lear* | САД | Почетна фаза | 2500 | ТИРЗ Тетово | 15 |
| *ODW Elektrik* | Германија | Почетна фаза - 100+ | 1000 | ТИРЗ Струга/Охрид | 15 |
| *Prodis* | Русија | 50 | 160 | ТИРЗ Скопје 1 | 10 |
| *Technical Textiles* | Германија | Почетна фаза - 100+ | 1000 | ТИРЗ Штип | 12 |
| *Teknohose* | Италија | 50+ | 150 | ТИРЗ Скопје 1 | 20 |
| *Van Hool* | Белгија | 800+ | 1250 | ТИРЗ Скопје 2 | 40 |
| *Visteon Electronics* | САД | 300 | / | ТИРЗ Скопје 1 | 30 |
| *GES* | Германија | | 200 | ТИРЗ Скопје 1 | 15 |
| *Kostal* | Германија | | 1000 | „Емо“ Охрид | 50 |
| *Accomplast* | Германија | | 250 | ТИРЗ Прилеп | 3 |
| *Johnson Controls* | САД | | 1500 | ТИРЗ Струмица | 20 |
| *Hi-Tech* | Македонија | | 300 | ТИРЗ Скопје 1 | 20 |

Извор: ТИРЗ.

Во 2016-тата година, бројот на вработени во зоните изнесува над 9.000 вработени, во следните години, овој број се очекува да надмине и 10.000 врботени. Освен позитивното влијание врз вработеноста, поради необјавените податоци за субвенциите за вработување во зоните, сѐ уште точно не може да се утврди влијанието врз зголемувањето на платите. Од друга страна, овие компании што инвестирале во ТИРЗ, тоа го имплементираат како работен процес, менаџерски пристап и размислување, етичко работење, ефективност, заштита на

животната средина, професионално усовршување, како и трансфер на технологијата и знаењето, кои се најголемите придобивки што би го подобриле нивото на конкурентност во нашата држава. Преку локалната соработка, во иднина, ваквиот систем на корпоративно управување ќе премине и кај домашните компании и ќе придонесе кон долгорочно подобрување на имицот на Република Македонија.

### *Извоз од зоните*

Што се однесува на извозот, бројот на компаниите пред 2013-тата година беше мал и многу поголеми ефекти од зоните се очекуваат во претстојниот период, а ова се броевите за последните години:

Графикон 4.3 Извоз од ТИРЗ




Извор: ТИРЗ.

Извозот од зоните во 2016-тата година, изнесува 1,71 милијарди евра, додека тој во 2013-тата година изнесуваше само 767 милиони евра. Во 2017-тата година, извозот од зоните се очекува да достигне до две милијарди евра. Ако се зема предвид дека 40% од вкупниот извоз на Република Македонија го прават компаниите од слободните зони, освен за вработувањето, може да се заклучи и позитивниот ефект и врз вкупниот раст на извозот во земјата. Ова го потврдува и податокот дека во Република Македонија дури половина од целиот извоз се прави со 10 производи, од кои 7 се произведуваат во слободните зони.

Во последната табела, јасно се забележува дека помеѓу компаниите кои инвестирале во зоните нема ниту една компанија од Република Турција, иако имаше најави[53] за почеток при организираните две бизнис-роуд шоуа, во разни градови во Република Турција. Очигледно е дека погодностите во рамките на слободните економски зони не се искористени од страна на компаниите од Република Турција и има голем потенцијал за соработка што сѐ уште не е искористен. Во наредниот период, освен самостојни инвестиции, исто така, турските добавувачи на мултинационалните компании кои инвестирале во ТИРЗ, може своите капацитети да ги пренасочат поблиску до нив и да инвестираат во ТИРЗ, во Република Македонија. Турските компании особено треба да развиваат инвестициски проекти со технолошки напредното производство и трговијата на добра со високо додадена вредност.

## 4.2. Влијанието на СДИ врз социо-економскиот развој

Социо-економскиот развој ги отсликува економската и социјалната димензија на одржливиот развој. Оваа тема, главно, е посветена на активностите кои се неопходни за постигнување просперитетна, инвентивна, конкурентна и развојна економија, со одржлив економски раст, што ќе овозможи целосна вработеност и поголема социјална кохезија. Индикаторите во темата се заемно поврзани и се дадени во следната табела.[54]

[53] „Менсан отомотив“ (автомобилска индустрија – Бунарџик), „Матек медикал“ и „Истем медикал“ (медицина – Бунарџик).
[54] ДЗС.

Табела 4.6  Социо-економски развој, по години, по индикатори

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на пораст на реалниот БДП, по жител | 4,5 | 5 | 6,3 | 5,3 | -0,5 | 3,1 | 2,2 | -0,6 | 2,8 | 3,4 | ... |
| Инвестиции во основни средства , % од БДП | 19 | 20,1 | 22,7 | 25,8 | 24,6 | 23,1 | 23,5 | 23,4 | 23,7 | 23,4 | ... |
| Стапка на инфлација | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,3 | -0,8 | 1,6 | 3,9 | 3,3 | 2,8 | -0,3 | -0,3 |
| Нето-национален доход, % од БДП | 78,3 | 80,6 | 74,1 | 78,5 | 79 | 78,4 | 79,2 | 78,8 | 79,2 | ... | ... |
| Учество на трошоците за истражување и развој во БДП | 0,23 | 0,19 | 0,17 | 0,22 | 0,2 | 0,22 | 0,22 | 0,33 | 0,44 | 0,52 | ... |
| Стапка на вработеност на лица на возраст од 20 до 64 години | 42,1 | 43,9 | 45 | 46,3 | 47,9 | 48,1 | 48,4 | 48,2 | 50,3 | 51,3 | 51,9 |
| Стапка на вработеност со стекнато примарно ниво на образование | 28,9 | 31 | 30,3 | 32,2 | 33,6 | 33,4 | 34,3 | 33,1 | 36,2 | 36,9 | 36,8 |
| Стапка на вработеност со стекнато секундарно ниво на образование | 52,7 | 54,8 | 56,1 | 58,3 | 58,7 | 58,4 | 58,3 | 57,7 | 60,4 | 61,2 | 61,6 |
| Стапка на вработеност со стекнато терцијарно ниво на образование | 71,9 | 73,2 | 71,9 | 73,1 | 74,3 | 73,9 | 72,4 | 71,9 | 71,4 | 72,4 | 74,4 |
| Стапка на невработеност на лица на возраст од 15 до 74 години | 37,3 | 36 | 34,9 | 33,8 | 32,2 | 32 | 31,4 | 31 | 29 | 28 | 26,1 |
| Интернет корисници, на сто лица | ... | 19,4 | 22,9 | 32,3 | 38,7 | 40,2 | 44,1 | 44,9 | 51 | 53,3 | 55,1 |
| Фиксни телефонски линии, на сто лица | 26,2 | 24,1 | 22,7 | 22,4 | 21,3 | 20,1 | 20,6 | 19,8 | 19,2 | 18,6 | 17,9 |
| Претплатници во мобилната телефонија, на сто лица | 55,6 | 62 | 88 | 96,4 | 94,9 | 104,9 | 107,8 | 108,5 | 108,3 | 107,9 | 100,7 |

Извор: Државен завод за статистика.

Од горедадената табела може да се донесат следните клучни заклучоци. Континуираниот пораст на бруто-домашниот производ по жител, кој во изминатиот период го бележи Република Македонија и кој беше прекинат во 2012-тата година, продолжува во 2015-тата година.

Вкупните инвестиции во основни средства, во 2015-тата, бележат пораст од 4,5%, во однос на претходната година, а нивното учество во БДП се намали на 23,1%. Најголем пораст на инвестициите е забележан во секторот „Деловни субјекти“ (7,2%), а потоа следи секторот „Држава“, со 4,0%. Инвестициите во секторот „Домаќинства“ остануваат на исто ново од претходната година. Трошоците за истражување и развој континуирано бележат ниско учество во вкупниот БДП. Продолжува да расте стапката на вработеност на лицата со терцијарно образование. Најниска е стапката на вработеност на лицата што имаат завршено најмногу основно образование.

### 4.2.1. Економски причини за СДИ

#### 4.2.1.1. Односот трошок-корист (Cost Benefit)

Земјите – увознички на капитал, се загрижени за ефектот на странските директни инвестиции (СДИ) врз националната благосостојба. Постојат низа бенефиции, но и трошоци

поврзани со протокот на СДИ. Врз основа на извршента анализа на состојбите во Република Македонија, може да се направи следната SWOT-анализа.

| *Предности* | *Слабости* |
| --- | --- |
| - Даночен амбиент<br>- Достигнато ниво на приватизација и солидно ниво на остварени економски реформи<br>- Развиен банкарски систем<br>- Конвертибилност на турската лира<br>- Солидно ниво на високообразовен кадар<br>- Образовен кадар што го совладува турскиот јазик<br>- Национален третман на странските инвеститори<br>- Слободна трговија со нула или релативно ниски царински стапки<br>- Постоење слободни економски зони<br>- Кратко потребно време за регистрација на фирми<br>- Можност за користење даночни олеснувања и погодности<br>- Поволна географска положба<br>- Пристап до европските пазари, преку склучените билатерални, регионални и мултилатерални договори<br>- Макроекономска стабилност<br>- Висококвалификувана и релативно евтина работна сила<br>- Развиена телекомуникациска инфраструктура | - Економска и политичка нестабилност<br>- Недоволно развиена инфраструктура во целина<br>- Сѐ уште недоволно претпознатливи локации за привлекување СДИ<br>- Лоцирана е во нестабилен безбедносно-политички регион<br>- Лимитирани природни ресурси<br>- Недоверба во судската и законодавната власт<br>- Големината на пазарот<br>- Релативно мала куповна моќ<br>- Административни бариери<br>- Недоволно развиена секторска технолошка база<br>- Недоволно ниво на *know-how* (посебни менаџерски вештини)<br>- Долго време за затворање фирми<br>- Нема излез на море |
| ***Можности*** | ***Закани*** |
| - Перспективно членство во ЕУ и НАТО<br>- Посветеност на Владата на Република Македонија за создавање поволен амбиент за привлекување СДИ<br>- Понатамошен развој на финансискиот пазар и јакнење на банкарскиот сектор<br>- Вложувања во изградба на капитални инфраструктурни објекти | - Продолжена политичка криза и стагнација на новите инвестиции на пазарот.<br>- Нерешен спор со името и неизвесност поради зачленувањето на Република Македонија во ЕУ и НАТО<br>- Неповолни демографски трендови и висок одлив на квалитетна, високообразована работна сила во странство |

| | |
|---|---|
| - Реформи во образованието во согласност со потребите на развојните сектори<br>- Поголемо искористување на човечките ресурси (намалување на одливот на работната сила во странство)<br>- Вклучување во меѓународните транспортни и енергетски коридори<br>- Подобро искористување на постојните слободни трговски зони и основање нови | - Сериозна конкуренција од земјите во ЈИЕ регионот<br>- Ниско ниво на реинвестиран капитал и потенцијален одлив на капитал од СДИ<br>- Нефлексибилност на пазарот на трудот (бавна преквалификација и неусогласеност на образовните програми со потребите и барањата на странските инвеститори) |

Може да се анализираат негативните и позитивните ефекти од СДИ.

| ***Негативни ефекти*** | ***Позитивни ефекти*** |
|---|---|
| • Конкуренција во однос на ограничените ресурси<br>• Ограничената квалификувана работна сила или поради стратешките мотиви на филијалите на МНК или високиот технолошки јаз меѓу локалните и странските компании<br>• Рестриктивни бизнис-практики од страна на странските компании (на пример, трговија во рамките на компанијата, трансферните цени и враќањето на добивката) и во случај на неминовните даночни приходи (или високи субвенции) | Директни ефекти:<br>• Даночни приходи<br>• Производство на девизи<br>• Создавање можности за вработување<br><br>Индиректни ефекти:<br>• Ефектот на прелевање (spillover effect)<br>• Трансфер на технологија<br>• Менаџерски и маркетинг-вештини<br>• Проширување на инфраструктурните објекти |

Нето-ефектите се разликуваат од природата на СДИ (износ и форми на влез), мотивите за внатрешните трансакции, од владините политики на земјата-домаќин.

Теоретските и емпириските наоди не се конзистентни во поглед на мрежните ефекти на СДИ, особено во случајот на земјите во развој.

| *Економските мотиви, односно бенефициите за привлекување СДИ се:* | *Негативни последици* |
|---|---|
| - Создавање нови работни места<br>- Зголемување на износот на вложениот капитал во економијата<br>- Зголемување на приходите на буџетот на Владата<br>- Пристап до модерната технологија<br>- Пристап до современ менаџмент<br>- Стимулирање на домашните инвестиции<br>- Пристап до пазарите и зголемување на извозот<br>- Зголемување на квалификацијата на работната сила<br>- Поддршка на приватизацијата и реструктурирањето<br>- Подобрување на ефикасноста и на конкурентноста на локалните компании | - Ефект на истиснување: монополската моќ над пазарот стекната од МНК<br>- Негативно прелевање на труд<br>- Враќање на добивката: негативно влијае на платниот биланс<br>- Ефект на двојна економија<br>- Негативен ефект врз билансот на плаќање<br>- Еколошки прашања |

Меѓу економските причини за кои инвеститорите од Република Турција инвестираат во Република Македонија се даночните олеснувања, ниските трошоци за конкурентна работна сила, а дополнително, за инвестициите во ТИРЗ, се нудат шеми за државна помош во форма на регионалната државна помош.

#### 4.2.1.2. Директни ефекти

Во овој дел се анализираат економскиот раст, вработувањето, извозот, како и други директни ефекти од СДИ.

**Економскиот раст** прикажан со основниот индикатор – бруто-домашниот производ (БДП) [55] – го означува нивото на развој на севкупната економија и на животниот стандард во општеството. Доволно високата стапка на БДП значи дека општеството создава дополнителни економски ресурси кои, освен што ќе ги задоволат тековните економски

[55] Бруто-домашниот производ, како мерка за економската активност, е дефиниран како разлика помеѓу вредноста на произведените стоки и услуги и употребените производи и услуги за нивно создавање.

потреби, ќе овозможат инвестирање во иднината, како и решавање на социјалните проблеми.

Графикон 4.4 Директни инвестиции (ДИ) и БДП, во еур




Извор: Обработка од авторот според базата на податоци на НБРМ и на Министерство за финансии.

Резултатите од графиконот, каде што го утврдуваме влијанието на ДИ врз вкупниот износ на БДП, ја потврдија тезата за значајниот ефект на најголемите странски инвеститори. Позитивното влијание на вкупните СДИ врз БДП уште е потврдено и од регресивните анализи кои се дадени во следните поглавја.

***Вработување***

Во следниот дел се анализираат ефектите на СДИ врз **вработувањето** во Република Македонија. Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2016-тата година, активното население во Република Македонија брои 948.599 лица, од кои 723.550 се вработени, а 225.049 невработени. Стапката на невработеност изнесува 26,1% и понатаму останува висока, иако вкупниот тренд во последниве години е постојано во надолна линија. Намалувањето на нивото на невработеноста во различни сектори и на различни географски локации, останува еден од економските предизвици на земјата во 2016-тата година. Додека македонската работна сила е, генерално, висококвалификувана и добро образована, платите во земјата се значително пониски од оние во Западна Европа, создавајќи значаен главен

потенцијал за трудоинтензивните инвестиции. Просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен, во декември 2016 година, изнесува 34.374 денари (околу 560 евра), додека во декември 2006 година, изнесува 23.051 денари (околу 375 евра). Од друга страна, просечната месечна исплатена нето-плата по вработен, во декември 2016-тата година, изнесува 23.457 денари (околу 380 евра), додека во декември 2006-тата година, таа изнесува 13.854 денари (околу 225 евра).

Графикон 4.5 ДИ и вработување




Извор: Обработка од авторот според базата на податоци на НБРМ и Министерство за финансии.

СДИ имаат потенцијал да генерираат **вработувањ**а, и *директно*, оние кои се вработени од страна на компаниите кои инвестирале, и *индиректно*, оние кои работат во опслужувањето на овие компании. Исто така, се покажа дека кога граѓаните на земјата-домаќин се наоѓаат на менаџерски позиции, таму е поголема дифузијата на вештините кои го подобруваат квалитетот на работната сила.

Покрај тоа, локалните работници добиваат од зголеменото вработување, ако користената технологија е трудоинтензивна, што е спротивно на капитално-интензивната технологија која бара помалку работници.

Графикон 4.6 Стапка на вработеност на лицата на возраст од 24 до 60 години (%)




Извор: ДЗС, Одржлив развој 2017; Анкета за работна сила.

Од графиконот може да се извлечат следните заклучоци: стапката на вработеност сѐ уште не е на посакуваната стапка, за разлика од земјите во ЕУ. Од друга страна, во 2016-тата година, иако висока, продолжува да расте стапката на вработеност на лицата со терцијарно образование. Стапката на вработени со средно образование, која се смета за минимално ниво, неопходно за успешно вклучување во општествените текови, се зголеми за 0,3%. Најниска е стапката на вработеност на лицата што имаат завршено најмногу основно образование, 34,9%.

Според резултатите добиени од нашата анкета, направена во најголемите турски компании[56] – инвеститори во Република Македонија, СДИ имаат позитивно влијание врз вработеноста. Само во овие фирми се евидентирани околу 2500 вработени, но треба да се имаат предвид и другите вработени во другите турски фирми чиј број изгледа е повисок. Според истата анкета, е утврдено дека во овие поголеми инвестиции од Република Турција во рамки на вработеноста, според етничката распореденост, најмногу се ангажирани Македонци, а потоа, по ред: Турци, Бошњаци и Албанци. Исто така, во овие фирми најмногу се користи македонскиот јазик, а потоа турскиот и англискиот јазик.

Според некои истражувања, мултинационалните корпорации (МНК) можат да користат повисоки плати за привлекување на висококвалификувани локални работници и со тоа се

[56] *ТАВ, Халк банка, Суташ, Џевахир холдинг, Лимак холдинг, Рамсторе, Санте плус* и други.

планира да се обезбедат квалитетот и продуктивноста, на сметка на повисокиот трошок за надзор/контрола од странство преку својата централа. Исто така, странските директни инвестиции имаат потенцијал да ја зголемат просечната плата во фирмата-примач, а со тоа и да ја намалат сиромаштијата. Спротивно на тоа, постојат докази дека во некои земји, каде што СДИ генерира вработување, тоа може да биде во корист на високообразованите, богати и урбани елитни граѓани. Исто така, постојат обвинувања дека мултинационалните компании вработуваат и во нелојалната конкуренција, земајќи ги предвид предностите на ниските плати и стандарди на трудот во земјата-домаќин, а понекогаш и ги кршат човековите и работничките права, особено во земјите во развој, каде што владите не успеваат да спроведуваат ефикасно такви права.

Република Турција, преку Турската агенција за соработка и координација (ТИКА), во Република Македонија, реализира проекти поврзани со борбата против невработеноста, како и за зголемување на вработеноста со помош на професионалните обуки. Исто така, за подобрувањето на квалитетот и производството на ориз, за развојот на пчеларството, овоштарството, оранжериското градинарство, во Република Македонија, се реализирани многу проекти од страна на ТИКА.

***Извоз***

Извозно ориентираното производство на странските директни инвеститори треба значително да придонесе кон зголемувањето на вкупниот извоз. Во согласност со определени процени, 65% од целиот извоз за 2010 година е генериран од страна на странските инвеститори во Република Македонија (Министерство за економија, 2011).

Најефективниот начин да се зголеми извозот од Република Македонија, на среден до долг рок, несомнено би бил преку странските директни инвестиции. Во иднина, врз основа на договорот за слободна трговија, со ослободувањето од даноците и квотите на земјоделските производи и живи животни, освен за зголемување на обемот на трговијата, ќе се носат и нови директни инвестиции во овие сектори во Република Македонија.

Влезот на новите инвеститори ја намали важноста на традиционалниот извоз и, на тој начин, ги намали неговата концентрација како и севкупната ранливост на економијата. Понатамошното подобрување на извозот се очекува со засилувањето на СДИ, но и со диверзификацијата на нивната секторска дистрибуција. Исто така, производството на домашните компании има голема влијание врз економскиот раст, вработеноста и извозот. Во тој контекст, инвестициите на домашните компании имаат големо значење врз македонската економија.

***Ексимбанк кредити***

Во јуни 2013 година, од страна на експертскиот тим од „Турк Ексимбанк“ (*Turk Eximbank*), беше претставен кредитниот лимит за Република Македонија од 400 милиони УСД-долари. Кредитирањето има цел да го поддржи растот на извозот на Република Турција. „Ексимбанк“ (*Eximbank*) е формирана во 1987 година и претставува единствена 100% државна извозна осигурителна организација, со зацртана програма за краткорочно осигурување, кредитирање и гаранција.

Позитивно влијание се очекува и во **платниот биланс**. Се очекува странските директни инвестиции да доведат до зголемување на даночните приходи со кои владата може да го подобри социо-економскиот статус на граѓаните. За да биде можно тоа, исто така е важно дека даночниот систем во земјата-домаќин треба да биде атрактивен. Исто така, таа мора да има во употреба политики во кои е утврдено дека даночните приходи се навистина собрани и дека таквите приходи се користат за финансирање на програмите за намалување на сиромаштијата. СДИ, исто така, ќе ја поттикнат д**ржавната регулација** и позитивно ќе влијаат и врз **развојот на инфраструктурата.**

### 4.2.1.3. Регресиона и VAR-анализа на ефектите од СДИ врз економската активност

**Методологија**

Меѓусебните релации помеѓу одделните варијабли (променливи) може да се групираат во две групи на зависности: функционални и стохастички. Функционална (детерминистичка) зависност има тогаш кога вредноста на независната варијабла X детерминира одредена зависна променлива Y. Вредноста на стохастичкиот дел од регресијата се состои од низа варијабли кои влијаат врз зависната променлива Y, меѓутоа не се вклучени во моделот. Тие компоненти, кои не се опфатени во моделот, можат да имаат одредено влијание врз зависната варијабла и не смеат да бидат запоставени. Целта на **регресионата анализа** е да го одреди оној модел кој најдобро ја опишува врската помеѓу појавите и врз основа на тој модел, да се оценат и да се предвидат вредностите на зависната променлива за одредени вредности на независната (објаснувачката) променлива X. Во оваа насока се смета за корисно да биде прикажана генералната форма на регресионата анализа.

**Генерална форма на регресиона анализа**

**Y = Детерминистички дел + стохастички дел**

**Повеќекратен линеарен регресионен модел**

$Y_i = \beta_0 + \beta_1 x_i + \beta_2 x_i + \varepsilon_i \qquad i=1,2,\ldots,N$

$Y_i$= зависна променлива
$x_i$ i-та вредност на објаснувачката променлива
$\beta_0$ и $\beta_1$ претставуваат регресиони параметри: $\beta_0$ претставува коефициент на отсечок (слободен член), додека $\beta_1$ $\beta_2$ се коефициенти на наклон. $E_i$ претставува стохастички член или случајна грешка.

Вака поставениот регресионен модел ја опишува стохастичката зависност помеѓу набљудуваните променливи. Ваквиот модел претставува линеарен модел и во променливите и во параметрите, односно детерминистичкиот дел $\beta_0 + \beta_1 x_i + \beta_2 x_i$ е права линија.

Се смета за корисно во кратки црти да се елаборира економското значење како и толкувањето на регресионите коефициенти:

- Регресиониот параметар $\beta_0$ (коефициент на отсечок или слободен член) ја покажува вредноста на зависната променлива Y за нулта-вредност на објаснувачките променливи X. Може да се заклучи дека овај коефициент нема некое значајно економско толкување.
- Регресионите параметри $\beta_1$ и $\beta_2$ (коефициенти на наклон) ја покажуваат просечната промена во зависната променлива Y кога објаснувачката променлива X се менува за една своја единица, под претпоставка другите променливи да се менуваат ceteris paribus.

**Оценета регресиона равенка** :

$$y_i\hat{} = b_0 + b_1x_i + b_2x_i$$

Резидуал: $e_i = y_i - y_i\hat{} = y_i - (b_0 + b_1x_i + b_2x_i)$

***VAR (Vector Autoregressive Model)* –** Макроекономските временски серии во најголем број прикажуваат временска зависност, што е и случај со конкретниот пример. Со цел да се прикажат зависностите и да се овозможи анализа на динамичките односи меѓу променливите, се користи VAR-моделот. VAR-моделот претставува основа за анализа на ефектите од поединечните економски агрегати и политики, односно овој модел овозможува интеракција помеѓу теориската и емпириската зависност. Односно, VAR-моделот: „им дозволува на податоците слободно да говорат“.[57]

Во контекст на ова е прикажан основниот **VAR-модел** со две варијабли:

$$Y_{1t} = \beta_1 + \beta_2\, y_{1t-1} + \beta_3\, y_{2t-1} + u_{1t}$$

$$Y_{2t} = \beta_3 + \beta_4\, y_{t-1} + \beta_5\, y_{2t-1} + {}_{u1t}$$

**Спецификација на моделите и дискусија на резултатите**

[57] Juselius, Katarina (2007): The Cointegrated VAR Model – Methodology and Applications.

Со цел утврдување на влијанието и ефектите од СДИ врз клучните економски варијабли во македонската економија креиравме неколку едноставни модели (регресиони и VAR) коишто треба да ги дадат насоките и врските помеѓу овие клучни варијабли од интерес. Имајќи ја предвид и специфичноста на тематиката што ја обработуваме, којашто во еден дел се фокусира на СДИ од Република Турција, и покрај сите ограничувања, направен е и дополнителен напор за утврдување на ефектите кои ги имаат овие инвестиции врз определени варијабли од интерес за македонската економија. Главната цел на оваа анализа е најпрвин да се утврдат ефектите кои ги имаат СДИ (посредно и извозот) врз БДП како наједноставен репрезент на економската активност и на благосостојбата во државата. Понатаму, анализата настојува да ги утврди ефектите од СДИ од различни земји (меѓу кои и од Република Турција) врз БДП, со цел да ја утврди нивната сигнификантност врз економската активноста во земјата. За оваа анализа е користен економетрискиот софтвер *EViews*. Анализата вклучува годишни податоци од 2002-2015 год. Податоците за движењето на вкупните СДИ се наведени во апсолутни вредности, изразени во УСД ($), како и СДИ по одделни земји, а тие се земени од НБРМ. Исто така, и податоците за износот на извозот, во апсолутен износ, во УСД ($), се преземени од НБРМ. Годишните податоци за економската активност – БДП во регресионата анализа се во тековни цени во УСД ($), додека во VAR-моделот се вклучени како реални стапки на раст на БДП, преземени од Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Со цел да го утврдиме влијанието на СДИ врз извозот за една мала и отворена економија како Република Македонија, во продолжение правиме едноставна регресиона анализа во која како зависна варијабла е земен БДП, додека како независни варијабли (чиешто влијание го утврдуваме) е земен вкупниот износ на СДИ и извозот. На долната слика е прикажан резултатот за моделот во кој го анализираме влијанието на вкупните странски директни инвестиции (СДИ) во Република Македонија и вкупниот извоз врз движењето на бруто-домашниот производ (БДП) на Република Македонија:

Equation: EQ01 Workfile: SDI TURCIJA REGRESIONA ANALIZA::Unti...

View | Proc | Object | Print | Name | Freeze | Estimate | Forecast | Stats | Resids

Dependent Variable: LOG(BDP_CURRENT_USA$)
Method: Least Squares
Date: 11/28/17 Time: 22:21
Sample: 2002 2015
Included observations: 14

| Variable | Coefficient | Std. Error | t-Statistic | Prob. |
|---|---|---|---|---|
| C | 17.31210 | 0.183921 | 94.12781 | 0.0000 |
| LOG(SDI_VKUPNO_USA$) | 0.437507 | 0.079874 | 5.477433 | 0.0002 |
| LOG(IZVOZ_VOMKD_USA$) | 0.243712 | 0.079449 | 3.067544 | 0.0107 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| R-squared | 0.987874 | Mean dependent var | 22.80399 |
| Adjusted R-squared | 0.985669 | S.D. dependent var | 0.326379 |
| S.E. of regression | 0.039072 | Akaike info criterion | -3.459416 |
| Sum squared resid | 0.016793 | Schwarz criterion | -3.322475 |
| Log likelihood | 27.21591 | Hannan-Quinn criter. | -3.472092 |
| F-statistic | 448.0544 | Durbin-Watson stat | 2.367356 |
| Prob(F-statistic) | 0.000000 | | |

Врз основа на резултатот од *EViews* можеме да ги извадиме следните заклучоци:

- Ако ги погледнеме p – вредностите на одделните коефициенти, ќе кажеме дека сите коефициенти се значајни.
- Коефициентот на детерминација ($R^2$) изнесува 0,987874, што укажува дека високи 98,7874% од варијациите во логаритамот на бруто-домашниот производ се објаснети со варијациите во логаритмите на вкупните странски директни инвестиции и вкупниот извоз. Остатокот од 1,2126% од варијациите не се објаснети со овој модел, односно се должат на некои други фактори. Ова ја потврдува високата зависност на економијата на Македонија, пред сѐ, од нејзиниот извозен потенцијал, како и нејзината способност да привлече СДИ.
- p – вредноста на F-статистиката на оценетиот модел е 0,00 што укажува на тоа дека на ниво на значајност од 0,05; избраните објаснувачки променливи, истовремено имаат значајно влијание врз движењето на зависната променлива. Ова дополнително го потврдува влијанието на СДИ и извозот врз економската активност во државата, што во еден дел укажува во која насока треба да бидат дизајнирани идните политики во државата.

Со цел да ја вклучиме и компонентата, каде што ќе можеме да го утврдуваме влијанието на СДИ од одделните земји, врз движењето на вкупниот износ на СДИ и БДП, конструираме уште два регресиони модели. Следниот модел што ќе го анализираме, се однесува на влијанието на директните инвестиции на одделните земји – едни од најголемите странски инвеститори во земјата (Австрија, Грција, Словенија и Турција), врз вкупните СДИ во Република Македонија. Ова е со цел да го утврдиме влијанието на СДИ од посебните земји, врз вкупниот прилив на СДИ во земјава, за понатаму селектираните земји кои имаа најзначаен ефект да се вклучат во моделот кој ќе го утврдува нивниот ефект врз економската активност (БДП). Се разбира, ваквата анализа има сопствени ограничувања, меѓутоа нашата главна цел е ја утврдиме насоката на влијание на варијаблите од интерес, без притоа да даваме посебен акцент на интензитетот на тоа влијание по одделни земји. На долната слика е прикажан резултатот:

Equation: EQ02 Workfile: SDI TURCIJA REGRESIONA ANALIZA::Unti...

View | Proc | Object | Print | Name | Freeze | Estimate | Forecast | Stats | Resids

Dependent Variable: SDI_VKUPNO_USA$
Method: Least Squares
Date: 11/28/17 Time: 22:40
Sample: 2002 2015
Included observations: 14

| Variable | Coefficient | Std. Error | t-Statistic | Prob. |
|---|---|---|---|---|
| AVSTRIJASDI | 0.807149 | 0.384480 | 2.099325 | 0.0621 |
| GRCIJASDI | 4.633254 | 0.171089 | 27.08099 | 0.0000 |
| SLOVENIJASDI | 2.071621 | 0.374961 | 5.524903 | 0.0003 |
| TURCIJASDI | 4.461819 | 0.532348 | 8.381396 | 0.0000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| R-squared | 0.997038 | Mean dependent var | 3667.171 |
| Adjusted R-squared | 0.996150 | S.D. dependent var | 1406.052 |
| S.E. of regression | 87.24494 | Akaike info criterion | 12.01027 |
| Sum squared resid | 76116.79 | Schwarz criterion | 12.19286 |
| Log likelihood | -80.07191 | Hannan-Quinn criter. | 11.99337 |
| Durbin-Watson stat | 2.167047 | | |

Врз основа на резултатот од *EViews* можеме да ги извадиме следните заклучоци:

- Ако ги погледнеме p – вредностите на одделните коефициенти, ќе кажеме дека сите коефициенти, освен коефициентот пред променливата – СДИ од Австрија, се значајни. Ова е специфичен заклучок, имајќи го предвид износот на СДИ од

Австрија, меѓутоа моделот ги утврдува ефектот и зависноста во движењето на вкупните СДИ од движењето на СДИ во поединечните земји што најчесто се со различна динамика и тренд, односно може да има скоковит тренд на раст, по што стагнираат, што влијае на резултатите во моделот.

- Коефициентот на детерминација ($R^2$) изнесува 0,997038, што укажува дека 99,7038% од варијациите на вкупните СДИ се објаснети со варијациите на директните инвестиции од споменатите земји. Остатокот од 0,2962% од варијациите не се објаснети со овој модел, односно се должат на некои други фактори. Ова е логичен заклучок имајќи предвид дека во моделот се вклучени едни од најголемите странски инвеститори во земјата.

Како резултат на претходната анализа која го потврди значајното влијание на СДИ од одделниите земји врз вкупниот износ на СДИ, во последниот регресионен модел го испитуваме влијанието на директните инвестиции на селектираните земји (Грција, Словенија и Турција) врз БДП на Република Македонија. Поради резултатите од определените тестови за претпоставките (како што мултиколинеарност) во моделот, дел од земјите се исклучени (како што се Бугарија, Австрија, Германија), меѓутоа СДИ од Република Турција се вклучени со цел да се утврди нивното влијание/сигнификантноста. На долната слика е прикажан резултатот:

Equation: EQ03 Workfile: SDI TURCIJA REGRESIONA ANALIZA::Unti...

View | Proc | Object | Print | Name | Freeze | Estimate | Forecast | Stats | Resids

Dependent Variable: BDP_CURRENT_USA$
Method: Least Squares
Date: 11/28/17 Time: 22:41
Sample: 2002 2015
Included observations: 14

| Variable | Coefficient | Std. Error | t-Statistic | Prob. |
|---|---|---|---|---|
| C | 1.85E+09 | 6.61E+08 | 2.795711 | 0.0189 |
| GRCIJASDI | 9461141. | 2156948. | 4.386356 | 0.0014 |
| SLOVENIJASDI | 3354170. | 1857690. | 1.805559 | 0.1011 |
| TURCIJASDI | 8588810. | 2515610. | 3.414206 | 0.0066 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| R-squared | 0.961469 | Mean dependent var | 8.38E+09 |
| Adjusted R-squared | 0.949910 | S.D. dependent var | 2.37E+09 |
| S.E. of regression | 5.31E+08 | Akaike info criterion | 43.25509 |
| Sum squared resid | 2.82E+18 | Schwarz criterion | 43.43768 |
| Log likelihood | -298.7857 | Hannan-Quinn criter. | 43.23819 |
| F-statistic | 83.17710 | Durbin-Watson stat | 2.430704 |
| Prob(F-statistic) | 0.000000 | | |

Врз основа на резултатот од *EViews* можеме да ги извадиме следните заклучоци:

Ако ги погледнеме p – вредностите на одделните коефициенти, ќе кажеме дека сите коефициенти, освен коефициентот пред променливата – СДИ од Словенија, се значајни. Коефициентот на детерминација ($R^2$) изнесува 0,961469, што укажува дека 96,1469% од варијациите на БДП се објаснети со варијациите на директните инвестиции од споменатите земји. Остатокот од 3,8531% од варијациите не се објаснети со овој модел, односно се должат на некои други фактори. Р – вредноста на F-статистиката на оценетиот модел, е 0,00 што укажува на тоа дека е на ниво на значајност од 0,05. Избраните објаснувачки променливи, истовремено имаат значајно влијание врз движењето на зависната променлива.

Со цел да направиме дополнителна анализа во насока на потврдување на нашите претходни тези дека СДИ како и извозот имаа значаен ефект и се една од главните детерминанти на економската активност (БДП) во Република Македонија како мала и отворена економија, во продолжение ги прикажуваме резултатите од VAR- анализата, која, главно, ги содржи претходно дефинираните варијабли.

Vector Autoregression Estimates
Date: 11/28/17   Time: 22:47
Sample (adjusted): 4 16
Included observations: 13 after adjustments
Standard errors in ( ) & t-statistics in [ ]

| | VKUPNISDI | IZVOZ | BDP |
|---|---|---|---|
| VKUPNISDI(-1) | 0.086001 | 0.012520 | 0.006725 |
| | (0.34919) | (0.01824) | (0.00335) |
| | [ 0.24629] | [ 0.68633] | [ 2.00526] |
| IZVOZ(-1) | 1.355216 | 0.326299 | 0.002317 |
| | (6.15191) | (0.32138) | (0.05908) |
| | [ 0.22029] | [ 1.01532] | [ 0.03921] |
| BDP(-1) | 1.060467 | -3.198260 | 0.017205 |
| | (33.2933) | (1.73924) | (0.31975) |
| | [ 0.03185] | [-1.83888] | [ 0.05381] |
| C | 295.4450 | 12.46456 | 1.177175 |
| | (124.926) | (6.52613) | (1.19979) |
| | [ 2.36496] | [ 1.90995] | [ 0.98115] |




Имајќи го предвид претходнокажаното во првиот VAR- модел, како што покажуваат сликата и графиконот погоре, ги вклучуваме варијаблите за вкупните СДИ, извозот и БДП. Подредувањето на варијаблите, имајќи предвид дека ја користиме поедноставната рекурзивна VAR-верзија, е презентирана на следниот начин – најпрвин претпоставуваме дека износот/шокот на СДИ има значајни ефекти за извозот (како што покажуваат и податоците за македонската економија), по што позитивните ефекти од извозот, имајќи ја предвид детерминираноста на македонскиот БДП од надворешно-трговската размена, понатаму има значајни ефекти за БДП. Резултатите од рекурзивниот VAR-модел го покажуваа силниот ефект во првите 2-3 квартали од зголемувањето/шокот во СДИ (од една стандардна девијација) врз БДП, што го потврдува значењето на СДИ за економската активност и благосостојбата во државата, додека, исто така, и ефектот (иако значајно поблаг) од зголемувањето на извозот е позитивен за економската активност.

| | TURCIJASDI | VKUPNISDI | BDP |
|---|---|---|---|
| TURCIJASDI(-1) | 1.003023 | 3.999015 | -0.011134 |
| | (0.58454) | (2.77385) | (0.03749) |
| | [ 1.71593] | [ 1.44168] | [-0.29698] |
| TURCIJASDI(-2) | -0.066745 | -3.346081 | 0.011136 |
| | (0.57186) | (2.71371) | (0.03668) |
| | [-0.11671] | [-1.23303] | [ 0.30360] |
| VKUPNISDI(-1) | 0.051132 | 0.162210 | 0.005888 |
| | (0.06478) | (0.30739) | (0.00415) |
| | [ 0.78935] | [ 0.52769] | [ 1.41715] |
| VKUPNISDI(-2) | 0.027044 | -1.208569 | -0.004507 |
| | (0.10621) | (0.50400) | (0.00681) |
| | [ 0.25463] | [-2.39797] | [-0.66160] |
| BDP(-1) | -3.927682 | 72.10800 | 0.255695 |
| | (8.89372) | (42.2042) | (0.57044) |
| | [-0.44162] | [ 1.70855] | [ 0.44824] |
| BDP(-2) | -5.605014 | 73.00544 | 0.003618 |
| | (6.02948) | (28.6123) | (0.38673) |
| | [-0.92960] | [ 2.55154] | [ 0.00935] |
| C | 27.74736 | 81.67152 | 2.292186 |
| | (41.8356) | (198.526) | (2.68330) |
| | [ 0.66325] | [ 0.41139] | [ 0.85424] |




Иако износот на СДИ од Република Турција е само еден помал дел од СДИ во Република Македонија, имајќи го предвид фокусот на нашата докторска дисертација, сепак направивме и обид да го утврдиме влијанието на СДИ од Република Турција, по што нив ги вклучуваме во нашиот втор VAR-модел. Мора да појасниме дека во овој случај сме свесни за ограничувањата кои ги има ваквиот модел и дека неговата објаснувачка моќ е скромна, меѓутоа сепак сакавме да направиме еден тест и со оваа економетриска алатка да го видиме влијанието на СДИ од Република Турција како и вкупните СДИ. Резултатот од моделот уште еднаш го потврди силниот ефект од вкупниот износ на СДИ за економската активност, додека директните ефекти од СДИ од Република Турција во овој модел се незначајни. Ова, сепак, не значи дека не постојат позитивни ефекти од СДИ од Република Турција (кои беа потврдени со регресионата анализа), уште повеќе што структурата на СДИ континуирано се менува и СДИ од Република Турција сè повеќе заземаат значајно место во таа структура.

#### 4.2.1.4. Индиректни ефекти

Може да се набројат и следните индиректни ефекти:

**Повратно поврзување со локалните фирми**: Домашните фирми можат да имаат огромна корист од приливот на СДИ. Ова често произлегува од нивната соработка за снабдување и преку вклучување на подизведувачките договори со фирмите со странска

сопственост. Тие, исто така, може да имаат пристап до трансферот на знаење, кога се ангажираат работници со искуство во странските фирми и преку конкурс. Заедничката сопственост е уште една авенија преку која локалните фирми може да имаат корист од СДИ. Сепак, странските директни инвестиции, исто така, може да ги истиснат локалните фирми.

**Животната средина:** Можно е странските инвестиции да ги намалат проблемите со животната средина, а со тоа да придонесат за одржлив развој во земјата-домаќин. Ова често резултира од достапноста на современата и еколошко-пријателската технологија во МНК. Непосредната заедница-домаќин на проектите на СДИ, исто така, може да има корист од некои активности од корпоративната општествена одговорност на МНК. Сепак, значителни СДИ се наоѓаат во екстрактивните индустрии и ова има значително влијание врз животната средина. Според тоа, се покажа дека постои можност од појавата на МНК, да се преселат во земјите каде што прописите за животната средина се лабави или непостојни.

**Корпоративна општествена одговорност:** Во транзициониот период на Република Македонија речиси неспоменуван е поимот на корпоративна општествена одговорност, кој во денешно време го зазема своето значајно место и се смета за основен предуслов за создавање атрактивна инвестициска клима. Странските компании, со користење нови технологии имаат и спиловер-ефект и на домашните компании.

Од друга страна, турските компании, освен во други гранки во општествениот живот, придонесуваат и во развојот на културата, спортот и друго. Неколку примери може да се набројат, како на пример, „Лимак“ – Скопје е спонзор на Македонската кошаркарска федерација, „Џевахир холдинг“ е спонзор на кошаркарскиот клуб „МЗТ“, „Халкбанк“ е спонзор на Балканската одбојкарска асоцијација, „D’S damat“ е спонзор на Фудбалската федерација на Македонија.

### 4.2.2. Неекономски причини за СДИ

Важни економисти, кои го посочија постоењето на економските и на неекономските фактори, се А. Маршал, по по кого што следат Г. Мирдал и А. Сен.[58]

---

[58] Hodgson, G.: *Economics of Institutions*: *A Manifesto for a Modern Institutional Economics*, Polity Press, ISBN 9780745602776, Cambridge, 1988.

Додека земјиштето, трудот и капиталот, се главните агенти за економскиот раст, во поглед на повеќемина економисти, пропорционално со структурата на производството и нивото на економскиот напредок, оттогаш често се додаваат и други фактори. Алфред Маршал, во 1895-тата година, изјавил: *Агентите за производство обично се класифицираат како земја, труд и капитал*. Маршал потоа додал дека: *Капиталот се состои во голем дел од знаењето и организацијата* (Маршал, 1895, 214). Исто така, Мирдал ќе го потенцира следното: *Неекономските фактори, пошироките ставови, институциите и последиците од продуктивноста на многу ниските нивоа на живеење, се од толку важно значење во недоволно развиените земји што не можат да се апстрахираат во економската теорија и во планирањето.* Во продолжение, Сен ќе укаже на неекономските фактори, потенцирајќи дека *нема национален и меѓународен економски и социјален развој и меѓународен мир и безбедност – без демократија и човекови права*.[59]

Некои од главните неекономските фактори, со значително влијание врз економскиот раст и социјален развој, се: културата, религијата, улогата на семејството, класата, традицијата, улогата на поединецот, социјалната и политичката зависност, улогата на владата, јазикот како ресурс на човечкиот капитал, корупцијата, фактори кои припаѓаат на социјалната патологија.

Некои други варијабли се користат, исто така, во современите економски емпириски истражувања, како што се: демократијата, владеењето на правото, државниот удел на трошење во економијата, правните структури, колонијалните земји, индексот на економска слобода.

Веќе Д. Хјум го става човечкото практично искуство во центарот на неговите размислувања, неговите релативност и ограничувања, воведува психолошки, културни и историски фактори, кои ги формираат човекот и неговата околина.[60] Од тој контекст, социјалната конструкција има силни реперкусии врз економијата.

---

[59] Letunic, S & Dragicevic, M (2014): *Importance of Non-Economic Factors for Economics*, Chapter 11 in DAAAM International Scientific Book 2014, pp.145-152, B. Katalinic (Ed.), Published by DAAAM International, Vienna, Austria.
[60] Hume, D. (2004), *Political Discourses*, Politicka kultura, ISBN 953-6213-80-X, Zagreb.

Освен политичките и економските односи, помеѓу Република Македонија и Република Турција постојат длабоки историски врски од кои произлегуваат и заеднички интереси од аспект на културата, историјата, образованието, науката, одбраната, здравството, туризмот и други сфери.

СДИ, исто така, може да се користат како алатка на надворешната политика, за да се придобие некој за сојузник. Од тој аспект, во нашиот случај, може да се укаже на важноста и влијанието на СДИ за продлабочување на односите на Република Македонија со Република Турција како земја со мека сила (soft power) во регионот. Исто така, ова особено ќе придонесува за зајакнување и продлабочување на односите во културата и во другите неекономски сфери.

#### 4.2.2.1. Препознавање на заедничките економски и културни вредности и традиции

Република Турција е втората држава што ја призна независноста на Република Македонија, на 6 февруари 1992 година, односно првата, што ѝ призна, немајќи никаква задршка во однос на идентитетот и јазикот. Истата година, на 26 август, беа воспоставени и дипломатските односи, со потпишувањето на Протоколот меѓу двете земји, во Лондон.

Комуникацијата и соработката меѓу двете земји е интензивна и активна на сите нивоа, согласно со „Стратегијата за зајакнување на билатералните односи меѓу Република Македонија и Република Турција“, од 2008 година. Договорната состојба ги покрива речиси сите полиња на заеднички интерес. Република Македонија со Република Турција има потпишано 35 меѓународни договори, 49 меѓународни документи, еден договор преземен преку сукцесија, а во фаза на постапка се 15 договори.

Соработката е итензивна и во следните области: културата, историјата, образованието, науката, одбраната, здравството, туризмот и други. Република Турција преку Турската агенција за соработка и координација (ТИКА) во Република Македонија, реализираше 600 проекти, со вредност од 32 милиони евра.

Во областа на **културата**, соработката е интензивна. На 21.12.2012 година беше потпишан Договорот меѓу министерствата за култура на Република Македонија и на Република Турција, за основање и за активностите на културните центри во двете земји. На 18.1.2014 година беше поставен камен-темелникот на Турскиот театар во Скопје, а беа

отворени и Воената идадија и Спомен-собата на Мустафа Кемал Ататурк во Битола, чија реконструкција беше поддржана од Министерството за култура на Република Македонија и од Канцеларијата на Турската агенција за соработка и координација (ТИКА) во Македонија, која е отворена во 2006 година. Двете земји имаат потпишано Меморандум за конзервација и реконструкција на споменици од османлискиот период, меѓу кои Мустафа-пашината џамија, Султан Мурад-џамијата и Саат-кулата, Камениот мост, Куршумли-ан, реставрацијата на теќето Арабати баба во Тетово и други објекти во Тетово и во Битола. Финализирана е Спомен-куќата на родителите на Ататурк.

Во Скопје, во 2010-тата година, беше отворен „Јунус Емре“ – Турскиот културен центар, во однос на воспоставување реципрочни културни центри меѓу Република Македонија и Република Турција, потпишан во Истанбул, на 21.12.2012 година.

Според анкетата, направена во период од 15 ноември – 1 декември 2013 година, од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка и со учество на граѓаните на Република Македонија, резултатите од гласањето со наслов „Глобалното лидерство и соседните земји“, со 16%-стапка, Република Турција е *најпосакувана* според „повеќемина, пријателска земја“. Исто така, на анкетата *Најдобри сојузници на Македонија*, со стапка од 14,6% од гласовите, повторно Република Турција има преземено прво место.

Турските *телевизиски серии, филмови* и канали за емитување, станаа сè попопуларни во Република Македонија. Ова, исто така, има влијание врз креирањето на љубопитност, но исто така, претставува и туристички потенцијал за двете земји. Во последните години, сè поголем број луѓе од Република Македонија ја посетуваат Република Турција, учат турски јазик и се стремат кон турскиот животен стил. Културните и историските вредности меѓу двете земји имаат длабоки корени и како што е претходно искажано има многу добра и интензивна соработка во областа на културата.

Истотака, **историјата, јазикот, образованието** и **религијата** имаат значително влијание. Меѓу двете земји има заедничка историја, се користи турскиот јазик, има турски училишта и универзитети кои образуваат млади луѓе и идните елити во земјата.

**Политичка зависност**. Според Министерството за надворешни работи на Република Македонија; Република Турција е еден од најгласните поддржувачи на Република Македонија на полето на евроатлантските и европските интеграции. Особено е силна

поддршката за членство на Република Македонија во НАТО, како и заложбата за меѓународна промоција на користењето на нашето уставно име (Република Турција беше единствената земја во регионот што писмено, преку соопштение на Министерството за надворешни работи, ја поздрави Пресудата на Меѓународниот суд на правдата).[61]

**Безбедност.** Армијата на Република Турција по вкупна моќ и број на персонал (674.000, 2014 година) е на 8. најголема во светот и втора најголема воена сила во НАТО- структурите. До 2015-тата година, во рамките на разни програми за воена помош, Република Турција на Република Македонија ѝ донираше воени средства и опрема, во вредност од над 20 милиони САД-долари. Исто така, помеѓу двете армији се организирани и различни заеднички воени вежби и обуки. Исто така, на високо ниво е соработката помеѓу службите за безбедност и разузнување на двете држави.

Република Македонија и Република Турција, во областа на одбраната, соработуваат од 1994 година. Досега, во воените училишта во Турција, на школување и стручно усовршување биле испратени околу 700 припадници на Армијата на Република Македонија.

Во последно време има зголемен интерес за *изучување на турскиот јазик* помеѓу членовите на безбедносните сили на Република Македонија. Министерството за внатрешни работи испраќа свои идни кадри на студии во Анкара („Емнијет колеџи“). Овие студии се финансираат и обврзуваат враќање во земјата за исполнување на обврските со гарантирани работни места.

Земјите соработуваат и на регионално ниво, како што е процесот за соработка во Југоисточна Европа. Турските безбедносни сили и со различни меѓународни програми и мисии (ОБСЕ и др.) се присутни во нашата држава.

Во последната декада, во производството на *воена опрема и оружје*, забележителна е развиеноста на Република Турција. Во наредниот период, особено во областа на трговијата, на овие воени производи треба да им се посвети повеќе внимание, како и разгледување на можноста за соработка на заеднички проекти.

Во областа на **здравството**, исто така, соработката е интензивна. Исто така, мора да се напомене дека преку ТИКА, во Република Македонија е изграден и опремен со најмодерна

---

[61] МНР, http://mfa.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=241&Itemid=396&lang=mk.

опрема Ургентниот центар на државната болница во Скопје со кој се подобрува капацитетот на итната медицинска помош. Исто така, се модернизира и детската клиника.

**Конвертибилна валута** – турска лира: Во согласност со „Упатството за изменување и дополнување на начинот на вршење на платниот промет со странство“, објавено во „Службен весник на РМ“, бр. 96, од 25.6.2014 година, почнувајќи од 1.7.2014 година, турската лира (TRY-949) е воведена како конвертибилна валута на курсната листа на НБРМ.

Според индексот на економски слободи (што се одразуваат во четири категории – владеење на правото, интегритет на државата, регулаторна ефикасност и отвореност кон пазари) на фондацијата „Херитиџ“, Република Македонија е рангирана на 31-во место, додека Република Турција е рангирана на 60-тата позиција.

#### 4.2.2.2. Етничките малцинства како мост за подобрувањето на економската размена

Од 1945-тата до 2001-та година, Турците во Република Македонија се признаени како малцинства или како „националност“. Според пописот од 2002 година. Се бројат околу 3,85% од населението во Република Македонија (77,959) и се рангирани на третото место, по Македонците и Албанците. Со Охридскиот рамковен договор, направен во согласност со уставните промени, тие се трет по големина „народ“. За Турците, кои ја сметаат Република Турција за татковина, донесено е право на „правична застапеност“, на ниво на централна и локална самоуправа. Според последните локални избори, во две општини, градоначалниците се со турско потекло, и во пет општини, турскиот јазик е назначен како официјален јазик.

**Турската националност** во Република Македонија и **иселените** од Република Македонија во Република Турција уште повеќе ги зацврстуваат пријателските односи меѓу двете земји.

**Семејните и личните врски** имаат голем придонес во подбрувањето на економските односи помеѓу двете земји**.** Незанемарлив број успешни турски индустријалци од Измир, Бурса, регионот на Тракија, како и пошироко, од Егејскиот и Мраморниот регион на Турција, имаат семејни истории, вкоренети во Република Македонија. Додека некои од овие деловни луѓе веќе имаат инвестирано во Република Македонија и во однос на бизнис и општествената одговорност, поголемиот дел наскоро треба да го сторат тоа.

**Турските универзитети во Република Македонија** и **алумни-студентите од универзитетите од Република Турција,** овозможуваат компатибилни човечки ресурси кои зборуваат турскиот јазик, ги познаваат управувачките структури на турските фирми и ги познаваат двата пазари. Во тој контекст, турските универзитети имаат позитивно влијание врз турските инвестиции, и затоа линкот помеѓу инвеститорите и универзитетите и здруженијата мора да биде добро воспоставен.

Република Македонија е мала пазарна економија во која конкуренцијата не е намалена, речиси сите економски актери се познаваат, културата на водење бизнис е слична на онаа во Република Турција и можно е да се најдат вработени кои го соовладуваат турскиот јазик. Како резултат на тоа, инвестирањето во Република Македонија, како прво покровителство на фирмата, надвор од турските граници, се чини дека е нискобуџетно, нискоризично и високонаградно за едно претпријатие.

Република Турција, преку својата амбасада и трговскиот конзулат, мора внимателно да ги следи и да интервенира за посетите во Република Македонија кои се претставуваат како големи потенцијални инвеститори, а кои никогаш немаат повратна активност, независно дали тоа се индивидуалци или делегации, за да се сочува **имиџ**от што, во последната декада, значително е подобрен од аспект на квалитет на услугите и производите. Република Турција е многу видлива во македонската економија, како успешен случај на трансформација, како регионална велесила, туристичка дестинација, извор на инвестиции и како наследник на важно историско наследство во земјата.

# 5. ЗАКЛУЧОК

## 5.1. Генерални ефекти од турските инвестиции во Република Македонија

Комуникацијата и соработката меѓу Република Македонија и Република Турција е интензивна и активна на сите нивоа. Со добрите политички односи се реализираат и добри економски односи. Предводени со добрите политички односи, правната рамка за економски односи меѓу двете држави е прилично добро воспоставена, но подобрувањето на

резултатите во економската сфера, во однос на политичката сфера, заостанува и одзема поголем временски период. Гледано од асиметричен аспект, низ договорите и резултатите со други земји, се забележува дека со Република Турција има небалансиран економски однос кој во последните години се подобрува со многу побрза динамика.

Турските инвестиции имаат позитивно влијание врз економскиот раст, вработеноста и врз извозот. Исто така, тие имаат позитивно влијание како директно така и индиректно. Турските инвестиции носат и нови технологии, а исто така, тие имаат и спиловер-ефекти врз локалните компании.

Во наредниот период, следните анализи треба да добијат одговор. Колку брзо ќе има одговор толку побрзо ќе има зголемен ефект и раст на СДИ од Република Турција. Прашањата што чекаат брз одговор се следни: како македонската економија може да стане граница за производство на Турција за пазарот на ЕУ? Како турските фирми можат да ги надминат инвестициите во Република Македонија и да станат клучни актери во средните и високотехнолошките вредносни синџири? Како македонската економија може да оди подалеку од извозот на примарни производи во Република Турција? Во кои сектори можат да соработуваат турскиот и македонскиот приватен сектор, за заедничко насочување на трети пазари?

Со цел да се утврдат влијанието и ефектите од СДИ врз клучните економски варијабли во македонската економија, креиравме неколку едноставни модели (***регресиони и VAR***) коишто треба да ги дадат насоките и врските помеѓу овие клучни варијабли од интерес. Имајќи ја предвид и специфичноста на тематиката што ја обработуваме, којашто, во еден дел, се фокусира на СДИ од Република Турција, и покрај сите ограничувања, направен е и дополнителен напор за утврдување на ефектите што ги имаат овие инвестиции врз определени варијабли од интерес за македонската економија. Главна цел на оваа анализа претставуваше, најпрвин да се утврдат ефектите што ги имаат СДИ (посредно и извозот) врз БДП, како наједноставен репрезент на економската активност и на благосостојбата во државата. Понатаму, анализата настојува да ги утврди ефектите од СДИ од различни земји (меѓу кои и од Република Турција) врз БДП, со цел да ја утврди нивната сигнификантност врз економската активност во земјата. За оваа анализа е користен економетрискиот софтвер *EViews*. Анализата вклучува годишни податоци од 2002 – 2015 год.

Со цел да го утврдиме влијанието на СДИ врз извозот за една мала и отворена економија каква што е Република Македонија, во продолжение правиме едноставна регресиона анализа, во којашто како зависна варијабла е земен БДП, додека како независни варијабли (чиешто влијание го утврдуваме) се земени вкупниот износ на СДИ и извозот. Резултатот од **регресионата анализа** во кој го анализираме влијанието на вкупните странски директни инвестиции (СДИ) во Република Македонија и вкупниот извоз врз движењето на бруто-домашниот производ (БДП) на Република Македонија, покажа дека сите коефициенти се значајни и дека избраните објаснувачки променливи, истовремено имаат значајно влијание врз движењето на зависната променлива (БДП); дека дури 98,7874% од варијациите во логаритамот на бруто-домашниот производ се објаснети со варијациите во логаритмите на вкупните странски директни инвестиции и вкупниот извоз и дополнително го потврдува влијанието на СДИ и извозот врз економската активност во државата, што во еден дел укажува во која насока треба да бидат дизајнирани идните политики во државата. Резултатите од дополнителните регресиони анализи, каде што го утврдуваме влијанието на СДИ од одделните земји врз движењето на вкупниот износ на СДИ и БДП, ја потврдија тезата за значајниот ефект на најголемите странски инвеститори врз БДП, извозот и вкупните СДИ, меѓутоа, исто така, го потврдија и позитивниот ефект од СДИ од Република Турција врз економската активност во Република Македонија. Креираните **VAR-модели**, во насока на потврдување на нашите претходни тези дека СДИ како и извозот имаа значаен ефект и се една од главните детерминанти на економската активност (БДП) во Република Македонија како мала и отворена економија, го покажаа силниот ефект во првите 2-3 квартали од зголемувањето/шокот во СДИ (од една стандардна девијација) врз БДП, што го потврдува значењето на СДИ за економската активност и за благосостојбата во државата, додека, исто така, и ефектот (иако значајно поблаг) од зголемувањето на извозот е позитивен за економската активност.

## 5.2. Можности и препораки за поефективно партнерство

Во наредниот период, во Република Македонија, посебен третман во стимулирањето треба да имаат **металургијата, градежништвото, преработувачката и одредени услужни**

